Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет
Институт за безбедност, одбрана и мир

# Геополитичка и безбедносна анализа на радикалниот ислам на Балканот

- Магистерски труд -

Ментор:

проф. д-р Тони Милески

Кандидат:

Пецо Трајкоски

Скопје, 2018

Ментор:

проф. д-р Тони Милески
редовен професор на Факултетот за безбедност, одбрана и мир – Скопје
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“

Членови на комисија:

проф. д-р Митко Котовчевски
редовен професор на Факултетот за безбедност, одбрана и мир – Скопје
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“

проф. д-р Лидија Георгиева
редовен професор на Факултетот за безбедност, одбрана и мир – Скопје
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“

Датум на одбраната: ____________________ година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................ 7

Формулирање на проблемот на истражување ........................................................ 8

Цели и задачи на истражувањето ........................................................ 13

Општа научна цел ........................................................ 13

Основна хипотетичка рамка ........................................................ 14

Теоретско и операционално одредување на поимите во истражувањето 16

Методи и техники на истражувањето ........................................................ 19

ГЛАВА I БАЛКАНОТ КАКО ГЕОПОЛИТИЧКИ ЕЛЕМЕНТ ........................................................ 21

1.1 Географско определување ........................................................ 21

1.2 Историски осврт ........................................................ 25

1.2.1 Османлиското запоседнување на Балканот ........................................................ 25

ГЛАВА II ИСЛАМОТ НА БАЛКАНОТ ........................................................ 28

2.1 Исламот на Балканот ........................................................ 28

2.2 Постотоманскиот период и муслиманите ........................................................ 31

2.3 Муслиманите на Балканот денес ........................................................ 32

ГЛАВА III ИСЛАМСКИ РАДИКАЛИЗАМ ........................................................ 34

3.1 Исламски радикализам ........................................................ 34

3.2 Извори на фундаменталистички движења на современиот ислам.... 36

3.3 Категории на исламски фундаментализам ........................................ 42

3.3.1 Џихад ........................................................................................ 44

3.3.2 Шеријат ...................................................................................... 45

3.3.3 Дар Ал-Ислам и Дар Ал-Харб ....................................................... 46

3.3.4 Калифат ...................................................................................... 49

3.3.5 Такфир (takfir) ............................................................................ 50

3.4 Салафизам и вахабизам ................................................................. 51

3.4.1 Салафизам ................................................................................. 51

3.4.2 Вахабизам .................................................................................. 54

ГЛАВА IV ГЕОПОЛИТИЧКИ ТРЕНДОВИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВИВАЊЕ НА ЗАКАНАТА ОД ИСЛАМСКИОТ РАДИКАЛИЗАМ НА БАЛКАНОТ .............. 56

4.1 Распаѓањето на Југославија во серија крвави конфликти .................. 59

4.1.1 Босна .......................................................................................... 60

4.1.2 Косово ......................................................................................... 64

4.1.3 Конфликтот во Македонија во 2001 ................................................ 66

4.2 Присуството на вахбизмот и салафизмот на Балканот ...................... 68

4.2.1 Босна .......................................................................................... 68

4.2.2 Албанија ..................................................................................... 70

4.2.3 Косово ......................................................................................... 73

4.3.4 Црна Гора .................................................................................... 74

4.3.5 Македонија .................................................................................. 75

4.3.6 Бугарија ...................................................................................... 77

4.3.7 Србија ........................................ 78

4.3 Социо-економската состојба и слабите државни апарати во земјите на Балканот ........................................ 79

4.3.1 Феноменот на слабите држави на Балканот како извор на небезбедност ........................................ 81

4.3.2 Социо-економската состојба на земјите од Балканот ........................................ 83

4.4 Организираниот криминал ........................................ 85

4.5 Судирите на Блискиот Исток ........................................ 90

4.5.1 Бегалската криза и балканската рута ........................................ 92

4.6 Недржавни (вооружени) актери на Балканот ........................................ 94

4.6.1 Ненасилни недржавни исламски радикални актери на Балканот ........................................ 95

Исламска држава (ИСИС) ........................................ 104

4.7 Регрутирањето на борци од балканските земји ........................................ 105

4.7.1 Привлечноста на ИСИС ........................................ 105

4.7.2 Странски борци од Балканот ........................................ 106

4.8 Турција во соседството ........................................ 108

ГЛАВА V ........................................ 111

АНАЛИЗА НА ЗАКАНАТА И ИМПЛИКАЦИИТЕ ПО БЕЗБЕДНОСТА И СТАБИЛНОСТА НА БАЛКАНОТ И ЕВРОПА ........................................ 111

5.1 Заканата која радикалниот ислам ја претставува за регионот на Балканот ........................................ 113

5.1.1 Проширувањето на присуството на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до верски судири помеѓу муслиманите на Балканот ... 113

5.1.2 Проширувањето на влијанието на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до поларизација и судири помеѓу муслиманите и другите религиозни групи на Балканот и поттикнување/оживување на етнорелигиски конфликти ... 114

5.1.3 Зголемување на можноста од терористички напади на цели на Балканот ... 116

5.2 Заканата која радикалниот ислам ја претставува за Европа ... 117

5.2.1 Балканот ќе претставува извор на небезбедност на самите граници на Европа ... 117

5.2.2 Балканот ќе биде искористен од радикалните исламистички групи за лансирање на терористички напади во срцето на Европа ... 118

ЗАКЛУЧОК ... 120

Библиографија ... 127

Линкови ... 133

Листа на слики и прикази ... 135

# ВОВЕД

Балканот како геополитички ентитет своето постоење го должи на турбулентиот судир меѓу Западот, т.е. Европа од една страна и Отоманската Империја и нешто подоцна фрагментираниот Блиски Исток од друга страна. Во западниот политички дискурс, Балканот е синоним за еден простор на нестабилност, нетолеранција, постојани судири и политички преврати. Во тој контекст, исламот како остаток од отоманското запоседнување на овој простор е неразделен дел од историското наследство.

За време на отоманското владеење, ширењето на исламот на Балканот добива голем замав, пред сѐ поради масовното преминување во ислам на босанските богомили во раните денови на отоманското владеење, а подоцна постепено поради подобрата правна и општествена положба која муслиманите ја уживале и најразличните економски можности кои им се нуделе. Уште повеќе, отоманската власт поради самата природа на империјата која се протегала на три континенти, религиозната припадност ја гледала како главна дистинкција во односите помеѓу заедниците во империјата, а етничките и јазичните разлики имале второстепено значење. Ваквите околности воделе кон создавање на еден посебен идентитет базиран на религиозна припадност.

По распадот на Отоманската Империја на почетокот на XX век доаѓа до слабеење на исламот на Балканот. Тоа е резултат на издигнување на националниот идентитет базиран врз јазикот и етничката припадност, но и третирањето на муслиманите како остаток од едно несакано историско наследство. Уште повеќе, по крајот на Студената војна, муслиманите на Балканот живееја во општества кои имаа долга и тешка транзиција кон демократија што подразбира и голем степен на економска исклученост, недоволна интеграција во општествените текови и нарушување на човековите права, и скоро постојано вклучување на муслиманите во социјалните конфликти поради нивната различна култура. Обично маргинализираниот социјален и економски статус на муслиманите во Балканските земји и нивното

отстапувачко демографско однесување во споредба со соседните етнички групи е спрегата на проширување на јазот меѓу нив и мнозинските групи во овие општества.

Денес, балканската муслиманска популација живее во 10 држави и брои околу 10 милиони луѓе. Така најголемите исламски заедници се наоѓаат во Албанија и Косово која е и единствена мнозинска исламска држава на Балканот. Големи популации на муслимани се наоѓаат и во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Грција, Црна Гора, Романија и Турција. Мнозинството од муслиманите на Балканот се следбеници на сунитскиот ислам од правната школа (јуриспруденција) на Ханафи.

## Формулирање на проблемот на истражување

Клучната теза на овој труд е оти заканата од исламскиот радикализам на Балканот е реална и не е производ на промените во светот кои се случија со 11 септември 2001 година и новата безбедносна политика, но е резултат на социјални и историски процеси во земјите од Балканот. Геополитичкото влијание на исламскиот екстремизам на Балканот не може да се види изолирано од други феномени што ја загрозуваат неговата безбедност и демократска стабилност.

Исто така, со целокупното внимание насочено кон Блискиот Исток и случувањата во Сирија, Ирак и Авганистан, Европа се става во потенцијална опасност да го занемари Балканот како иден извор на небезбедност. Подолу разработените тези покажуваат зошто Балканот може да стане стратешко подрачје за исламскиот радикализам во наредните декади и сериозна закана за европската безбедност.

Предизвиците на радикалниот ислам на Балканот и пошироко за Европа може да се разберат делумно преку разбирањето на неколку дефинирачки трендови: а) распаѓањето на Југославија и серијата крвави конфликти во 1990-тите години, пред сè во Босна и Косово, б) влијанието на салафизмот и вахабизмот на Балканот особено поради отсуството на државите во посткомунистичкиот период на ревитализација на исламските институции и

обидите за редефинирање на практикувањето на исламот и исламскиот идентитет, в) социо-економската состојба и слабите државни апарати во земјите на Балканот предизвикани од долготрајната транзиција и губење на довербата во владеењето на правото г) организираниот криминал д) судирите на Блискиот Исток особено во Сирија и Ирак кои предизвикаа масовно мигрирање на население од областите на судир кон земјите од Европа преку таканаречената Балканска рута и улогата на оваа рута во транзит на терористи кон Европа и ѓ) регрутирањето на борци од балканските земји за ИСИС и другите радикални исламски групи, но и воспоставување на ИСИС на Балканот, но и други исламски радикали и групации.

Одбраната на босанските муслимани стана кауза во исламскиот свет за време на 90-тите години па така во босанските заедници се сливаа многу пари и отприлика 4000 муџахедини во период од 1992 до 1995 од кои најмалку 1000 останале во Босна и по потпишувањето на Дејтонскиот договор. Иако многу од овие радикални исламисти извршиле воени злосторства за време на војната ниту еден од нив е осуден од меѓународни и локални судови. Присуството на овие радикални муслимани има голема улога во реисламизацијата на муслиманите во Босна и прифаќањето на вахабизмот и салафизмот.

Недостатокот на финансиски ресурси, интересот на државите во транзиција да посветат внимание на овој општествен тренд, недостатокот од џамии и школи и квалификувани исламски свештеници во периодот на 90-тите години кога доаѓа до подем на исламот во посткомунистичките општества на Балканот е уште една причина за инфилтрирање на екстремни религиозни влијанија. Бидејќи државите не успеаја во адресирање на овие проблеми, потребата од финансирање и влијание го привлече вниманието на бројни блискоисточни фондации од Саудиска Арабија, Катар и други земји кои го промовираат ширењето на салфизмот и вахабизмот, кои се дел од правната школа на Ханбали која е доминантна исламска јуриспруденција во овој дел од Блискиот Исток, но туѓа на Балканот. Иако денес за разлика од 90-тите години кога не постоеше никаква контрола врз нивното делување, постои посилна свест пред сè во име на борбата против радикалниот ислам, ваквите фондации сè уште оперираат и се добро воспоставени во локалните заедници во Босна,

Косово, Македонија и Албанија, и имаат одредени џамии под нивна контрола, а не под контрола на официјалните исламски верски заедници во тие земји. Делумниот неуспех на властите во контрола над ваквите фондации доведе до радикализација на одредени групи на индивидуи и заедници, но и долгорочна опасност бидејќи ваквите групи сè уште го финансираат школувањето на идни генерации на имами во земјите од Блискиот Исток кои во иднина секако ќе имаат големо влијание во муслиманските заедници и ќе претставуваат дел од заканата. Денес се претпоставува оти бројот на следбеници на вахабистичките учења во Босна е помеѓу десет и дваесет проценти од муслиманското население, а се претпоставува и постоење на значителен број од околу 200.000 Албанци во Косово, Македонија и јужниот дел на Србија и Црна Гора кои се следбеници на вахабизмот.

Иако не пости докажана емпириска врска помеѓу социо-економската маргинализација и радикализмот, слабите и сиромашни држави секогаш имаат поголем ризик од тероризам и присуство на радикални елементи. Долготрајната транзиција од почетокот на 90-тите, но и новите економски кризи од 2000-тите особено ги погодија Балканот на кој невработеноста, сиромаштијата, корупцијата, лошата приватизација и јавниот долг ги потенцираат етничките несогласувања. Државите не успеаја да создадат можности за младите луѓе, па така регионот ги има едни од највисоките стапки на невработеност кај младите луѓе во Европа (на пример 55 % од младите во Косово се невработени).

Не е за занемарување ниту пак врската помеѓу криминалот и особено организираниот криминал како алтернативна можност на разочараните млади луѓе. Всушност и повеќето борци на таканаречената Исламска држава во Европа кои учествуваат во бројните терористички напади во изминатите неколку години имаат криминално минато, а позната е и тактиката на ИСИС во регрутирање на криминалци.

Општо е познато оти постојат тесни врски помеѓу организираниот криминал и радикалните движења. Постојат бројни опсервирани примери на заеднички карактеристики на терористичките групи и криминални групи и мрежи кои ги делат истите карактеристики, методи и тактики. Постојат докази

оти овој тренд се случува и на Балканот, претставува закана не само за безбедносниот поредок на Балканот, но и за Европа. Нелегалната трговија со луѓе, оружје и стоки е дел од балканското милје во изминатите неколку векови пред сè поради неговата уникатна локација на линиите на раседот помеѓу Истокот и Западот, но и природната географија на планински и тежок за контролирање простор. Сепак, географијата не е единствениот фактор кој придонесува кон присуството на организираниот криминал па тој е во една повратна спрега дел од длабоката недоверба помеѓу граѓаните и државите во регионот, слабите општества, културата на неказнивост и одговорот на општествата кон криминалот. Криминалните групи на Балканот добро функционираат на просторот помеѓу Албанија, Македонија и Косово, но и Босна и Црна Гора, Македонија и Бугарија и играат главна улога во трговијата со луѓе, шверцување на имигранти, трговија со оружје и droги на таканаречената Балканска рута. Големиот број на нелегални мигранти само го зголемуваат обемот на овие нелегални активности. Балканот исто така не е само транзитен регион, туку е и значаен извор на трговија со огнено оружје и се очекува да остане таков поради големата количина на оружје која остана во регионот по распадот на Југославија, ограбувањата на воените магацини во Албанија итн.

Уште еден геополитички елемент во разбирање на контекстот на заканата која радикалниот ислам ја претставува за Балканот и Европа е разбирање на судирите на Блискиот Исток особено во Сирија и Ирак. Блискиот Исток се граничи со Балканот, всушност и двата региона се дел од една географска целина на глобална нестабилност која се протега на евроазискиот континент од Балканот па сè до Авганистан. Како и Балканот и Блискиот Исток е територија која историски била многу интересна за големите сили од Европа, како и Русија и САД. Во интерес на дискусијата за контекстот на исламскиот радикализам, важно е да се разбере геополитиката на Блискиот Исток. Во тој контекст, постојат неколку бранови на геополитички промени кои влијаат на денешната ситуација. Голем дел од територијата на денешниот Блиски Исток бил дел од Отоманската Империја која на крајот од своето постоење се претворила во опресивна држава кон своите арапски поданици. Арапските муслимани барајќи потхранети од растечкиот арапски национализам бараат

обединета независна арапска држава и ослободување од отоманското владеење и ја даваат својата поддршка на Велика Британија почнувајќи отворен револт кон отоманската власт. Но, по поразот на Отоманската Империја, Британија и Франција ги изигруваат Арапите и Блискиот Исток е поделен на помали држави под различни сфери на влијание со договорот Сајкс – Пикот во вештачки граници и хетерогени географии и култури, кои ги прецртаа границите на природните ресурси и важните коридори кои немале никаква историска и географска логика. Вториот бран на геополитички промени на Блискиот Исток доаѓа со Студената војна кога политичката поделба се одвива по идеолошките линии на конфликт меѓу Истокот и Западот за нафтата која станува најзначаен извор на енергија во светот и ги прави блискоисточните економии длабоко зависни. Најзначаен момент во овој период е формирањето на државата Израел и последователните регионални судири, како и воспоставување на диктатури и режими во повеќето блискоисточни држави, кои ги уништија опозициите во нивните држави, но не успеаја во елиминирање на нивните исламски опоненти кои стануваа сè порадикални, воспоставувајќи го контекстот на третиот геополитики момент. Сегашниот конфликт во Сирија може да се гледа како задоцнета манифестација на овој конфликт. Третиот бран на геополитички промени на Блискиот Исток се случува по крајот на Студената војна, а дефинирачки момент се настаните од 11 септември 2001 година и последователната американска окупација на Ирак која доведе до колапс на државата и создавање на еден вакуум на моќ за чие пополнување се борат исламската државаа, Ал Каеда и други пропагатори на политичкиот ислам. Иако религијата изгледа како примарен мотив на овие групи, нивната цел е примарно политичка – борба за територија и ресурси. Овој пролонгиран конфликт особено во Сирија и Ирак доведе до присилни масовни миграции на население од овие земји на Блискиот Исток кон Европа, а дури 55 % од сите мигранти во Европа од почетокот на кризата сè од Сирија и Ирак.

Балканската рута во одреден период беше единствениот канал за двегодишниот мигрантски прилив во Европа. Така од околу 1 милион бегалци кои пристигнале во Германија во 2015 година, околу 800.000 поминале низ Балканската рута. Од нив само 600.000 илјади биле регистрирани во кампот во Прешево во Србија а остатокот поминале нерегистрирани. Можноста за

непречено инфилтрирање во Европа на исламски милитанти секако се забележува во овие статистики. Со губење на територијата на исламската држава на Блискиот Исток и падот на главните упоришта во Мосул и Рака, и губење на главните извори на финансирање на продолженото војување, конфликтот секако ќе се пренесе во Европа. Главен мотив е одржување на реалната закана која ја претставува радикалниот ислам преку напади кои иако може да предизвикаат малку жртви, привлекуваат големо медиумско влијание и го одржуваат во живот стравот од терористички напади и може да предизвикаат политички реперкусии во земјите од Европа.

Безбедносната слика на Балканот не е комплетна без илустрација на учеството на муслимани од земјите од Балканот во конфликтите во Сирија и Ирак. Така според извештаите од групата Суфан, околу 900 борци од Балканот учествувале во овие војни во периодот од 2012 до 2016 годниа, најголем дел од нив борејќи се на страната на ИСИС – бројка која е пропорционално поголема од тие од другите земји во Европа во однос на бројност на население. Од земјите на Балканот, Косово има придонесено со најмногу борци, 317. Македонија исто така е плодна почва, па околу 140 индивидуи отишле во Сирија и Ирак, околу 50 од Србија и 248 од Босна. Со падот на ИСИС во Сирија и Ирак и намалување на нивната територија на Блискиот Исток голем број на борци од Балканот и нивните семејства ќе се вратат во нивните земји на потекло, и ќе претставуваат голема безбедносна закана за Балканот и Европа, придодавајќи на миксот на политичка нестабилнот и етнички тензии и создавајќи плодно тло за подлабоко инфилтрирање на ИСИС и ширење на радикалниот ислам. Барајќи нов простор за делување, ИСИС ќе ги искористи постоечките етнички тензии во регионот за свое политичко етаблирање и контекст на делување. За илустрација, ИСИС веќе се закани со „кампања на терор“ против Србите и Хрватите поради нивните учества во војните во Југославија, но и муслиманските „предавници“ на верата.

## Цели и задачи на истражувањето

### Општа научна цел

Општата научна цел на ова истражување е да се анализира исламскиот радикализам како геополитичка и безбедносна закана за Балканот и за Европа.

Преку научната цел на ова истражување се дава преглед на идните безбедносни закани за Балканот и Европа прикажани во поширокиот политички и безбедносен контекст. Врз основа на применетата научна методологија трудот ќе даде своевиден придонес кон толкувањето на тековните геополитички настани од перспектива на радикалниот ислам. Односно, научно ќе се определи степенот на заканата која произлегува од делувањето на радикалниот ислам кон Балканот и Европа.

Со оглед на општата цел, основни задачи на истражувањето се следниве:

- Да се анализираат тековните политички и безбедносни услови кои овозможуваат исламскиот радикализам да навлезе на просторот на балканските земји
- Да се проучат изворите на исламски радикализам во земјите од Балканот од 90-тите па наваму
- Да се проучи делувањето и влијанието кои Ал Каеда, Исламската држава, Хезболах и други насилни недржавни актери кои го имаат во земјите од Балканот, да се проучи нивниот пристап, начините и тактиките кои ги применуваат
- Да се анализира степенот на закана и импликациите по безбедноста и стабилноста на Балканот кои доаѓаат од исламскиот радикализам за земјите на Балканот
- Да се анализира безбедноста и заканата од исламскиот радикализам од Балканот кон Европа
- Да се анализираат конкретните мерки за превенција од заканата од исламскиот радикализам
- Да се извлечат заклучоци врз основа на една поширока анализа на безбедносната рамка на земјите од Балканот и да се утврди како заканата од исламскиот радикализам може да биде намалена и превенирана

## Основна хипотетичка рамка

Јакнењето на радикалниот ислам има влијание врз балканската безбедносна состојба и неговата геополитичка положба.

Покрај главната хипотеза ги поставуваме и следниве посебни хипотези:

- Клучните закани на Балканот доаѓаат од недржавни актери кои имаат тенденција да го заземат политичкиот и географскиот простор во отсуство на власт.

- Ширењето на радикални форми на ислам како салафизам и вахабизам помеѓу муслиманската популација на Балканот од центри на исламско влијание од Блискиот Исток е сериозна безбедносна закана.

- Општата геополитичка и безбедносна ситуација на Балканот е поволна за реорганизација на поделбата на влијание и развој на нови државни и недржавни актери во регионот.
- Зголеменото учество на муслимани од Балканот во воените жаришта на Блискиот Исток ќе ја зголеми долгорочната опасност за балканските држави.
- Стеснувањето на геополитичкиот простор за ИСИС на Блискиот Исток веројатно ќе предизвика негова делумна дислокација на Балканот.
- Националистичките тензии и нестабилните држави на Балканот ја комплицираат борбата против радикалниот ислам и тероризмот.
- Постојат блиски врски и можности за соработка помеѓу криминалните мрежи на организиран криминал на Балканот и исламските радикали кои ќе влијаат на успешноста на радикалните исламски групации на балканскиот простор.
- Враќањето на радикалните исламски борци врз безбедноста на Балканот.

*Зависна варијабла:*

Актуелниот пристап во борбата против исламскиот радикализам.

*Независни варијабли:*

Геополитички фактори, безбедносни варијабли, економски варијабли, политички варијабли.

## Теоретско и операционално одредување на поимите во истражувањето

Во анализа на истражувачкиот проблем преовладуваат следниве поими:

Балкан

Балканот е регион во Југоисточна Европа лоциран помеѓу Медитеранското и Црното Море. Историски бил регион од стратешко значење и на крстопатот на движењето на разни народи од север кон југ и од исток кон запад. Како резултат на тоа Балканот бил сцена на која се одигрувале многу војни од различни империи во напор да го освојат и да го консолидираат своето владеење и контрола над регионот како средство за воспоставување безбедност и искористување на трговските патишта. Во овој контекст разните цивилизации имаат коегзистенција и интеракција на Балканот и на антагонистички и хармоничен начин.

Како мост меѓу Истокот и Западот, Балканот не можел да го избегне вниманието на муслиманите во минатото. Доаѓајќи од Блискиот Исток и северна Африка, тие имале за цел да стапнат на Балканот со цел да го шират исламот во Европа и да го освојат. Веќе во средниот век исламот се појавил на Балканот и постепено муслиманите го зголемувале своето присуство и улога, достигнувајќи ја кулминацијата на нивното влијание и доминација во османлиските времиња. По Балканските војни (1912-1913) и Првата светска војна, исламот претрпел невиден геополитички и економски пораз, завршувајќи во масовно повлекување на муслиманските сили и населението од Балканот, оставајќи зад себе само неколку џебови од населението кои ќе станат муслимански малцинства во сегашните национални балкански држави.
Глобалната важност на Балканскиот Полуостров и геополитичкото значење на исламот за регионот ја прават темата што треба да се анализира. Особено, неодамнешните активности на „сунитскиот калифат“ на Балканот го прават регионот една од можните војни на борбата меѓу политичкиот ислам и Западот во моментов и во иднина.

Исламски религиозен екстремизам

Религиозниот исламски екстремизам е поврзан со тесна, буквална и тоталитарна интерпретација на исламот. Се залага за единствена глобална исламска држава  и воведување на исламското право (шарија) како единствен сеопфатен религиозен и политички систем. Крајната цел на религиозните екстремисти е „конечното спојување на џамијата и државата според шеријатскиот закон". Според нив, политичката организација на држава околу религиозните исламски принципи ја надминува демократијата. Разликата меѓу исламските екстремисти и терористите е дека екстремистите не секогаш прибегнуваат кон насилство за да ги постигнат своите цели. Иако верскиот екстремизам може да послужи како движечка сила и да доведе до терористички активности, тој не секогаш води кон терористичко насилство. Политичката идеологија на овие екстремистички групи е политички ислам.

Исламски радикализам

Процес ориентиран кон следење и толкување на муслиманските корени. Често е лимитиран во муслиманските општества, со внатрешна и не експанзионистичка природа. Сепак, во некои случаи може да има политичка димензија, кога овие радикални идеи се трансформираат во политичка агенда на некои групи кои имаат за цел да се борат за власт. Муслиманскиот верски радикализам најчесто се среќава под терминот исламизам или исламски радикализам. Според Гилиан Дено, „исламизмот е начин на инструментализација на муслиманската верска доктрина од страна на поединци, групи и организации со политички цели. Тој нуди одговори за современите општествени предизвици, предвидувајќи иднина заснована на концепти неодамна ревидирани од страна на исламската традиција.

Насилен религиозен екстремизам

Насилниот религиозен екстремизам покажува некои идеолошки и структурни карактеристики тесно поврзани со претходните карактеристики на верскиот тероризам, иако додаваат некои нови аспекти. Дефиницијата за тероризам е постојан проблем во безбедносните студии, бидејќи терористичкото насилство опфаќа широк и неправилен опсег на случаи. Иако научниците не се согласуваат околу една единствена дефиниција на

тероризмот, таа покажува некои клучни карактеристики: има доктринарна и идеолошка природа; е со предумисла, со цел да предизвика чувство на екстремен страв и терор; има за цел поширока група луѓе од само неговите директни жртви; актите на терористичко насилство го гледаат локалното и глобалното јавно мислење како сериозно кршење на општествените вредности; насилството има за цел да постигне добро дефинирани политички и геополитички цели.

На стратешко ниво, екстремизмот е поврзан со: а) насилно ширење на екстремни верски доктрини; б) погрешно толкување на исламот за да се оправда употребата на насилство; в) трансформација на структурата на терористичките групи; г) зајакнување на соработката меѓу терористичките групи и организирање.

Политички ислам

Се користи за означување на широк спектар активности на поединци или организации кои се движат кон трансформација на државата и целото општество според „исламските" правила. Се базира на исламот кој е комплекс на политичко убедување и фундаментални исламски книги - Коран, Сира (биографијата на Мохамед) и Хадид (Мохамедски традиции). Терминот често се користи во врска со движењата кои ги претставуваат актуелните политички сили во името на исламот, кои се појавуваат кон крајот на XX век. Исто така се употребува како термин кој ги опишува политичките активности кои произлегуваат од основните исламски книги насочени претежно на немуслиманите.

Промоторите на политичкиот ислам сметаат дека тоа е религиозна доктрина со јасни аргументи за политичкиот и општествениот поредок во современиот муслимански свет, добро опремена и со агенда за спроведување. Прво, се однесува на индивидуална духовна битка, за да се исполнат идеалите на исламот како начин на живот. Второ, се однесува на обидот да се подобри севкупната религиозна состојба на муслиманската заедница. Конечно, се однесува на напорите да се заштити - без употреба на насилство - и да се пренесе божјото слово на неверниците.

Геополитички поредок

Геополитичкиот поредок според критичката геополитика се дефинира како збир на вообичаени правила, институции, активности и стратегии низ кои делувала и делува меѓународната политичка економија во различни историски периоди. Атрибутот „геополитички" укажува на географските елементи на светскиот поредок. Оваа квалификација на поредокот како геополитички се подразбира, заради фактот што поредокот нужно има сопствени географски обележја кои вклучуваат одреден степен на централизација на државната територија во однос на општествените и економските активности, природа на хиерархиски односи помеѓу државите, просторни аспекти на активностите на различни држави и други субјекти на меѓународните односи, просторна поврзаност или неповрзаност помеѓу различни актери, придонесот на информациските и воените технологии на просторната интеракција како и класификација на светските региони и поединечните држави во однос на заканите кон нивната воена и економска безбедност.

Геополитиката се дефинира како дисциплина која истакнува дека земјата на која живее еден народ или на која е организирана државата има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика.

## Методи и техники на истражувањето

Методолошката рамка на истражувањето се базира на два комплементарни методи: детална анализа на примарни и секундарни извори, литература и анализа на емпириски податоци, како и дедукција и спецификација на теоретските постулати. Со ваквиот пристап ќе биде овозможено да се опишат сите причински релации на варијаблите, а потоа преку процесот на логичко поврзување, индукција и прикажување на реалните состојби ќе се развијат заклучоци и нови сознанија за геополитичкото и безбедносното значење на радикалниот ислам за Балканот.

Од користените техники најмногу е застапена анализата на содржината, првенствено на истражувања, студии и стратегии, теории како и дефиниции во

пишана форма. Основната цел е преку овие применети техники за обработка на податоците да се дојде до потребните податоци за проценување на безбедносната закана од радикалниот ислам по Балканот и неговото влијание на геополитичката положба на Балканот.

Изборот на извори за овој труд беше направен многу внимателно, имајќи предвид дека постојат многубројни написи, извештаи, книги и други материјали кои ја третираат исламската закана за Балканот, и многу од нив се понесени од бранот на параноја од исламската закана во период на заканата од Исламската држава и серијата на терористички напади од страна на Исламска држава во Европа. Овој труд се обидува да го избегне тој пристрасен пристап.

# ГЛАВА I БАЛКАНОТ КАКО ГЕОПОЛИТИЧКИ ЕЛЕМЕНТ

## 1.1 Географско определување

Според енциклопедијата Британика, [1] под Балкан вообичаено се подразбираат Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија, додека Грција и Турција често се исклучени од дефиницијата, а неговата вкупна површина е дадена како 666.700 квадратни километри и население од 59.297.000 милиони.

За целите на овој магистерски труд, како географска дефиниција на Балканот ќе се земе таа на енциклопедијата Британика. Геополитичкиот простор на трудот ќе ја вклучи поранешна Југославија со исклучок на Словенија и Хрватска, Албанија, Романија и Бугарија. Словенија и Хрватска се земји членки на ЕУ кои немаат значајна муслиманска популација ниту пак конфликти од религиозна природа, а и одреден период се членки на ЕУ па нема да бидат предмет на длабинска анализа. Од геополитичкиот простор на овој труд исто така е исклучена Грција иако се спомнува во одредени делови. Грција без оглед на тоа што со голем дел од својата територија влегува во Балканот, во разгледувањето на овој труд има повеќе обележје на соседство на Балканот одошто на балканска земја која е под закана од радикалниот ислам, поради нејзините тековни општествени состојби и припадноста на ЕУ. Со еден свој дел Турција влегува во географскиот простор на Балканот, но освен во специфичните трендови нема да се разгледува во овој труд. Турција е наследничка на Отоманската Империја и има целосно муслиманска популација, но треба да биде предмет на посебна анализа бидејќи е сила на геополитичка гравитација која го обликувала Балканот наместо да биде објект на делување.

Во овој труд нема да се користи никаква геополитичка терминологија, освен терминот „Балкан".

Балканот е полуостров во Југоисточна Европа, кој на северозапад завршува со Јадранското Море, на југозапад со Јонското Море, а на исток и североисток со Црното Море. Северната граница на Балканот пак поинаку се

---

[1] Encyclopædia Britannica Online, https://www.britannica.com/place/Balkans/images-videos

дефинирала во различни политички контексти. Историски бил регион од стратешко значење и на крстопат на движењето на разни народи од север кон југ и од исток кон запад.

Името Балкан доаѓа од турскиот збор Балкан и се однесувало на планинскиот венец Хајмус во Грција[2], но исто така означува и шумски гребен или планина. Концептот на „Балканот" го создал германскиот географ Август Зеун во 1809 година[3], а се однесувал на територијата на Стара Планина во денешна Бугарија, која погрешно е припишана на целата територија. Името на Балканот - Стара Планина во Бугарија обично се однесувало на широка област покривајќи географска локација на серија земји како што се Бугарија, Романија, Албанија, Грција и сите земји од поранешна Југославија.

Со текот на времето, терминот постепено се здобил со политичка конотација различна од првичното географско значење, добивајќи статус на несигурна област поради историските настани во изминатите неколку векови. Европа почнала на Балканот да гледа како на термин кој асоцира на одвратност и одбивност, а тоа се пресликало и на нациите кои живееле на Балканот подалеку од европската културна и политичка матрица.

По завршувањето на воените конфликти во 1990-тите, терминот „Југоисточна Европа" станува сè попопуларен, иако буквално се однесува на многу поголема област и на тој начин е помалку прецизен.

Географијата на Балканот е доста разновидна и комплексна, но голем дел од неа ги споделува заедничките карактеристики што се истакнати од самото име на регионот. Планините не се исклучително високи, но се речиси сеприсутни, што го отежнува што во голем дел градењето на патишта и земјоделието, но и војувањето.

Постојат два главни планински масиви на Балканот, и тоа Динарските Алпи на запад кои се движат паралелно со јадранскиот брег и на многу места

[2] Османлиите прво пат го спомнуваат во документ од 1565 година. Пред тоа немало други документирани употреби на зборот кои се однесувале на регионот, иако другите турски племиња веќе се населиле или минувале низ полуостровот
[3] Sekulic, B., To Remove the Anathema, Politicka misao, Vol. XXXVI, No. 5, 1999

доаѓаат до морето. Во северниот дел на Балканот се Карпатските Планини, кои достигнуваат доста големи височини во Трансилванија, западниот дел на Романија. Постојат многу други помали граници на планините и ридови.




Слика 1 Карта на Балканскиот Полуостров, Извор: Encyclopædia Britannica Online. Web. 28 Feb. 2018

Брегот на целиот западен и јужен Балкан е карпест и солиден. И покрај фактот дека Балканскиот Полуостров граничи со Јадранското, Егејското и Црното Море, речните пловни патишта се многу малку, освен реката Дунав која тече низ регионот на пат од Германија и Австрија до Црното Море. Србија и Македонија се копнени, без никаков излез на море, а речиси истото може да се каже и за Босна. Бугарија и Романија имаат пристап само кон Црното Море, кое е поврзано со Средоземното Море преку островите на Босфор и Дарданелите.

Пејзажот традиционално обезбедува мал обем на земјоделство и сточарство, но делови од Балканот, исто така, обезбедуваат одлично обработливо земјиште. Заедно со границите на Централна Европа селата на Славонија (источна Хрватска) и Војводина се исклучително богати. Голем дел од Романија и Бугарија се состојат од обработливо земјиште. Главните производи од регионот вклучуваат пченица, месо и млечни производи, памук,

граѓа, тутун, нафта и гас и вино. Минералните ресурси како јаглен, боксит, олово, никел и цинк изобилуваат.

Северните и централните делови на Балканот имаат централна европска клима, која се карактеризира со студени зими, топли лета и добро распоредени дождови. Меѓутоа, јужните и крајбрежните области имаат медитерански тип на клима, со жешки, суви лета и благи, релативно дождливи зими.

Геостратешки, полуостровот е копнен мост помеѓу централна и западна Европа со Турција и Блискиот Исток. Политички пак Балканот бил вакуум на моќ кој се стремеле да го исполнат поголеми држави или империи. Според тоа, големите сили историски ја користат територијата на Балканот за да влијаат во кој било правец, со тоа што Римјаните ја третирале Грција како отскочна штица за понатамошно освојување на исток, додека пак Османлиите ги експлоатираале копнените делови од регионот за да навлезат во срцето на Европа пред нивниот одлучувачки пораз за време на битката во Виена во 1683 година. Оттаму, несомнено е дека Балканскиот Полуостров историски бил геоклучната точка во влијанието на Европа и Блискиот Исток.

На крајот на Првата светска војна доаѓа до распад на Австро-унгарската и Отоманската Империја т.е. државите кои традиционално владееле со Балканот, и се појавува Југославија. Дваесет години по распуштањето на Југославија, државите на Балканот - Србија, Хрватска, Словенија, Босна, Црна Гора, Македонија, Албанија и Косово - се враќаат на традиционалниот модел на обликување од надворешните сили, имено, Западот, Турција и Русија.

Стратешката и геополитичка позиција на Балканот како порта кон Западот, растечкиот тренд на приклучување на некои земји во Европската Унијата, улогата на регионот во глобалните равенки и етничката и културната разновидност на регионот ќе бидат силите кои ќе го обликуваат Балканот во иднина.

## 1.2 Историски осврт

### *1.2.1 Османлиското запоседнување на Балканот*

Како мост меѓу Истокот и Западот, Балканот не можел да го избегне вниманието на муслиманите во минатото кои доаѓајќи од Блискиот Исток и северна Африка имале за цел да стапнат на Балканот во нивните напори за проширување на исламот во Европа и нејзино освојување.

Појавата на исламската култура во Европа на периферијата на Медитеранот, територијата која се сметала за центар на европската култура, се случува многу порано од заземањето на Отоманската Империја на Балканот, и е резултат на експанзија од земјите со муслиманско водство, пред сè во Шпанија и Португалија кои се нашле на западната периферија на муслиманскиот калифат на Умајадската династија.

На Балканот муслиманите securely пополека се стекнале со водство уште во периодот пред XIII век пред сè поради слабеењето и пропаѓањето на Византиската Империја, а во периодот кој следувал различните земји се бореле меѓу себе за доминација во областа, и во голем дел не можеле да се спротивстават на опасноста која доаѓала од Отоманската Империја, која со заземањето на Адрианопол, денешно Едирне во Турција го започнува освојувањето на Балканскиот Полустров, почеток на еден процес кој траел повеќе од еден век. Србија паднала под отоманско владеење во 1389 со Битката за Косово, Бугарија во 1396, Константинопол во 1453, Босна во 1463, Херцеговина во 1482, Романија до 1541 и Црна Гора во 1499 година. Иако Албанците под водството на Скендербег давале отпор против османлиското напредување, не успеале да ги запрат, па така во 1526 година, Унгарија е поразена во битката кај Мохач, а три години подоцна Османлиите неуспешно се обидуваат да ја освојат Виена. До крајот на XVI век Османлиите контролирале голем дел од централна и југоисточна Европа. Сепак, во северните и западните делови нивната моќ е многу послаба, а во региони како Трансилванија и Молдавија само се признавала сувереноста на султанот, но тие самите управувале со своите работи, исто како и Црна Гора која Османлиите ја наоѓале за премногу планиска за да може да биде фактички освоена.

Во освоените територии османлиското освојување довело до целосна оппггествена и политичка револуција.

Со освојувањето на Константинопол во 1453 година и неговото одредување за главен град на Отоманската Империја под името Истанбул, исламот се консолидирал на целиот Балкан, а исламот имал клучна социополитичка улога.

Аристократијата од претходните владејачки елити била отстранета од власта, и често била уништена. Централните турски власти не се мешале во секојдневниот живот или верските практики на освоеното христијанско население, а само очекувале да биде признат авторитетот на султанот. Османлиските власти ретко вршеле притисок врз христијаните да се преобратат во исламот, иако за тоа имале финансиски и други придобивки. Главните исклучоци биле Босна и Албанија, каде што многумина благородници преминале во ислам за да ги задржат своите привилегии. Во Босна, богомилите, подеднакво прогонувани од православието и католицизмот масовно преминувале во ислам бидејќи за тоа имале верски и материјални причини.

Сепак било во интерес на империјата да ги поддржува и зајакнува групите лојални на власта, а тоа се манифестирало во големи привилегии за муслиманското население, како резултат на што имало драстични разлики во квалитетот на живот на муслиманското и немуслиманското население на Балканот, што било евидентно од нивните економски можности, но и териториите кои ги населувале.

По ова следува постојано зголемување на муслиманското присуство и улога, достигнувајќи ја кулминацијата на нивното влијание и доминација во османлиските времиња.

Врвот на Османлиската Империја на Балканот бил од XVI до XIX век. Откако Австроунгарија го одбила и вториот обид за освојување на Виена во 1683 година, а Русија почнала да притиска на североисточните граници на империјата, по договорот од Карловиц во 1699, Унгарија, Хрватска- Славонија и Трансилванија преминале под хабсбуршко владение, и со Договорот од Пасаровиц во 1718, Австрија го повратила Банат од Темзевар. Веднаш потоа

Австријците ги повикале Србите да се населат во пограничните области на хабсбургските земји како погранични стражари, а за возврат, на Србите им била дозволена верска слобода. Во меѓувреме, Османлиите доживеале уште порази во текот на XVIII век. Преку Договорот од Кучук Кајнарка (1774) на крајот од Руско-турската војна, Русија од Отоманската Империја добива ветување за слободна навигација на Дунав и право да ги заштити православните христијани во империјата.

Отоманскиот систем се сметал за имплементација на божјата волја на Земјата, и овој пристап бил сеприсутен во начинот на управување и административните практики на системот: занаетчиските еснафи (здруженија) биле ограничени по број, и нови членови тешко влегувале, извозот бил практично нелегален, а преовладувала колема корупција и поткуп. Истовремено, правото на собирање данок можело да биде откупено од страна на собирачи на данок, кои пак можеле да собираат колку што сакале од плаќачите на данок, што неминовно довело до зголемување на даночниот товар на селаните и занаетчиите. Во оваа смисла, Отоманската Империја се сметала за вистински исламски калифт. Османлискиот калифат постоел во периодот од 1517 до 1924 година под османлиската династија на Отоманската Империја, и бил последниот сунитски исламски калифат на крајот на средновековната и раната модерна ера. За време на периодот на османлискиот раст, османлиските владетели тврделе оти калифатот е добиен уште со освојувањето на Мурад I во 1362 година на Едирне. Подоцна Селим I, преку освојување и обединување на муслиманските земји, станал бранител на светите градови на Мека и Медина, што дополнително го зајакнало отоманското тврдење за калифати во муслиманскиот свет. Калифатот е важен исламски концепт, за што се зборува во понатамошниот дел од трудот и е важен за овој труд поради османлиското и муслиманското наследство на Балканот и улогата која ја игра во сегашното време.

Меѓу клучните причини за падот на Отоманската Империја е нејзината неспособност да се модернизира и опаѓањето на значењето на Блискиот Исток на геополитичката сцена со откривањето на Америка и воспоставувањето на нови колонии во новиот свет.

Една од клучните причини за слабеењето на Отоманската Империја на Балканот е нејзината нефлексибилност. Во голем дел од земјите каде имало православно христијанско население, локалното благородништво ја прифаќа грчката култура и делумно преку тоа се проширирува грчкото влијание низ целата православна црква во XVIII век. Ова доведува до укинување на автокефалноста и посебноста на одредени цркви како Српска патријаршија во 1766 година и на Бугарската црква во 1767 година. Назначувањето на грчки епископи, па дури и свештеници во негрчки области предизвикувало големо незадоволство кај христијанското население. Експлоатацијата на населението од страна на црквата која слободно оперирала во отоманските територии како и економскиот систем на чифлици каде селаните биле серфовски поврзани за земјата и предметот на трудова експлоатација исто така придонеле кон незадоволство и слабеење на Отоманската Империја.

Во последните две децении на XVIII век, овие фактори се комбинираат со понатамошните притисоци од освојувања од страна на Австрија и Русија за да конечно доведат до колапс на централната власт на Отоманскта Империја на Балканот. Фрустрациите поради слабоста на централната власт водат до првото успешно востание во Србија во 1804 година.

На крајот од XIX век на Балканот се појавуваат нации, држави и драматични политички промени.

# ГЛАВА II ИСЛАМОТ НА БАЛКАНОТ

## 2.1 Исламот на Балканот

Исламот навлегол на Балканот најрано преку контактите со Андалузија во Шпанија, од југот преку Медитеранското Море и Сицилија и од север преку Унгарија. Муслиманите на Балканот во мнозинство се следбеници на отоманската, прагматична верзија на исламот и неговото практикување т.н. ханафска јуриспруденција. Исламизацијата на Балканот почнала во средниот век и иницијално во градовите, процес кој бил доброволен барем до XVII век, а во XVIII век веќе се јавува притисок врз немуслиманското население на Балканот да се исламизира преку социо-економски притисок, бидејќи

немуслиманите биле подложени на големи оданочувања. Други причини за ширењето на исламот на Балканот биле отоманските институции како јаничарството и масовното присилно преселување на големи христијански популации.

Отоманските Турци биле сунити, следбеници на ханафската школа т.е. правна мисла воспоставена од исламскиот научник Абу Ханафи од VIII век, која и денес е карактеристична за муслиманите од Балканот и голем дел од населението во поранешните отомански територии. Ханафизмот била официјалната религиозна доктрина на отоманските Турци, и се карактеризира со аналогија и индивидуален разум со цел да се разрешат правните и религиозните недоумици кои произлегувале од толкувањето на исламските религиозни текстови. Оваа правна школа на исламот поради својата поставеност дозволувала да навлегуваат во религиозната доктрина и општоприфатени обичаи, и по самата природа дозволува плурализам на мислата, која е основното одбележје и на исламот на Балканот генерално.

Ваквиот плурализам кон крајот на владеењето на Османлиите на Балканот дозволувало дури и постоење на суфи братства, познати по својата комплексна симбиоза на сунитски и шиитски верувања[4] па и такви кои вклучувале елементи и од други религии. Овие полиберални суфи братства исто така имале улога во конверзија на христијанското население во ислам, и особено биле развиени во одредени региони во Албанија, Македонија, Косово, регионот Добруџа во денешна Бугарија како и во делот на Јанина во Грција. По дезинтеграцијата на Отоманската Империја, муслиманите на Балканот се наоѓаат под власта на земјите кои настануваат на просторите на поранешната империја.

Меѓу религиозните суфи групи на Балканот најистакнат е Бектешкиот ред чии текиња служеле како алатка за ширење на исламот во новоосвоените отомански територии. Клучна била нивната поврзаност со јаничарите[5], кои

[4] Таканаречени алеви-бектешки редови кои еволуирале како дел од еден конкретен систем на верувања кои потекнуваат од учењата на Хаџи Бекташ Вели
[5] Јаничарите биле елитна отоманска пешадиска единицица, формирана од Султанот Мурат I, која доминирала во отоманската армија во периодот од XIV до XIX век

биле не само алатка за освојување туку и колонизација, и ја ширеле религијата преку градење на теќиња и дервишки ложи. Јаничарите најчесто биле насилно регрутирани од христијанската младина од територииите кои биле под власт на Отоманската Империја, и биле добро едуцирани во исламските и турските традиции. Бектешизмот се проширил на Балканот како дел од една систематска отоманска политика, и бил познат по својата полабава форма на ислам кој не барал стриктно придржување до правилата за молитва и религиозна структура, и во социјалната структура ги интегрира и жените, што се смета за уште една причина зошто бектешките верувања биле прифатени од балканските народи.

Во XVII и XVIII век јаничарскиот систем почнува да ја губи доминацијата, пред сѐ поради револтот на јаничарите против отоманската династија, резултирајќи со распуштање на јаничарите во 1826 година од страна на султанот Махмуд II, со што редот го губи своето влијание во империјата, но сепак останува релативно влијателен на Балканот, особено во Албанија (преку инкорпорирање на доза на национализам во нивната доктрина) и во Македонија.

Од крајот на XIX век, дел од балканската муслиманска елита се дистанцирал од Отоманската Империја која била во распаѓање и се обидува да формулира „локален ислам" кој ќе биде компатибилен со западната модерност. За таа цел, секуларните интелектуалци и реформистички улеми бараа нови модели во арапскиот свет, индискиот потконтинент или царска Русија и за прв пат на овие простори за салафистичките идеи на Џамалудин ал-Афгани и Мухамед Абдух. Вахабизмот пак, кој има свои корени во Саудиска Арабија во 18 век останува непознат на Балканот сѐ до XX век, па исламот на Балканот во традиционална форма на сунитски ислам и суфистички мистицизам во форма на бектешизам и останал недопрен од вахабистичките идеи и влијанија.

Треба да се напомене дека за време на Втората светска војна, конфронтацијата меѓу муслиманите на Балканот и нивните противници создава можност за инфилтрација на радикалното исламистичко влијание. Благодарение на Хаџ Амин ал Хусеини, ерусалимскиот муфтија кој соработувал со нацистите за време на војната, муслиманите на Балканот беа регрутирани да се борат на страната на германските СС-дивизии. Првата муслиманска поделба

што се основала во Босна, позната како СС-дивизија бр. 13, била наречена „Ханчар", што значи копје или нож. Подоцна, 21-та дивизија на Вафен-СС беше формирана од „муслиманско албанско јадро" наречена Скендер-бег. Конечно, во средината на 1944 година формирана е вафен-23-та дивизија наречена „Кама".

## 2.2 Постотоманскиот период и муслиманите

По Балканските војни и Првата светска војна и консолидирањето на националните држави на Балканот, исламот претрпел невиден геополитички и економски пораз, завршувајќи со масовно повлекување на отоманските војски и муслиманското население од Балканот, оставајќи зад себе неколку џебови од населението кои ќе станат муслимански малцинства во сегашните национални балкански држави.

Турското и муслиманското население кое во рамките на Отоманската Империја живеело привилегирано одеднаш се наоѓа на периферијата на моќта, и не само тоа, туку и како несакано наследство во државите кои се формираат на поранешите отомански територии, доминирани од христијани и со целосно нова политичка и култура околина.

Од верска гледна точка, најнепосредна последица од повлекувањето на Отоманската Империја беше создавањето на исламски верски институции ограничени на територијата на новите балкански држави. Во тоа време, заедниците на балканските муслимани имаат тенденција да се структурираат околу своите религиозни институции (medresa - религиозни средни училишта, waqfs - религиозни донации и шеријатски судови) и да преговараат за нивната верност кон централната власт на клиентска основа. Двата релативни исклучоци беа Албанија, земја со муслиманско мнозинство во која сунитските елити го задржаа поголемиот дел од својата политичка моќ и Босна и Херцеговина, каде што муслиманската заедница ја создаде својата политичка партија во 1906 година и се мобилизираше во 1930-тите за одбрана на Босна и Херцеговина како посебен територијален ентитет.

Пред поразот на Отоманската Империја, муслиманскиот идентитет на Балканот се базирал на заедничка исламска култура. Во новонастанатите услови и новите нации јазикот станува примарен фактор на идентитет, па така новата религиозна географија на Балканот во поглед на исламот ги дели муслиманите на јазично турски, албански и словенски муслимани.

И потребата за легитимирање на присуството на муслиманите на постотоманскиот Балкан и кристализација на модерниот турски национален идентитет по прогласувањето на турската република имаа влијание врз балканските муслимани што не зборуваат турски, да престанат да се дефинираат како „Турци“ во османлиска смисла на терминот и да ја нагласат нивната домородна природа и нивното предотоманско минато. Така во периодот по падот на Отоманската Империја традиционалните елити и руралното население се склони да се дефинираат како „муслимани“, модернистичките интелектуалци на Босна и Херцеговина се изјаснија дека се „Срби“ или „Хрвати“ од исламска вера, а оние на Бугарија и Грција се идентификуваат со модерната турска нација. Конечно, иако доминантна дома, албанската муслиманска заедница се сметаше себеси за „културно малцинство“ во Европа и постепено го усвои митот за основање на албанскиот национализам, врз основа на отфрлањето на верските поделби меѓу албанските говорници и откажувањето од „отоманскиот јарем“.

## 2.3 Муслиманите на Балканот денес

Денес балканското муслиманско население од околу 9,67 милиони живее во 10 земји со значителни разлики во територијалната концентрација. Најголемите заедници можат да се најдат во Албанија (2.287 милиони), Косово (1.932 милиони), каде што тие го сочинуваат апсолутното мнозинство од вкупното население. Иако најголемата муслиманска заедница живее во Албанија, само 70 % од населението на земјата му припаѓа на муслиманската вероисповед. Тие претставуваат апсолутно мнозинство од населението во префектурите лоцирани во средишниот и источниот дел на земјата. Областа на населување на муслиманите е најодделна во источниот тракиски регион, каде што скоро 100 % од населението се муслимани поради бранови на миграција од други региони на Балканскиот Полуостров во 20 век.

Во Косово речиси 92 % од вкупното население е албанско, главно муслимани. Покрај Албанците, 1,5 % од населението се исто така муслимани (Горанци и Роми). Само четири српски општини немаат муслиманско мнозинство: Лепосавиќ, Зјучан, Зубин Поток на север од земјата и Штеперче на југ.

Муслиманското население од 1,84 милиони во Босна и Херцеговина го сочинуваат релативното мнозинство од вкупното население (47 % во 2004 година). Поради процесите на миграција по завршувањето на војната се зголемила територијалната концентрација на муслиманите и тие формираа значајно мнозинство во источниот и североисточниот дел на босанско-хрватската федерација (во близина на Сараево, Тузла) и во северозападните општини (во близина на Бихач). Големи групи муслимани живеат во различни општини во Херцеговина како малцинство. Одреден број на муслимани се присутни и во Република Српска.

Муслиманското население создава силно верско малцинство во земјите формирани по распаѓањето на Југославија: Македонија (33 %), Црна Гора (17 %) и Србија (3 %). Најзначајната заедница се наоѓа во општините и формира населба во долината на горниот дел на Вардар во Македонија, веднаш до блоковите на населбите на муслиманите во Албанија и Косово. Мнозинството муслимани во Србија и Црна Гора живеат во поранешниот регион на Нови Пазар и Санџак. Оваа област претставува еден соседен појас на муслиманско население кој продолжува во соседните области во Косово и во Албанија. Покрај тоа, муслиманите сочинуваат апсолутно мнозинство во три општини во Србија (Бујановац, Медвеџа, Прешево).

Бугарските муслимани сочинуваат само 12 % од населението во земјата. Тие се особено населени во североисточниот дел на земјата, северно од Шумен и во општините на југ, заедно со границата со Грција. Значајно муслиманско население живее во западна Тракија каде сочинуваат нешто повеќе од 2 % од вкупното грчко население. Тие формираат апсолутно мнозинство во долините на планините Родопи со периферна локација и во областите далеку од стратешките патишта.

Муслиманското население од околу 50.000 е претежно сконцентрирано во регионот Добруџа и претставува само 5 % од вкупното население на Романија.

Поради изолацијата на Албанија со децении вкоренета во социјализмот, распаѓањето на Југославија преку серија крвави конфликти во 1990-тите години, членството во ЕУ во Грција од пред неколку декади, зачленувањето во ЕУ на Романија и Бугарија и единствените геополитички и општествени околности во Турција, земјите населени со мнозинство муслимани имаат различни патеки во економскиот и социјалниот развој.

# ГЛАВА III ИСЛАМСКИ РАДИКАЛИЗАМ

## 3.1 Исламски радикализам

Религиозниот исламски екстремизам е поврзан со тесна, буквална и тоталитарна интерпретација на исламот. Се залага за единствена глобална исламска држава и воведување на исламското право (шарија) како единствен сеопфатен религиозен и политички систем. Крајната цела на религиозните екстремисти е „конечното спојување на џамијата и државата според шеријатскиот закон". Според нив, политичката организација на држава околу религиозните исламски принципи ја надминува демократијата. Разликата меѓу исламските екстремисти и терористите е дека екстремистите не секогаш прибегнуваат кон насилство за да ги постигнат своите цели. Иако верскиот екстремизам може да послужи како движечка сила и да доведе до терористички активности, тој не секогаш води кон терористичко насилство. Политичката идеологија на овие екстремистички групи е политички ислам.

Исламскиот радикализам како процес е ориентиран кон следење и толкување на муслиманските корени. Често е лимитиран во муслиманските општества, со внатрешна и не експанзионистичка природа. Сепак, во некои случаи може да има политичка димензија, кога овие радикални идеи се трансформираат во политичка агенда на некои групи кои имаат за цел да се борат за власт. Муслиманскиот верски радикализам најчесто се среќава под терминот исламизам или исламски радикализам. Според Гилиан Дено, „исламизмот е начин на инструментализација на муслиманската верска

доктрина од страна на поединци, групи и организации со политички цели. Тој нуди одговори за современите општествени предизвици, предвидувајќи иднина заснована на концепти неодамна ревидирани од страна на исламската традиција.

Насилниот религиозен екстремизам покажува некои идеолошки и структурни карактеристики тесно поврзани со претходните карактеристики на верскиот тероризам, иако додаваат некои нови аспекти. Дефиницијата за тероризам е постојан проблем во безбедносните студии, бидејќи терористичкото насилство опфаќа широк и неправилен опсег на случаи. Иако научниците не се согласуваат околу една единствена дефиниција на тероризмот, таа покажува некои клучни карактеристики: има доктринарна и идеолошка природа; е со предумисла, со цел да предизвика чувство на екстремен страв и терор; има за цел поширока група луѓе од само неговите директни жртви; актите на терористичко насилство го гледаат локалното и глобалното јавно мислење како сериозно кршење на општествените вредности; насилството има за цел да постигне добро дефинирани политички и геополитички цели.

На стратешко ниво, екстремизмот е поврзан со: а) насилно ширење на екстремни верски доктрини; б) погрешно толкување на исламот за да се оправда употребата на насилство; в) трансформација на структурата на терористичките групи; г) зајакнување на соработката меѓу терористичките групи и организирање.

Политичкиот ислам пак се користи за означување на широк спектар активности на поединци или организации кои се движат кон трансформација на државата и целото општество според „исламските“ правила. Се базира на исламот кој е комплекс на политичко убедување и фундаментални исламски книги - Коран, Сура (биографијата на Мохамед) и Хадид (мохамедски традиции). Терминот често се користи во врска со движењата кои ги претставуваат актуелните политички сили во името на исламот, кои се појавуваат кон крајот на XX век. Исто така се употребува како термин кој ги опишува политичките активности кои произлегуваат од основните исламски книги насочени претежно на немуслиманите.

Промоторите на политичкиот ислам сметаат дека тоа е религиозна доктрина со јасни аргументи за политичкиот и општествениот поредок во современиот муслимански свет, добро опремена и со агенда за спроведување. Прво, се однесува на индивидуална духовна битка, за да се исполнат идеалите на исламот како начин на живот. Второ, се однесува на обидот да се подобри севкупната религиозна состојба на муслиманската заедница. Конечно, се однесува на напорите да се заштити - без употреба на насилство и да се пренесе божјото слово на неверниците.

### 3.2 Извори на фундаменталистички движења на современиот ислам

Исламските фундаменталистички движења се по природа антисистемски социјални движења. Антисистемското социјално движење има за цел да ги критикува владините институции и политичкиот меинстрим додека мобилизира незадоволни индивидуи против постојните општествено-политички и социоекономски институции.

Антисистемското фундаменталистичко движење го прави ова додека ги заснова своите критики во религијата. Исто така, антисистемските социјални движења се реактивни во природата и се случуваат како реакција на настаните и силите на социо-економските, политичките и културните арени. Исламскиот фундаментализам се формира како реакција на и во одбрана на резултатите и последиците од присилната асимилација, модернизација, индустријализација, глобализација, американизација и вестернизација, од кои сите се пробиле во поголемата исламска заедница.

Не постои консензус за тоа што го предизвикува подемот на исламскиот фундаментализам во научната мисла или објаснување за тоа зошто некои држави имаат повеќе исламски фундаменталистички движења од другите држави.

Научниците нудат пет значајни причини кои ги објаснуваат причините за исламскиот фундаментализам. Прво, некои тврдат дека влошувањето на економијата, невработеноста и сиромаштијата го олеснуваат фундаментализмот

(т.н. социоекономски аргументи). Втората причина која се среќава во литературата е дека културните тензии меѓу Истокот и Западот, како резултат на модернизација, вестернизација и американизација, го олеснуваат фундаментализмот. Трето, многу научници тврдат дека фундаментализмот е резултат на крахот на советската империја и политичкиот/социјалниот вакуум кој останува. Четврто, некои тврдат дека поединците стануваат исламски фундаменталисти во време на лична криза, со цел да бидат поблиску до Бога. Петто, некои теории од литературата го објаснуваа фундаментализмот како резултат на специфичен историски катализатор, како што е палестинското прашање, Иранската револуција од 1979 година, радикализацијата на египетското општество или атентатот на Анвар Садат во Египет.

Првиот преовладувачки аргумент ги објаснува основните причини за исламскиот фундаментализмот како директно поврзан со социоекономските прашања и претпоставува дека влошувањето на економиите го олеснува фундаментализмот, па често изборните постигнувања на фундаменталистичките политички партии може да се припишат на национални економски фактори. Во муслиманскиот свет, организираните муслимански екстремисти ги чуваат инфраструктурите на државите кои работат во периодите на економски тешкотии или национална катастрофа. Политичкото отуѓување поттикнато од економска депривација влијае врз фундаменталистичките движења кои можат да бараат да се поправи перципираното или реалното отуѓување преку создавање на вооружени или политички групи, а понекогаш и преку двете. Во рамките на овој аргумент постојат тврдења дека исламскиот фундаментализам е резултат на повеќе од едноставно економски фактори и може да се објасни со исламската социјална структура, конкретно, нивото на развој, степен на урбанизација, модел на распределба на богатството и приход, и разлики во моделите на потрошувачка. Исто така во многу постколонијални општества, една партија доаѓа на власт и тие партии го поттикнале движењето да стекнат независност од колонизаторите. Сепак, како што се влошуваат социоекономските услови во овие постколонијални нации, се појавуваат фундаменталистичките политички партии како противтежа и по долго владеење на претходните постигнуваат значителни избори успех. Иако постколонијалните движења за независност и

последователните економски услови влијаат врз развојот на фундаменталистичките групи, постојат тврдења дека нееднаквата дистрибуција на економскиот развој и природните ресурси во основа е коренот на развојот на фундаменталистичките групи. Рецесии, депресии, инфлација, штрајкови, невработеност и глад создаваат ставови и поплаки изразени од чувствата на релативна лишеност кај одредени групи во популацијата што доведува до зголемување на фундаментализмот.

Вториот значаен аргумент во литературата е дека исламскиот фундаментализам е резултат на губење на традиционалната исламска култура поради вестернизација, американизација и модернизација. Многу научници го објаснија порастот на религијата како политичка сила создавајќи тензии поврзани со модернизацијата. Многумина тврдат дека муслиманите страдаат од двојна криза, што го олеснува исламскиот фундаментализам. Прво, муслиманите страдаат од социо-економски и политички кризи кои произлегуваат од наметната интеграција на исламската цивилизација во свет во кој доминира Западот. Второ, муслимани страдаат од идентитетска криза предизвикана од изложеност на културна модерност. Општо чувството меѓу исламските фундаменталисти е дека од Крстоносните војни, западниот свет е ангажиран во кампања за уништување на исламот. Како одговор, исламските фундаменталисти формираа групи како метод на застапеност против западниот свет. Во овој поглед императив е да не се потценува значењето на западниот империјализам во објаснувањето на подемот на исламскиот фундаментализам. Бројни научници го цитираат исчезнувањето на традиционалното исламско граѓанско општество во текот на минатиот век преку западниот империјализам како причина која довела до подемот на исламскиот фундаментализам.

Третото објаснување за причината за исламскиот фундаментализам е имплозијата на Советскиот Сојуз. Со крајот на Студената војна исламскиот фундаментализам се појавува како глобално безбедносно прашање кое претставува сериозен предизвик за државната власт на Блискиот Исток. Во оваа смисла смртта на биполарната меѓународна структура поврзана со Студената војна го олеснила подемот на исламскиот фундаментализам, бидејќи двете суперсили имале ефект да ја потиснат ескалацијата на постоечките конфликти.

Оттука, биполарниот свет на Студената војна бил синоним за глобална стабилност, кога заврши Студената војна, глобалната стабилност исчезна. За време на Студената војна регионалните и внатрешни конфликти во рамките на исламскиот свет биле подредени на американско-советското ривалство. Сепак, со крајот на глобалната биполарност, не постои соодветна меѓународна политичка безбедносна структура за управување со меѓународните промени што резултираше со зголемување на исламскиот фундаментализам. Хилал Хашан[6] тврди дека колапсот на Советскиот Сојуз придонел за исламската милитантност на три начини. Прво, екстремистите го виделе падот на комунизмот како јасен доказ за неповредливост на законите донесени од луѓе. Второ, распадот на Југославија како нуспроизвод на советскиот колапс, ја предизвика војната во Босна и Херцеговина, која доведе до масовно убивање на десетици илјади муслимани, а западните влади направија многу малку за да го спречат српското етничко чистење. Како резултат на тоа, голем дел од исламскиот свет стана фрустриран со западна апатија и хипокризија на надворешната политика во поглед на човековите права. Трето, крајот на Исток-Запад идеолошкото ривалство создаде вакуум во меѓународните односи чиј баланс врзувал одржување избалансиран конфликт. САД се најдоа без голем непријател. Конечно, Бернард Луис[7] тврди дека исламскиот фундаментализам е директен резултат на советската инвазија на Авганистан во 1979 година и причина за појавата муџахедините.

Четвртото објаснување е дека поединците се свртуваат кон исламскиот фундаментализам во времиња на лична криза и за да бидат поблиску до Бога. Според тоа кога тие се соочуваат со сериозни социоекономски проблеми, кризи на културниот идентитет, непостоење влада, и брзи и непотребни промени, а Блискиот Исток се свртуваше кон исламот за утеха и решенија. Муслиманите се исто како христијаните или Евреите, кои за време на тешки времиња се свртуваат кон нивните свети учења и религиозни лидери за водство и утеха.

---

[6] Khashan, H., The New World Order and the Tempo of Militant Islam."British Journal of Middle Eastern Studies 24(1): 5-24, 1997

[7] Lewis, B. 1990. „The Roots of Muslim Rage“. The Atlantic, https://www.theatlantic.com/magazine/archive/1990/09/the-roots-of-muslim-rage/304643/, пристапено на 5.5.2018

Слични објаснувања тврдат дека фундаментализмот е резултат на надворешноста, катализирачки настан, поточно дека исламскиот фундаментализам е директен резултат на раселување на Палестинци по формирањето на државата Израел. Според Хаш,[8] исламскиот фундаментализам произлегува од падот на арапскиот национализам кој го презеде својот најголем удар откако Арапите ја изгубија шестдневната војна во 1967 година. Всушност, египетското муслиманско братство тврдело дека недостатокот на духовност го предизвикал поразот на Египет. Некои научници тврдат дека во Египет започнало раѓањето на современиот исламски фундаментализам во 1928 година со основањето на Муслиманското братство, како резултат на социоекономската нееднаквост олеснета со империјализмот[9]. Други пак тврдат дека модерен исламски фундаментализам се појавил по 1981 година со атентатот на претседателот Анвар Садат. Атентаторите беа идентификувани како исламски фундаменталисти, членови на групата наречена Ал-Џихад, која се надевала дека ќе предизвика исламска револуција во Египет. Конечно, многу научници тврдат дека исламскиот фундаментализам е резултат на Иранската исламска револуција, а успехот на Иранската револуција е директен резултат на рестриктивните политички институции на шахот, со чиј пад започнува нова религиозна идеологија, и отворање на прашањата за социо-економската нееднаквост и сиромаштијата.

И според Митровиќ, [10] постојат три хипотези за заживувањето и експанзијата на исламскиот фундаментализам во светот, кои можат да бидат сумирани накратко.

Првата хипотеза е претпоставката оти заживувањето на исламот е историски резултат, а не резултат на доктрина, и според тоа е резултат на неуспешниот обид за модернизација на земјите од третиот свет. Втората

---

[8] Khashan, H., The New World Order and the Tempo of Militant Islam. British Journal of Middle Eastern Studies 24(1): 5-24, 1997

[9] Voll, J. 2004a. "Islam and Democracy: Is Modernization a Barrier?" In Modernization, Democracy, and Islam, edited by Ed. Shireen Hunter and Huma Malik. New York, NY: Praeger, 2004

[10] Islam At The Balkans In The Past, Today And In The Future Edited By Dragoljub B. Đorđević, Dragan Todorović, Ljubiša Mitrović, Yugoslav Society For The Scientific Study Of Religion,YSSSR Anuual – YEAR XIV

хипотеза е оти исламскиот фундаментализам е израз на пропаѓањето на атеистичката идеологија и социјализмот во земјите од третиот свет особено во земјите во транзиција. Третата хипотеза е оти подемот на исламскиот фундаментализам е реакција на асиметричниот модел на глобализација во светот и растот на структурните нееднаквости. Како израз на овие процеси во последните две децении сме сведоци на заживување на религиозните, на повторна традиционализација и реплебализација, на појавата на религиозни и етнички фундаменталистички движења како нова форма на идентитетот на отпорот кон силите на новиот светски поредок, односно актерите на светската доминација.

Уште една хипотеза за заживувањето на исламскиот фундаментализам е изложена од Амин Малуф во неговата студија „За идентитетот"[11] која укажува на историјата на односите помеѓу развојот на општеството во муслиманскиот свет и исламот како религија. Тој отворено укажува на тоа како милитантните муслимански движења на денешното време не се некој чист производ на муслиманската историја, туку производ на нашата нарушена епоха, нејзините тензии, неговите нарушувања, нејзината практика, нејзината безнадежност. Понатаму додава дека не гледа ниту во историјата на муслиманскиот свет дури ни најмало спомнување на воспоставување на која било „исламска република", ниту на доаѓање на која било „исламска револуција". Малуф се залага за модернизација на светот на исламот и за негување на отворен плурален идентитет чии носители треба да бидат врските или мостовите што се поврзуваат поинаку, заедници и различни култури. Тој заклучува со забелешка дека „можете да прочитате десет големи книги за историјата на исламот од неговото основање и ќе разберете за тоа што се случува во Алжир. *„Прочитајте триесет страници за колонизација и деколонизација", додава тој, „и ќе го разберете многу подобро"*.

[11] Amin Maalouf, In the Name of Identity: Violence and the Need to Belong, Arcade Publishing, 2001

## 3.3 Категории на исламски фундаментализам

По колапсот на Источниот блок, исламот почна да го пополнува празниот простор на антитеза на Западот, па заедно со бројни исламистички движења и настани уште од 70-тите, термини како џихад, шеријат, муџахедини и слично почнаа да окупираат значаен дел од комуникацијата на политичарите и на Западот во исламскиот свет.

Исламскиот фундаментализам или исламскиот радикализам припаѓаат меѓу често споменатите термини кои секојдневно се среќаваат во вестите. Може да се тврди дека овој термин е дури и прекумерно користен и често во поедноставена конотација.

Уште од самиот почеток потребно е да се повтори дека не сите муслимани се фундаменталисти, а не сите фундаменталисти се терористи. Зборот „фундаментален" одредува строго придржување кон некои идеи или системи на мисла и генерално значи идеолошка мотивација за спроведување на одредени вредности.

Фундаментализмот постепено почна да се применува како етикета на други, нехристијански движења и струи на мислата. Во случајот со оваа теза, се анализира само исламскиот фундаментализам. Како што истакнува Бернард Луис, *„постојат различни видови на исламски фундаментализам во различни земји, па дури и понекогаш во една земја"*.[12]

Дефинициите се разликуваат од она што е исламскиот фундаментализам и како тој се разликува од исламизмот (или политичкиот ислам) или исламската преродба. Овој термин се смета за погрешен од оние коишто сугерираат дека сите мејнстрим муслимани веруваат во буквалното божествено потекло и совршенство на Куранот и така се „фундаменталисти", и од други како термин што го користат аутсајдерите за да ги опишат перципираните трендови во ислам. Примерните фигури на исламскиот фундаментализам се Саид Кутб[13],

[12] Lewis, Bernard: The crisis of Islam: holy war and unholy terror. The Modern Library New York, 2003
[13] Encyclopaedia Britannica Online, https://www.britannica.com/biography/Sayyid-Qutb, пристапено на 5.5.2018

Абул Ала Мадуди[14] и Исрах Ахмед[15]. Вахабистичкото движење и неговото финансирање од Саудиска Арабија често се опишува како одговорно за популарноста на современиот исламски фундаментализам.

Греам Фулер го опишува исламскиот фундаментализам не како разлика од исламизмот, туку како подмножество т.е. „најконзервативниот елемент меѓу исламистите“. Неговата „најстрога форма“ вклучува „вахабизам, понекогаш познат и како салафизам“. За фундаменталистите законот е најважната компонента на исламот, што доведува до огромно нагласување на јуриспруденцијата, обично тесно замислена.[16]

Исламскиот фундаментализам традиционално генерално има две тенденции, и тоа „традиционалистички“ и „реформистички“ тенденции:

- Традиционалистите го прифаќаат „континуитетот“ меѓу основачките исламски „текстови“ - Куранот и Суните - и нивните коментари. Традиционалистите ја преземаат „имитацијата“ (taqlid), прифаќајќи го она што беше кажано пред и одбивајќи да иновираат (bidah), како основен принцип. Тие следат една од големите школи на религиозната исламска јуриспруденција (Шафии, Малики, Ханафи, Ханбали). Нивната визија за шеријатот е суштински легалистичка и се користи за да се утврди што е религиозно правилно или погрешно за да се вклучат во доброто и забранетото погрешно.
- „Реформистичкиот“ фундаментализам, пак, „ја критикува традицијата, коментарите, популарните верски практики“ (марабутизам, култ на светци), „отстапувања и суеверија“; таа има за цел да го исчисти исламот со враќање во Куранот и Суните. Овој реформизам често е „развиен како одговор на надворешната закана“, како што е „влијанието на хиндуизмот врз исламот“. Во доцниот XIX век, салафизмот бил развиен во арапските земји“, означувајќи ја фазата помеѓу фундаментализмот и исламизмот“.

[14] Encyclopaedia Britannica Online, https://www.britannica.com/biography/Abul-Ala-Mawdudi, пристапено на 5.5.2018
[15] https://en.wikipedia.org/wiki/Israr_Ahmed
[16] Fuller, Graham E., The Future of Political Islam, Palgrave MacMillan, (2003), p. 48

### 3.3.1 Џихад

Џихадот е еден од клучните термини на исламската доктрина и теоријата на исламскиот закон. Тоа е исто така термин, кој често се користи во врска со исламскиот фундаментализам и исламизмот. Џихадот е нејасен термин кој не мора да биде поврзан со какво било насилство.

Западните општества се сметаат дека се изградени врз универзални вредности кои имаат корени во христијанските и еврејските традиции. Западниот универзализам е добро познат, но и исламот исто така е пример за универзализам во политиката и меѓународните односи. Исламскиот универзализам се заснова на идејата дека Бог го испратил пророкот Мухамед да ја навести „божјата религија" (исламот) во целиот свет. Затоа, обврската на муслиманите е да го промовираат и шират исламот со мирни и воени средства за ширење на исламскиот божји закон во светот. Овој факт се рефлектира во една од најважните задачи на еден муслиман, концептот на активни напори за патот на Бога (al-jihad fi sabil Allah)[17], па дури и „џихад со меч" ( jihad bis-Saif)[18], од кој џихадот најчесто се толкува како „света војна". Во таа смисла, џихадот може да се води против неверници и отпадници. Џихадот го смета христијанскиот дел од светот како нешто што секогаш е поврзано со „светата војна", но џихадот може да претставува или мисионерска работа или други такви начини за ширење вера.

Во рамките на значењето на религиозната терминологија, „џихадот е разновиден напор (на поединци или цели заедници) за успешен развој, консолидација и проширување на исламот". Во офанзивните акции, џихадот е обврска за волонтери и професионалци. Во дефанзивни војни тој станува обврска на секоја способна личност. Џихад е елементарен градежен камен на исламскиот поглед на светот и покрај ширењето на верата, тој исполнува неколку должности. Меѓу основните муслимански должности се *„да се молат [...], да постат по одредени периоди, да им даваат милостина на*

[17] Израз кој означува стремеж или борба на патот кон Алах. Исламскиот теолог Ибн Ружд на Западот познат како Аверoес во XII го објаснува џихадот како четири посебни концепти од кој jihad bis- Saif значи напор или џихад со меч. https://counterjihadreport.com/tag/jihad-by-the-sword-jihad-bis-saif/
[18] https://counterjihadreport.com/tag/jihad-by-the-sword-jihad-bis-saif/

*сиромашните луѓе, да извршат барем еднаш во животот аџилак, да прават добро во согласност со исламскиот кодекс на етика и да се борат против злото во себеси и злото што доаѓа однадвор*". Поединецот кој го спроведува џихадот се нарекува муџахедин или со други зборови воин. Во овој момент, овој термин ги поттикнува исламските фундаменталисти кои се борат во света војна против Западот. Од друга перспектива, би можело да се каже оти секој муслиман може да биде муџахедин, бидејќи „човек кој ја исполнува откриената вистина со својот живот, е личност што врши џихад".

### *3.3.2 Шеријат*

Исламските идеи и прописи во врска со џихадот се дел од шеријатскиот исламски кодекс на законите. Како и со џихадот, толкувањето на шеријатот е нејасно и е многу посложено. Шеријатот честопати неточно се користи во немуслиманскиот свет. Шеријатот е познат како „исламски закон", меѓутоа, терминот „закон" е проблематичен, бидејќи шеријатот никогаш не може да се совпадне со западните концепти за закон. На пример, шеријатот не прави разлика меѓу законот и моралот. Според најчестиот сунитски концепт, шеријатот претставува кодифицирана целина на божји прописи и забрани, кои ги вклучуваат сите детали на човечкото однесување, активности и размислување за светот. Шеријатот значи на арапски „патување", и се користи буквално, на пример како патување до бунарот, но и метафорички како вистинско патување во животот.

Шеријатот буквално не значи „закон", туку претставува инструкција за живот која вклучува и „закон". Процесот на создавање на шеријатските правила го достигнал својот врв околу 10-тиот век, а веќе во 11-тиот век постепено почнал да стагнира. Во западните медиуми шеријатот е претежно претставен во однос на исламскиот фундаментализам, како нешто што е некомпатибилно со умерениот, мирен ислам.

Постојат четири извори на авторитет за шеријатот и тоа: Куранот, Суната, иџмата[19] и кијасот.[20] Се смета дека „несоздаденото слово на Алах", Куранот е

[19] Иџма (Iqma) т.е. консензус на Исламската заедница или консензус на научниците на исламот

одраз на директно божествено откровение и се смета дека е главен извор на исламскиот закон. По Куранот, исламските правници се свртени кон Суната[21], која се смета за индиректно божествено откровение што произлегува од хадисите или изреки и дела на Мухамед. Иџмата се однесува на консензусот на големите „муџахедини“ од минатото, историски процес во кој, откако консензусот беше ставен, стана постојан дел од непроменливото тело на исламскиот закон. Конечно, четвртиот извор на шеријатот е кијасот, или аргументирање според аналогија, што се однесува на прифатен принцип или претпоставка за да се дојде до правна одлука.

### *3.3.3 Дар Ал-Ислам и Дар Ал-Харб*

Џихадот е тесно поврзан со поделбата на светот на два дела: територијата на исламот (dar al-Islam, буквално куќа, живеалиште) и територијата на војната (dar al-Harb). Кажано едноставно Дар Ал-Харб се подразбира како „територија на војна или хаос“. Ова е името за регионите каде исламот не доминира и каде што не се почитува божествената волја, туку таму каде што продолжената борба е норма.

Спротивно на тоа, Дар Ал-Ислам е „територија на мирот“. Така се нарекуваат територии каде исламот доминира и верниците се покоруваат на бог. Според овие концепти, војната е морално неопходна и религиозно обврзувачка сѐ до конечниот и неизбежен триумф на исламот над друите. Во согласност со законот, воената состојба може да биде прекината со соодветно привремено примирје. Областите што се сметаат за Дар Ал-Харб се области каде што луѓето сѐ уште живеат во заблуда, тие се многубошци или со различни верби - Евреи и христијани.

Владите што го контролираат Дар Ал-Харб технички не се легитимни, бидејќи нивната власт и авторитет не произлегува од Бог. Без оглед на тоа

---

[20] Кијасот (Qiyas) т.е. аналогно расудување т.е. процес на дедуктивна аналогија во која учењата на Хадисот се споредуваат, во контраст со оние на Куранот, со цел да се применуваат познатите правила (*nass*) на нова околност и да се создаде нова забрана

[21] Суната е тело на исламскиот верски закон што се базира врз зборовите и делата на пророкот Мухамед. Заедно со Куранот и Хадисот, Суната е еден од изворите на исламското право или шеријат. Извор: Encyclopaedia Britannica, https://www.britannica.com/topic/Sunnah, пристапено на 5.5.2018

каков е политичкиот систем е во секој поединечен случај, тој се смета за фундаментално неважечки.

Ова е, всушност, еден од најсериозните проблеми со кои се соочува исламот и неговата способност мирно да коегзистира со други култури и религии. Овој став се влошува уште повеќе од верувањето дека ако некоја територија некогаш била дел од Дар Ал-Ислам, а денес е под контрола на Дар Ал-Харб, тогаш тоа претставува напад врз исламот. Затоа, обврската на сите муслимани е да се борат со цел да ги повратат изгубените територии. Сепак, тоа не значи дека исламските влади не можат да влезат во привремени мировни договори со неверниците за да ги олеснат работите, како на пример трговија, па дури и да го заштитат Дар Ал-Ислам од напади од другите нации на Дар Ал-Харб.

Шафиисната јуриспруденција споменува уште една трета категорија - територијата на примирје (dar al –sulh) или територијата на договорот (Дар Ал-Ахд), кој често се користи од страна на современите умерени исламски толкувачи. Оваа трета категорија се однесува на состојба во која неверниците склучуваат спогодба со муслиманите врз основа на која тие ја задржуваат сопственоста на земјиштето и имотот и на годишно ниво плаќаат пари или некоја стока како вид на данок.

Иако низ историјата имал различна конотација, концептот на dar Al-Harb I dar al-Islam е исклучително важен за геополитиката на Балканот. Без оглед на тоа што има повеќе толкувања за неговото историско и модерно значење[22],[23] Балканот секако се гледа како Dar Al-Harb. Практично сите територии кои некогаш биле под исламска власт (dar al-Islam), а не се повеќе тоа спаѓаат под dar Al-harb. Вакви територии во Европа денес секако се Балканот како поранешна отоманска територија заедно со  на пример Иберискиот Полуостров кој некогаш бил дел од Умајадскиот калифат сè додека муслиманите не биле

[22] Мурад Вилфред Хофман вели оти концептите на dar Al- Islam и Дар и Dar Al-Harb означувале територии каде муслиманите се сметале за слободни да ја практикуваат безбедно својата религија, а не територии кои требало да се освојат

[23] Murad Wilfried Hofman, Muslims as Co-Citizens of the West… Rights, Duties & Prospects, https://i-epistemology.net/v1/attachments/499_V14N4%20Winter%2097-Hofmann%20-%20Muslims%20As%20Co-Citizens%20in%20the%20West.pdf

протерани во VIII век, територии кои биле на границите меѓу исламот и христијанството. Исто така, овие концепти се клучни и во повикот на џихад на Хамас во однос на палестинските територии и борбата против Евреите генерално.

Концептот на dar al-har и dar al-islam имаат многу важна улога во салафистичките и вахабистичките учења, и низ оваа призма може да се разгледаат и конфликтите кои се наоѓаат на линијата на раседот помеѓу Истокот и Западот, но и Балканот и геополитиката на исламот. Во оваа насока српскиот научник Срѓа Трифковиќ ја поставува тезата за „зелена трансферзала“ и подемот на исламот на Балканот. Според оваа теза, за да се оствари исламската идеа за освојување на светот т.е. постанување на целиот свет dar al-Islam, а особено Европа, потребно е муслиманите да имаат силно присуство блиску до неа. Босна била идеална за таа цел, па според тоа религијата и учеството на радикални исламски елементи во овој конфликт имаат причина. За таа цел почнувајќи од конфликтот во Босна, се креира еден појас на поврзување на исламските земји со Босна од каде полесно ќе се освои срцето на Европа, а ги вклучува и сите територии каде муслиманите и другите на Балканот коегзистираат и каде има присуство на радикални исламисти (Бугарија – Македонија – Косово-Санџак – Босна).




Слика 2 Зелената трансферзала и присуството на џихадистички мрежи, Лимес 2018[24]

### 3.3.4 Калифат

Концептот на калифат е клучен за разбирање на исламскиот фундаментализам. Како што споменав погоре, една од клучните разлики меѓу христијанството и исламот е идејата за физичка држава, т.е. калифат во исламот или христијанска држава во христијанството.

Калифатот е управуван од еден калиф, кој е возрасен маж муслиман т.е. калиф кој потекнува од племето Курејши од кое потекнувал и пророкот

[24] Limes, Il network jihadista nei Balcani http://www.limesonline.com/il-network-jihadista-nei-balcani/105747, пристапено на 5.5.2018

Мухамед и има морална чест и авторитет. Калифите не биле пророци со теолошки авторитет, но тие биле наследници на политичката власт на Мухамед.

Должност на сите муслимани е да живеат во легитимен калифат. За разлика од поствестфалскиот западен модел на национална држава, каде што нациите ги почитуваат границите и кршењето на границите е причина за војна, легитимните граници на Калифат ја содржат целата планета. Со други зборови, калифатот не ги почитува границите. Тоа е религиозна и политичка држава во која се практикува шеријатот. Тоа не е демократија; нема потреба од законодавство, бидејќи сите потребни закони се опфатени во шеријатот.

Генерално се зема оти последниот калифат беше Отоманската Империја, а калифатот заврши со отоманската загуба во Првата светска војна и воспоставување на републиката во Турција. Оттогаш многу муслимански групи бараат враќање на калифатот. Во денешно време повеќето фундаментални исламски групи се борат за воспоставување на калифат, вклучително и Муслиманското братство, Ал Каеда, ИСИС и слични.

### *3.3.5 Такфир (takfir)*

Еден од клучните концепти во исламот кој во голем степен денес се применува од страна на радикалните исламски струи и особено Исламска држава (ИСИС) е концептот на такфир (takfir). Така такфирите може да ги прогласат сите Шиити и Сунити (не вахабисти) кои не го следат патот на побожните предци и да ги подложат на екскомуникација т.е. отфрлање од страна на заедницата. Според овој концепт сите муслимани кои не го следат вахабизмот се виновни за гревот на политеизмот (shirk).

Такфирите, исто така ја отфрлаат традиционалната муслиманска должност на почитување на легитимните владетели на сите начини кои не се во спротивност со шеријатот. Такфирите сметаат дека сите политички авторитети што не се придржуваат кон нивното толкување на исламот се нелегитимни и затоа отпаднички. Така, насилството против таквите режими се смета за легитимно.

Такфирите веруваат во исламот строго според постапките и изјавите на Мухамед и неговите соработници и не прифаќаат никакви отстапувања од нивниот пат, тие ја отфрлаат секоја реформа или промена на нивното толкување на религијата. Оние кои ја менуваат својата религија од исламот на кој било друг начин на живот или негираат некој од основните темели на исламот или кои обожаваат, следат или слушаат нешто друго освен исламот, стануваат оние на кои такфирисот го објавува „такфир", нарекувајќи ги отпадници од исламот и затоа не се муслимани.

Такфириските ставови за самоубиство, исто така, значително се разликуваат од оние на ортодоксниот ислам. Такифирите веруваат дека оној што намерно се убива додека се обидува да убие непријатели е маченик (shahid) и затоа оди директно во рајот. Според тоа, сите гревови се прочистуваат со чинот на самоубиство, дозволувајќи користење на неселективно убивање на цивили.

Во принцип, единствената група овластена да прогласи муслиман за неверник (kafir) е муслиманската улема, т.е. научниците на исламот, а тоа се прави само откако ќе бидат преземени сите пропишани правни мерки на претпазливост. Меѓутоа, денес сè поголем број на вахабистички / салафистички групи, класифицирани од страна на некои научници како салафисти/такфири, се одделиле од ортодоксниот метод за прогласување на такфир преку методите пропишани во шеријатот, и за себе го резервираат правото да го прогласат секој муслиман како отпадник, како и секој немуслиман. Ова денес го применуваат повеќето радикални исламски групи, особено ИСИС.

## 3.4 Салафизам и вахабизам

### *3.4.1 Салафизам*

Вахабизмот и салафизмот често се сметаат за идентични и често се користат наизменично, или како синоними. Но сепак, помеѓу овие два поима постои разлика. Често, научниците вахабизмот го гледаат како „подмножество" на салафизмот, што не е целосно точно, бидејќи вахабизмот потекнува порано.

Главната разлика помеѓу салафизмот и фахабизмот е добро опишана од страна на Мусали во неговото дело „Вахабизмот, салафизмот и исламизмот: Кој е непријателот?“ [25] „По правило, сите вахабисти се салафисти, но не сите салафисти се вахабисти“.

Генерално, многу е покорисно да се користи терминот салафизам бидејќи потекнува од терминот со кој се означуваат побожните предци (al-salaf al-salih), т.е. првите три генерации на муслимани кои од прва рака го искусија подемот на исламот и се сметаат за пример за правилниот начин на кој треба да живеат муслиманите.

Понекогаш, на вахабизмот се гледа како на саудиска верзија на салафизам, што исто така не е целосно точно. На пример, повеќето вахабисти во Босна не се со саудиско потекло. Покрај тоа, иако службена саудиска верзија е вахабизмот, не сите саудиски сунити себе си се сметаат за вахабисти, туку за салафисти.

Според Меѓународната кризна група, терминот салафизам „опишува движење кое се обидува да се врати на она што неговите приврзаници го гледаат како најчиста форма на исламот, што ја практикувал пророкот Мухамед и двете генерации што го следеа. Во пракса, ова значи отфрлање на неоправдани иновации (bid'ah) донесени во религијата во подоцнежните години. На едно ниво ова вклучува отфрлање на кое било од четирите правни училишта на кои се потпира исламската ортодоксија, а наместо тоа се фаворизира во директна и буквална смисла интерпретација на Куранот и хадисот“.[26]

Салафизмот е обид да се создаде чиста вера од страна на основачите на исламот. Враќањето во време на чистота е често меѓу верските реформатори на повеќето вери. Во христијанството, голем дел од Протестантската реформација е исто така концентрирана на елиминирање на надворешните практики кои се

[25] Moussalli, A. "Wahhabism, Salafism and Islamism: Who Is The Enemy?" American University of Beirut, 2009

[26] International Crisis Group. Indonesia Backgrounder: Why Salafism and Terrorism Mostly Don't Mix. Asia Report N°83. Brussel, 2004 http://www.seasite.niu.edu/indonesian/islam/83_indonesia_backgrounder_why_salafism_and_terrorism_don_t_mix _web.pdf, пристапено на 5.5.2018

развиваат под римокатолицизмот и православните религии. Во исламот, салафистите се обидуваат да го сторат истото. Една од клучните разлики меѓу христијанството и исламот е идејата за физичка држава, т.е. калифат во исламот или христијанска држава во христијанството.

Вахабизмот, чиј основач бил Мухамед ибн Абд ал-Вахаб, од друга страна се смета за салафистичко движење чија идеологија се потпира на неколку идеи и доктрини. Прво, се придржува кон многу стриктна и буквална интерпретација на монотеизмот. Второ, вахабизмот бара прочистување на исламот од историски иновации како теологија, школи на јуриспруденција и традицијата на посетување на гробови и светилишта на почитувани индивидуи. Во овој поглед, стриктно се неприфатливи практиките и однесувањето кое може да биде окарактеризирано од вахабистите како политеизам (shirk), неверување во Господ (kufr), одметнување од религијата (ridda) и иновации (ƀida‘). Следбениците на основачот на вахабизмот Мухамад ибн Абд ал-Вахаб себеси се нарекувале al-muwahhidin, т.е. монотеисти со импликација оти другите муслимани не се, и оттука произлегува терминот вахабисти.

Ако ги споредиме двете групи, разликите се следните: салафизмот најчесто претставува начин на живот без поголеми политички амбиции кои водат до милитантен џихадизам. Покрај тоа, салафистите се многу конзервативни не само од западната гледна точка, туку и за мнозинството од светската популација на муслимани. Салафизмот, како и вахабизмот има строг кодекс на облекување. Од мажите се бара да растат бради и жените да бидат покриени целосно во присуство на секој надвор од нивното непосредно семејство. Покрај тоа, салафизмот отфрла некои модерни пронајдоци под изговор оти Куранот најверојатно ќе забранел (ако тие пронајдоци постоеле во времето на пророкот Мухамед), како што се фотографија, повеќето форми на музика, конвенционално банкарство и избори. Одредени феномени како телевизија, радио и интернет се прифатливи ако се користат за пропагирање на салафиската доктрина. Она што е многу важно, салафизмот не препознава каква било форма на лидерство или хиерархија освен на „командантот на верниците“ (amir ul-mukminin), а одбиваат дури и политички партии.

### 3.4.2 Вахабизам

Вахабизмот има свои корени во Саудиска Арабија во 18 век. Приврзаниците на оваа доктрина се водени од учењата на саудискиот религиозен реформатор Шеик Мохамед бин Абдул ал Вахаб, кој преминал на Блискиот Исток со цел да ги шири своите монотеистички верувања, а главната цел на Вахаб било „прочистувањето" на сунитскиот ислам. Тој тврдел дека муслиманите треба буквално да го толкуваат Куранот и дека верувањето во суеверието (аџилак до светилиштата, подигањето на надгробни споменици, верувањето во предзнаците и употребата на тетифи) претставува опасно пренасочување кое треба да се напушти.

Но идеите на Мохамед бин Абдул ал Вахаб не се сосема оригинални, и се верува оти тој бил под влијание на идеите на религиозниот научник од Сирија Ибн Тајмија (Ibn Taymiyya), кој живеел во 12 век и ја основал најконзервативната исламска јуриспруденција т.е. Ханбали.

Од неговите саудиски корени, вахабиската доктрина денес стана синоним за екстремистичка варијанта на современиот политички ислам, иако неговите сопствени учења се толкуваат на повеќе начини за да се вклопат во политичката агенда на разни групи. Следбениците на ал Вахаб денес се попознати како вахабисти, но тие самите често себеси се нарекуваат салафисти.

Вахабизмот брзо го достигнал врвот во текот на 18 и 19 век, станувајќи највлијателен на Блискиот Исток и Заливот, како резултат на спојувањето на политичките интереси на Мухамед Ибан Сауд, племенски шеф на територијата која денес ја сочинува Саудиска Арабија со религиозните интереси на Мохамед бин Абдул ал Вахаб, со што саудиската династија станува моќен патрон на вахабистите.

Генерално има неколку дефинирачки моменти кои придонеле до тоа вахабизмот од една периферна непозната религиозна идеологија да стане глобална закана. Првиот момент кој веќе е спомнат е историската алијанса помеѓу саудиската династија и ал-Вахаби. Благодарение на клучните елементи на вахабизмот како *da'wa* т.е. повикот на вера, џихадот го прифатиле сè повеќе

племиња на Арабискиот Полуостров и се приклучиле кон Саудиското Кралство. Значи, кога вахабистите повикувале на прочистување на верата со меч, Саудијците биле предводници.

Вториот момент е обидот за централизација на моќта на племето во рацете на Сауд. На крајот на XIX и XX век, водачите на саудиската династија почнуваат да формираат земјоделски колонии на освоената територија на Ал-Хаса близу Персискиот Залив, што доведува до смирување на традиционално номадските бедуински племиња, и добивање на нивната лојалност преку крвни сојузи. Овие племиња подоцна биле познати како Ихван, а преку нив се проширува сферата на влијанието на вахабистичко-саудиската алијанса.

Третиот момент е улогата на Велика Британија на Блискиот Исток на почетокот од 20-тиот век, и нивното поддржување на саудиската династија предводена од Абдализ ибн Сауд која владеела со Арапскиот Полуостров, наместо на Хусеин Бин Али, владетел на Мека кој имал претензии да владее со целокупниот Блиски Исток, поради стравот дека ваков калиф може да го предводи муслиманскиот свет против британските интереси на Блискиот Исток.

Четвртиот клучен момент е откривањето на големи резерви на нафта со што Саудиска Арабија и со тоа вахабистите стануваат најбогатата и најмоќна владејачка елита. Ова богатство кое доаѓа од огромните резерви на нафта помага за проширување на вахабизмот на други делови од светот, како што несомнено ќе видиме понатаму.

И покрај учењето на вахабистите чиј однос кон западните технологии беше исполнет со сомничавост, со огромно богатство на располагање, саудиските владетели започнаа со модернизација. Сепак, технолошката модернизација во случајот на Саудиска Арабија е пред социокултурната модернизација. Системот на Саудиска Арабија е авторитетно општество во кое владејачката саудиска фамилија има власт благодарение на огромното богатство што доаѓа од нафтата, меѓународната заштита од страна на САД и системот на проверки и рамнотежи меѓу вахабистичките свештеници и саудиските владетели. Вахабизмот и денес е многу важен во функционирањето на Саудиска Држава.

Куранот останува официјален устав на Саудиска Арабија, а шеријатот е саудиски закон.

Но почнувајќи од 70-тите вахабистичките свештеници стануваат нетрпеливи со „корумпираното“ владеење на саудиската династија. Наместо да помогне во консолидација на социјалната кохезија - и со тоа и на стабилноста - преку прераспределба на богатството на земјата, значајното богатство што го добива саудиската династија за време и по нафтената криза во 1973 година е апсорбирана во малата и затворена владејачка елита. Овој огромен јаз во богатството создаде значителна општествена дислокација и го зголеми незадоволството кај сиромашните, од кои екстремистите добија поддршка. Настаните низ целиот регион во доцните 1970-ти, како што се Иранската револуција, советската инвазија на Авганистан и, што е најважно, окупацијата на Големата џамија во Мека (и последователната битка меѓу саудиските вахабисти и странските исламисти од една страна и Саудиска национална гарда, од друга страна), станаа голем проблем за саудиската династија. За да се справи со зголемената домашна закана од локалните вахабисти и странски екстремисти, саудиската династија активно го охрабри извозот на персоналот и идеологијата на вахабистите, првенствено на џихадот во Авганистан. Како последица на тоа, многу саудиски вахабисти ќе учествуваат во конфликти далеку од саудиските граници, а по завршувањето на конфликтот со советскиот муџахедин, многумина се преселија за да се вклучат во нови конфликти, како што се оние кои беснееја во Чеченија, Алжир и Босна и Херцеговина.

# ГЛАВА IV ГЕОПОЛИТИЧКИ ТРЕНДОВИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВИВАЊЕ НА ЗАКАНАТА ОД ИСЛАМСКИОТ РАДИКАЛИЗАМ НА БАЛКАНОТ

Предизвиците на радикалниот ислам на Балканот и пошироко за Европа може да се разберат делумно преку разбирањето на неколку дефинирачки трендови: а) распаѓањето на Југославија и серијата крвави конфликти во 1990-тите години, пред сè во Босна и Косово, б) влијанието на салафизмот и вахабизмот на Балканот особено поради отсуството на државите во посткомунистичкиот период на ревитализација на исламските институции и

обидите за редефинирање на практикувањето на исламот и исламскиот идентитет, в) социо-економската состојба и слабите државни апарати во земјите на Балканот предизвикани од долготрајната транзиција и губење на довербата во владеењето на правото г) организираниот криминал д) судирите на Блискиот Исток особено во Сирија и Ирак кои предизвикаа масовно мигрирање на население од областите на судир кон земјите од Европа преку таканаречената Балканска рута и улогата на оваа рута во транзит на терористи кон Европа и ѓ) регрутирањето на борци од балканските земји за ИСИС и другите радикални исламски групи, но и воспоставување на ИСИС на Балканот, но и други исламски радикали и групации.

Но за да се разгледа и утврди дали на Балканот навистина постои закана од радикален ислам, и да се разберат трендовите кои се подолу опишани, потребно е да се разгледа геополитичкиот момент т.е. како просторните елементи влијаат на поширокиот историско –политички контекст.

Посебноста на овој простор се неговата географска локација, културолошко/религиозна определеност и секако политичко-економската состојба.

Како географски концепт Балканот секогаш се наоѓал на линијата на судирот, на раседот помеѓу две различни области Истокот и Западот. Денес Балканот барем географски во голем дел е погранечен европски регион составен од мали бројни земји. Балканот има неповолна географија, многу планински венци, недостаток на пристап кон море на повеќето земји. Овие фактори го прават регионот фрагментиран, распарчен на делови од кои тешко може да се направи една целина, а тоа во голем дел спречило создавање на големи и моќни држави на Балканот и го направиле предмет на интерес и мешање на надворешни сили.

Ако Балканот се набљудува од гледна точка на теоријата на хартленд и рилменд, тогаш можат да се издвојат два посебни региони. Срцето на Балканот т.е. хартлендот го сочинуваат централните земји, т.е. Србија, Македонија и

делумно Косово. Според Ромео, [27] хартлендот всушност е областа во триаголникот Белград – Солун – Софија. Според Милески[28] пак хартландот на Балканот е Македонија пред сè со Вардарската Долина, а стратешки важна е и Моравската Долина, а овие две се надоврзуваат во денешниот коридор 10. Бугарија, Грција, Албанија, Црна Гора и Хрватска пак го сочинуваат римлендот, т.е. територии кои го опкружуваат балканскиот хартленд.

Културолошки пак Балканот се наоѓал на една линија на допир на различни религиозни и културолошки модел како ислам и христијанство, католицизам и православно христијанство.

Економско-политички земјите од Балканот биле на линијата на спротивставени економски модели (комунизам/капитализам). Фрагментацијата на географијата се пресликала во политичка фрагментација. Така Балканот е еден етнички мозаик, групи кои имаат свој идентитески пат и кои се главно поврзани со свое мало ограничено природно подрачје, со силен етноцентризам по кој Балканот е познат и не дозволиле формирање на една голема држава на Балканот во време кога тоа се случувало во Европа. Токму поради ова Балканот историски претставувал еден вакуум на моќ кој големите околни држави или империи се стремеле да го пополнат. Прво тоа биле Отоманската Империја и Австро-унгарската, па по распадот на Југославија Балканот повторно да биде предмет на влијание на надворешните сили, сега Западот (Европа, НАТО), Русија и Турција и сè повеќе азиските земји т.е. Кина со нивниот план за новиот кинески пат на свилата, „еден појас – еден пат“[29] во кој Балканот е еден од елементите на овој нов глобален трговски пат. Русија е многу активна во енергетскиот сектор, а Турција е еден од најголемите трговски и инвестициски партнери во регионот. И Австрија исто така има силно економско присуство на Балканот.

---

[27] http://foreignpolicynews.org/2016/12/01/role-europe-balkan-regions-geopolitical-crossing/

[28] Тони Милески, Марио Шаревски, Концептуализација на политичката карта на Балканот, Безбедносни дијалози, година 5 број 1, 2014

[29] One belt, one road: https://www.mckinsey.com/featured-insights/china/chinas-one-belt-one-road-will-it-reshape-global-trade

Затоа, како и кај повеќето земји од европските погранични региони, регионот на Балканот ќе биде обликуван од надворешни сили исто толку колку што е предмет на внатрешна динамика и трендови.

## 4.1 Распаѓањето на Југославија во серија крвави конфликти

Колапсот на советскиот комунизам кон крајот 1980-тите предизвика низа значајни политички, социјални и културни трансформации на Балканот. Во поранешна Југославија, како и насекаде, овој процес на трансформација го поттикна повторното појавување на национализмот и религијата во општествениот и политичкиот живот во регионот.

Југословенските војни беа серија етнички конфликти и војни за независност кои се водеа во периодот од 1991 до 1999/2001 во поранешна Југославија. Овие војни го придружуваа и го олеснаа распадот на југословенската држава, кога нејзините конститутивни републики прогласија независност, но прашањата на етничките малцинства во новите земји (главно Срби, Хрвати и Албанци) сè уште беа нерешени, иако републиките беа признати на крајот на меѓународно ниво. Овие војни генерално се сметаат за серија на одделни, но поврзани воени конфликти што се случија и ги погодија повеќето поранешни југословенски републики.

Повеќето војни завршија со мировни договори, вклучувајќи целосно меѓународно признавање на новите држави, но со огромни економски штети во регионот. Првично, Југословенската народна армија (ЈНА) се обиде да го сочува единството на цела Југославија со разбивање на сецесионистичките влади, но сè повеќе стануваше под влијание на српската влада на Слободан Милошевиќ што ја предизвика српската националистичка реторика и беше подготвена да ја искористи југословенската кауза за зачувување на единството на Србите во една држава. Како резултат на тоа, ЈНА почна да ги губи Словените, Хрватите, косовските Албанци, Бошњаците и етничките Македонци и ефективно стана српска војска. Според извештајот на Обединетите нации од 1994 година, српската страна не сакаше да ја обнови Југославија, туку да создаде „Голема Србија“ од делови на Хрватска и Босна. Другите иредентистички движења, исто

така, се поврзуваат со војните, како што се „Голема Албанија“ и „Голема Хрватска“.

Често опишани како најсмртоносните конфликти во Европа по Втората светска војна, војните беа обележани со многу воени злосторства, вклучително и етничко чистење, злосторства против човештвото и силување. Босанскиот геноцид беше првото европско злосторство од Втората светска војна што формално беше оценето како геноцидно по карактер, а многу од клучните поединечни учесници беа обвинети за воени злосторства.

Според Меѓународниот центар за транзициска правда[30], југословенските војни резултирале со смрт на 140.000 луѓе. Центарот за хуманитарно право проценува дека во конфликтите во поранешните југословенски републики биле убиени најмалку 130.000 луѓе.

Војните во Југославија всушност се серија на повеќе судири и тоа а) десетдневната војна со која Словенија се отцепи од Југославија во 1991, б) хрватската војна за независност за отцепување на Хрватска која се водеше од 1991 до 1995 в) Босанската војна од 1992 до 1995, г) Косовската војна која се водеше во периодот 1998 -1999 и со која Косово се отцепи од Југославија, д) востанието во Прешево, Медвеѓа и Бујановац во 1999-2001 и ѓ) конфликтот во Македонија во 2001 година.

Иако овие конфликти се значајни сами по себе и доведоа до големи реперкусии во регионот, од знајачност за овој труд се конфликтите во Босна, Косово и Македонија бидејќи за прв пат има вклучување и учество на радикални исламски елементи.

*4.1.1 Босна*

Од серијата крвави конфликти кои го следеа распадот на Југославија, војната во Босна беше најкрвава, со најголеми реперкусии по Балканот во поглед на инфилтрацијата на радикалниот ислам.

[30] Intenational Center for Transitional Justice, https://www.ictj.org/our-work/regions-and-countries/former-yugoslavia, пристапено на 4.5.2018

Одбраната на босанските муслимани стана кауза во исламскиот свет за време на 90-тите години па така во босанските заедници се сливаа многу пари и отприлика 4000 муџахедини во периодот од 1992 до 1995, од кои најмалку 1000 останале во Босна и по потпишувањето на Дејтонскиот договор. Присуството на овие радикални муслимани има голема улога во реисламизацијата на муслиманите во Босна и прифаќањето на вахабизмот и салафизмот.

Војната остави 97 207[31] жртви кои беа убиени или исчезнаа и резултираше со поместување на големи делови од популацијата. Владејачката бошњачка влада која во тоа време нема сојузник се соочуваше со меѓународно ембарго за оружје и беше надвладеана од силите на босанските Срби. Бидејќи ставот на Запад кон босанските муслимани беше повеќе од претпазлив во тоа време, бошњачкото раководство предводено од Алија Изетбеговиќ нема друг избор освен да побара [32] и прифати помош од неколку блискоисточни земји вклучително и Саудиска Арабија, ОАЕ и Иран[33], која освен во пари и оружје се состои и од неколку илјади муслимански волонтери и платеници, вклучувајќи голем број исламски радикали, главно вахабисти.

Времето на почетокот на Босанската војна буквално беше идеално за пристигнувањето на муџахедините. Во зимата 1992 година тие постигнаа конечна победа против Русите во Авганистан, а повеќето од нив почнаа да бараат ново место каде што би можеле да продолжат да се борат во името на џихадот. Многумина од нив и немале каде да се вратат бидејќи во нивните матични земји тие веќе биле осудени на високи казни или барани за претходно учество во терористички организации кои планирале да ги соборат домашните власти.

Југословенската исламска заедница, како и врховната команда на Босанската армија во тоа време, беа против конфликт на чисто религиозна

---

[31] Бројка од Центарот за истражување и документација во Сараево од 2013 година, институција со намена да ги документира податоците за жртвите на војната и геноцидот во Босна. Податоците се објавени во извештајот The Bosnian Book of the Dead, http://www.hicn.org/wordpress/wp-content/uploads/2012/07/rdn5.pdf, пристапено на 5.5.2018

[32] https://www.upi.com/Archives/1992/10/26/Bosnian-leader-travels-to-Mideast-seeking-guns-money/7618720075600/

[33] Њујорк Тајмс, Иран испратил оружје во Босна, 1992 https://www.nytimes.com/1992/09/10/world/iran-said-to-send-arms-to-bosnians.html

основа. Исто така, тие првично не сакале да повикаат на џихад. Босанските муџахедини првично биле приклучени на редовните босански воени единици, иако тие често работеле независно од формалната воена контрола. Во текот на летото 1992 година, муџахедините ги извршиле своите први големи борбени операции во северно-централна Босна, против етничките српски сили, кои започнале офанзива против муслиманите во регионот.

Босанските џихадисти волонтери во голема мера ги сочинуваат авганистанските ветерани од Саудиска Арабија, но исто така и од Пакистан, Египет и Јемен, а им се придружиле и групи на млади незадоволни од Северна Африка, главно од Алжир и Тунис. Еден од нив бил и Калед Шеик Мохамед, роден во Кувајт, подоцна познат како еден од организаторите на нападите на САД од 11 септември 2001.

Идеолошките разлики меѓу пристигнатите џихадисти и локалните босански војници, во август 1993 година, довеле до формирање на посебен муџахедински баталјон кој се состои само од небосанци и е приврзан на седмиот баталјон на Босанската армија. Иако муџахедините имале влијание врз напредокот на војната и оствариле некои значајни победи на бојното поле, нивниот вкупен воен придонес бил ограничен. Сепак, нивната вредност за сараевските власти била многу подалеку од нивното директно влијание врз бојното поле: нивното присуство во Босна имало симболична вредност, а босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ ги сметал за политичка алатка за добивање финансирање и поддршка за војната против Србија од земјите од муслиманскиот свет.

Муџахедините формираа во текот на војната голем број на лабави единици. Најдобро организирана група била Ел-Муџахид, која се состоела од околу 200 Арапи и 500-600 Бошњаци. Единицата била формирана како дел од 3-тиот корпус на АБХ во 1993 година. Муџахедините имале влијание не само на своите сонародници, туку и успеале да преобратат некои млади Босанци во салафизам. Меѓу групата беа обични криминалци, како и шпиони кои предизвикаа „поголема штета отколку добро“.

Според научникот Харун Карчиќ, бројот на придружни борци „се проценувал од 600 на 700 за време на војната, иако Српската војна и повоената пропаганда, особено по 11 септември 2001 година, тврделе смешно високи бројки од 4000 до 5000“. Авторите Ракиќ и Јуришиќ тврдат дека „12.000 пасоши на Босна и Херцеговина им биле дадени на странските борци за време и по војната“.

Сепак, повеќето западни извори се согласуваат за неколку илјади муџахедини. Бошњачката гледна точка изгледа дека го намалува вкупниот број борци, додека Ракиќ и Јуришиќ ја преценуваат истата. Извештајот на Меѓународната кризна група од 2013 година нуди веродостојни податоци дека меѓу 2.000 и 5.000 странски борци дошле во Босна пред Дејтонскиот мировен договор во 1995. Воените советници, верските проповедници, исламските банки и последно, но не и најмалку важно, добротворните организации ги следеа доброволците подготвени да се борат на страната на Бошњаците.

Финансирањето на босанските џихадистички активности главно доаѓа од заливските земји и саудиските „добротворни организации“, кои делуваа како главни канали за испраќање помош и оружје, со што се прекрши ембаргото за оружје наметнато на сите страни во војната. Во текот на војната, јавната и приватната помош од Саудиска Арабија за Босна изнесувала околу 150 милиони долари. Исто така, постојат индикации дека Ал Каеда [34] ги финансирал муџахедините во Босна и другите операции на Ал Каеда во Источна Европа, делумно преку Комитетот за совети и реформација со седиште во Лондон. Дури и Бин Ладен неколку пати ја посетил Босна помеѓу 1994 и 1998 година, откако му бил издаден пасош во амбасадата на Босна во Виена во 1993 година. Се верува дека Ајман ал-Завахири, лидерот на египетската терористичка група за исламистички џихади, беше назначен од Бин Ладен за координирање на операциите на Ал Каеда во Босна во овој момент.

Конфликтот одиграл важен фактор за заживување на исламот во Босна, како и создавање погодни услови за инфилтрација на радикалните струи на исламот, почнувајќи од салафизмот, вахабизмот до радикални учења на

---

[34] Bin Laden and the Balkans: The Politics of Anti-Terrorism, ICG Balkans Report N° 119, 9 November 2001

такфири. Муџахедините во Босна водат џихад на два фронта во исто време. Првата беше вооружената борба со „непријателот на исламот“, а втората се состоеше од обид за промена на локалната концепција за исламот. Ова особено вклучува нетолеранција кон традиционалната интерпретација на исламот и промоција на вахабистичката интерпретација. Како и во Авганистан, исто така и во Босна, овие странски борци успеаја да ја променат природата на конфликтот.

Според Дејтонскиот договор, сите странски војници требало да ја напуштат Босна, но познато е оти голем број на странски исламски радикали останаа во земјата. Точните бројки не се познати, но се проценува дека неколку стотици поранешни борци останле во Босна по војната и станале босански државјани. Дел од нив стапиле во брак со босански државјани, а многумина добиле државјанство како признание за службата за време на војната, или преку поткуп на босански функционери.

И после Дејтонскиот договор, Босна и Херцеговина имала безвизен режим кон сите арапски земји од 1992 до декември 2001 година. Овој факт овозможил многу странци да влезат во земјата и да добијат државјанство, пасоши и лични карти, обично незаконски.

*4.1.2 Косово*

Претекст на Косовската војна е укинувањето на Уставот на Југославија од 1974 година во септември 1990, кога беше унилатерално укинат од страна на Социјалистичка Република Србија, покраината Косово ја изгуби својата автономија, па така регионот се соочи со државно организирано угнетување: од раните 1990-ти, радиото и телевизијата на албански јазик беа ограничени и весниците беа затворени. Косовските Албанци биле отпуштени во голем број од јавните претпријатија и институции, вклучувајќи ги и банките, болниците, поштата и училиштата. Во јуни 1991 година Собранието на Универзитетот во Приштина и неколку факултетски совети беа распуштени и заменети од страна на Србите. Наставниците од косовските Албанци биле спречени да влезат во училишни простории за новата учебна година, принудувајќи ги учениците да студираат дома.

Како резултат на ваквите настани и организираното државно угнетување на косовските Албанци, се формира Ослободителната војска на Косово (ОВК) во 1996 година. Вооружените судири меѓу двете страни избија на почетокот од 1998 година. На 15 октомври 1998 година беше потпишан прекин на огнот што беше олеснет од НАТО, но двете страни го скршија два месеца подоцна и борбите продолжија. По убиството на 45 косовски Албанци во масакрот во Рачак во јануари 1999 година, НАТО одлучи дека конфликтот може да се реши само со воведување на воени мировни сили за насилно ограничување на двете страни.

По спогодбите од Рамбује на 23 март 2000 со југословенско отфрлање на надворешни мировни сили, следеше интервенција на НАТО на Југославија, против српските сили со главно бомбардирање, под команда на генералот Весли Кларк. Непријателствата завршиле два и пол месеци подоцна со потпишување на Кумановскиот договор. Косово беше ставено под владина контрола на привремената административна мисија на Обединетите нации во Косово и воената заштита на Косовските сили (КФОР). Во 15-месечната војна загинаа илјадници цивили убиени на двете страни и над еден милион раселени.

Постојат бројни тврдења и извори за вмешаност на радикални исламистички групи во конфликтот помеѓу Србија и ОВК иако во далеку помал обем од тој во Босна. Голем број од овие групи дошле од Босна, но има информации за муџахедини и странски волонтери од Албанија, Саудиска Арабија, Јемен, Авганистан и Босна, иако ЦИА ѝ советувала на ОВК да избегне вклучување на исламски екстремисти[35] поради претпоставката оти помошта од радикалниот ислам ќе ја намали поддршката за косовската кауза на Западот.

Но сепак постојат индиции за вклучување на муџахедини во многу од судирите на Косово. Во март 1998 година, некои странски медиуми кога група на терористи беше разбиена во близина на Ѓакове на 3 мај 1998 година, меѓу загинатите имало и еден црнец, а според документите за идентификација пронајдени таму било откриено оти е од Судан. Во областа Дреница, со база во селото Доње Преказ и во рамките на ОВК, од мај до крајот на јули 1998 година,

35 Henry Perritt, Kosovo Liberation Army: The Inside Story of an Insurgency, University of Illinois Pres, 2008

постои комбинираната единица Абу Бекир Сидик[36] во чии редови имало 115 муџахедини, вклучувајќи околу 40 странци од Саудиска Арабија, Египет, Албанија, Македонија и Босна и Херцеговина). Повеќето од овие терористи се собираат во кампови во северниот дел на Албанија, особено околу Тропоја.

Присуството на странски платеници беше потврдено од страна на претставник на американскиот Стејт департмент, Роберт Гелбард, во јуни 1998 година, кога Вашингтон изјави дека во рамките на ОВК се борат Чеченци и Иранци. Тогаш веќе беше познато дека јорданските борци и познатиот исламски терористички командант Хатаба подготвени и опремени во Авганистан и Чеченија, доаѓаат масовно на Косово како исламски терористички платеници. Припадници на Ал Каеда исто така биле вклучени во обуката на војниците на ОВК во Косово, а околу 175 јеменски муџахедини пристигнале во Косово на почетокот од мај 1998 година и се вклучиле како помош на ОВК. Според Јефтиќ М. „шефот на албанската разузнавачка служба Фатос Клоси потврдил дека во подготовките за косовските настани учествувал самиот Осама бин Ладен во соработка со Башким Гази Деда, тогашниот шеф на албанската разузнавачка служба „Шик". Тој организирал и посета на Осама бин Ладен на Албанија, организирал да дојдат борци на „Ал Каеда" во Албанија и на Косово, како и изградба и снабдување на камповите за обука под контрола на Ал Каеда".[37]

Муџахедините[38] воспоставиле блиски односи со клучните кланови од областа Дреница во централно Косово, родното место на ОВК, вклучувајќи ги и Сулејман Селими „Султанот" и Адем Јашари.

### *4.1.3 Конфликтот во Македонија во 2001*

Конфликтот во Република Македонија беше вооружен конфликт во Тетово, кој започна кога милитантната група на Ослободителната национална ослободителна група (ОНА) почна да ги напаѓа безбедносните сили на Република Македонија на почетокот на февруари 2001 година, а заврши со

36 Chris Deliso, The Coming Balkan Caliphat, Praeger Security International, 2007
37 М. Јефтиќ,Бела Ал Каида, 5 мај 2007, www.serbian.com
38 Osama Bin Laden: The Man Who Declared War on America, Prima Publishing Co., 1999

Охридскиот рамковен договор. Косовската криза во 1999 година имаше значителна улога во радикализацијата на етничките Албанци во Македонија. Целта на ОНА беше да им даде поголеми права и автономија на албанското малцинство во земјата, кои во тоа време сочинуваат околу 25,2 %[39] од населението во Македонија. Исто така, имаше тврдења дека групата во крајна линија сакала да отцепи дел од земјата каде Албанците се мнозинство.

Иако ова не е добро испитана тема, постојат бројни извори[40] кои тврдат оти помеѓу странските платеници кои во 2001 година се бореле во Македонија во редовите на ОНА имало муџахедините од Блискиот Исток и републиките од Централна Азија од поранешниот Советски Сојуз.

Исто така, постојат извори кои тврдат оти група од 50 муџахедини наводно влегле во Македонија преку Косово и зазеле позиции во планините на Скопска Црна Гора во близина на Скопје во 2001 година. Според Дневник во тоа време тие се занимавале со копање на ровови и подготовка на теренот, а се цитирани од разузнавачки извори: „Египетскиот државјанин, помладиот брат на Ајман ал-Завахири - командант на Ал Каеда одговорен за балканските операции - е задолжен за терористичките групи кои неодамна влегоа во Македонија". Разузнавачките извори велат дека Завахири имал намера да ја прошири Ал Каеда на Балканот, додека неговиот помлад брат Мохамед бил обвинет за регрутирање исламски фундаменталисти, за да бидат обучени за терористички самоубиства.

Според Детмер постојат докази дека постојат врски помеѓу ОВК и Ал Каеда.[41] Според извештај изготвен од Министерството за внатрешни работи за делувањето на Ал Каеда за време на конфликтот во Македонија постоеле две исламистички единици активни во северозападна Македонија. Овие единици биле составени од поранешни борци муџахедини од Саудиска Арабија, Авганистан, Босна, Чеченија и Косово.

---

[39] BBC, Who are the rebels? http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/1231596.stm, пристапено на 5.5.2018
[40] https://www.globalpolicy.org/component/content/article/154/26821.html, пристапено на 5.5.2018
[41] Dettmer, J., Al-Qaeda's Links in the Balkans; Macedonian Officials Contend the Bush Administration Largely Is Ignoring Intelligence Information That Has Connected Al-Qaeda Elements to Albanian Separatists, https://www.questia.com/magazine/1G1-90041160/al-qaeda-s-links-in-the-balkans-macedonian-officials, пристапено на 5.5.2018

Постојат бројни извори кои покажуваат оти муџахедински борци се бореле на страната на ОВК за време на конфликтот во Македонија во 2001 и биле одговорни за некои од најкрвавите заседи против македонската полиција и армија. Една од единиците на ОНА, наречена „Имре Елези“, била во склоп на 113 бригада наречена Исмет Јашари делувала во Кумановскиот Регион и била составена од странски борци и локални радикални муслимани.[42] [43]

Постојат и бројни други извори кои ги поврзуваат радикалните исламистички групи, криминалните банди и ослободителните војски на Албанците во Косово и Македонија.

## 4.2 Присуството на вахабизмот и салафизмот на Балканот

Присуството на вахабизмот и салафизмот на Балканот е несомнено, и во изминатите децении тие се обидуваат да ја истиснат традиционалната верзија на ислам која се практикува уште од времето на Отоманската Империја. Оваа мрежа на салафистички и вахабистички организации и мрежи кои се појавија во 80-тите и 90-тите години од 20 век функционира на маргините на исламските заедници во земјите од Балканот, но сè поагресивно се обидува да го заземе просторот на делување. Во овој дел од трудот ќе се обидам да дадам преглед на делувањето на вахабистите и салафистите во земјите од Балканот.

### *4.2.1 Босна*

Повеќето од вахабистите, поддржани од саудиски фондови и добротворни организации, дојдоа во Босна под околностите што произлегоа од конфликтот. Сепак, помалку е познато дека првото пробивање на Салафите во балканскиот регион, вклучувајќи ја и Босна, започна веќе во раните 1980-ти. Првата фаза на воспоставување на вахабизмот во Босна траеше до избувнувањето на насилниот конфликт во Б и Х во 1992 година.

---

[42] Вечер: Муџахедините се тука две децении, а во Сирија и Ирак се нивните ученици, https://vecer.mk/makedonija/dojdoa-se-borea-i-si-zaminaa-sega-se-na-red-nivnite-uchenici, пристапено на 6.5.2018

[43] Дневник (архива): Пронајдени списоци со имиња на муџахедини (5.10.2001)

Сцената пред војната почнувајќи од периодот во 1970-тите беше обележана со важни и позитивни промени за југословенските муслимани како подемот на локално образовани исламски интелектуалци, зголемен интерес за исламско образование, објавување активности, употреба на исламски социјални симболи, како и формирањето на културни организации и муслимански институции.

Од тој период поголем број на џамии повторно биле изградени. Многу реконструкции на џамии и масџиди биле направени со помош на бошњачките гастербајтери кои работат во странство, главно во земјите од германско говорно подрачје и другите западноевропски земји. Салафистите кои се појавуваат во Босна во тој период најчесто дипломирале исламски студии во Саудиска Арабија и други исламски земји. И во овој период повеќе исламски земји донираат за изградба на исламски центри, верски училишта и џамии за да се пополни просторот кој со доминацијата на комунизмот во Југославија во голем дел бил испразнет.

Најголемиот пробив на вахабизмот во Босна доаѓа со Босанската војна, но тој дел веќе е обработен во претходото поглавје. Присуството на вахабистите во Босна после завршувањето на војната може да се подели во три фази и тоа прва фаза во периодот од 1996 до 2002 година која се карактеризира со обиди на вахабистите за зголемување на бројот на следбеници помеѓу муслиманската популација. Тогаш за прв пат се јавуваат чисто вахабистички енклави и активно се формираат младински вахабистички организации и вахабистички центри. Една од најпознатите локации на вахабистите од тој период е селото Бочиња кај Тузла, а постојат и тврдења оти било посетувано и од Ајман Ал-Завахири, и станало центар на вахабизмот во Босна. Исто така, селото Гоња Маоца се смета за центар на вахабистите во овој период.

Втората фаза на ширење на вахабизмот во Босна е после 11 септември 2001 година, која се карактеризира со намалување на видливоста на вахабизмот. Во голем дел тоа е резултат на вртење на интересот на САД и западните земји кон Балканот и доказите кои се појавуваат за врски помеѓу локалните исламистички организации и Ал Каеда, што ги охрабрува босанските институции за преземат подрастични мерки за супресија на радикалните активности во регионот. Во овој период се намалуваат финансиските средства

кои доаѓаат од саудиски и други блискоисточни извори, а се покренуваат и процеси против лица за поддршка на тероризам. Ова не е резултат само на настаните од 11 септември 2001 година, туку има врска и со смрта на Алија Изетбеговиќ чии приврзаници ја губат контролата врз домашните институции и органите на прогонот.

Третата фаза на вахабизмот во Босна го опфаќа периодот од појавата на ИСИС па наваму и е окарактеризирана со сè поголем број на муслимани во земјата кои се фрустрирани со недоволниот демократски напредок и немањето на економски просперотет, па ова незадоволство е искористено од радикалниот ислам. Така Босна од увозник на муџахедини и разни салафистички и вахабистички движења во почетокот на 90-тите, стана земја извозник на радикализам, посебно кон Блискиот Исток. Ова особено е очигледно во бројот на странски војници кои се придружиле во војните на Блискиот Исток, што е обработено во понатамошките делови на овој труд. Освен на ИСИС, босанските муџахедини исто така се борат во редовите на Ал-Нусра.

Денес вахабистички секти и џебови во Босна може да се најдат во Серици, Железно, Поље Попска, Мехиричи, Бочиња, Травник, Горња Маоца, Грмуса, Велика Кладуша и Дебељак.

### *4.2.2 Албанија*

Како и во случајот со Босна, нестабилноста во Албанија даде поддршка за присуство на вахабистички и салафистички секти во 1990-тите. Сиромашната внатрешна безбедност, слабите гранични контроли и високите стапки на криминал создадоа средина погодна за терористичка активност.

Исламските невладини организации, некои од нив фронтови за Ал Каеда, беа формирани во Албанија по распадот на комунистичкиот режим во 1991 година. Ситуацијата се влоши за време на граѓанските немири во Албанија во 1997 година, кога централната власт се сруши, а големи воени резерви на оружје беа ограбени. Војните во соседното Косово во 1999 година и Македонија во 2001 година, исто така, имаат негативно влијание врз стабилноста на Албанија.

Падот на комунистичкиот режим во 1990 година ќе послужи како пресвртница за развојот на религијата.

Во последните две децении религијата и религиозните институции во Албанија поминаа низ динамичен процес предизвикан од економски, социјални и политички фактори. Покрај тоа, важно е да се напомене дека развојот на верските слободи и институции се совпадна со отворањето на албанските граници.

Два фактора се клучни за ширењето на вахабизмот и салафизмот во Албанија и тоа а) економската ситуација во Албанија по падот на комунизмот и б) отсуството на интерес на државата за реконструкција на исламското минато.

Прв важен фактор е тоа што Албанија за време на посткомунистичкиот период беше погодена од екстремна сиромаштија. На пример, постојат бројни извори кои тврдат оти исламски организации од Саудиска Арабија и Блискиот Исток им плаќале[44] на многу родители во Албанија да ги испраќаат децата на лекции по ислам кои се под контрола на вахабисти и салафисти. Со вакви фондови се градени болници, а здруженија давале помош во храна, спонзорирале сираци и вдовици итн.

Второ, државата немаше соодветни ресурси за поддршка на реконструкцијата на муслиманските институции, кои беа уништени во периодот на владеењето на Енвер Хоџа кога Албанија беше прогласена и за прва атеистичка држава во светот. Голем број на фондации и организации, главно од Средниот Исток и Персискиот Залив, го пополнија вакуумот што го остави државата. Таквите организации обезбедија финансиска поддршка за реконструкција на верски институции. Исто така, свештениците кои играле важна улога во заживувањето и развојот на муслиманската вера, не биле соодветно образовани поради фактот што религиозната практика била забранета за 50 години. Албанската држава не обезбеди средства за да се едуцираат идните свештеници. Ваквата ситуација создаде поволни услови за земјите од Блискиот Исток да обезбедат обука за овие свештеници и да вметнат

[44] Arben Kullolli, Proselytization In Albania By Middle Eastern Islamic Organizations, Master Thesis, 2009

нови толкувања на религиозни доктрини кои на моменти не беа компатибилни со традиционалните верувања на муслиманите во Албанија. Степенот на нивното влијание во нарушувањето на традиционалното разбирање на муслиманската религија е секако дискутабилен. Сепак, многу е јасно дека овие држави и организации во голема мера придонесоа за формирање на нова верска култура во Албанија.

Голем број на исламски организации доаѓаат во Албанија по падот на комунистичкиот режим, а за многу од нив се смета оти биле тесно поврзани со Ал Каеда. За време на граѓанските немири во Албанија при што беа ограбени многу воени магацини, големо количество на оружје најверојатно оди во рацете на овие групации. Во меѓувреме се зголемиле и внатрешните терористички закани, па на крајот на 1990-тие познато е и привремено затворање на Амбасадата на САД во Албанија и откажувањето на посетата на Албанија од страна на високи американски претставници поради страв од напад. Во 1998 година, Албанија и САД го спречиле планираниот напад врз американската амбасада во Тирана, од страна на Ал Каеда, при што биле уапсени неколку припадници на Ал Каеда.

Албанските центри за вахабистичка и салафистичка радикализација денес се наоѓаат околу Тирана, Елбасан, Поградец, Драч и Либражд. Најсериозно е присуството на вахабисти во селата Лешнице, Заргочан и Ременј околу Поградец, каде вахабистички групации се обидуваат да направат конфликт во доминантно секуларната околина. Околу 30 % од сите странски борци од Албанија потекнуваат од регионот околу Поградец.[45]

Бидејќи Албанија го гледа партнерството со САД сериозно и пристапот во ЕУ како приоритет, и имајќи ги предвид напорите на Албанија како членка на НАТО во сузбивање на радикалниот ислам, посебно внимание се посветува на борбата против тероризмот и организираниот криминал на меѓународните нивоа.

---

[45] Jihadist Hotbeds: Understanding Local Radicalization Processes, Arturo Varvelli (a cura di), Edizioni Epoké, 2016

### *4.2.3 Косово*

Косовската историја на религиозни и етнички тензии го прави Косово особено подложно на религиозен екстремизам. Сепак може да се каже оти пред Косовската војна, во Косово нема докази за значајно присуство на вахабистички и салафистички елементи, и генерално околностите на судирот со Србија се базираат на етничка, а не на религиозна основа, и исламот бил генерално маргинализиран.

Од Косовската војна па наваму постојат бројни докази за зголемување на присуството на вахабизмот и салафизмот, пред сè финансиран од Саудиска Арабија. Причините за ширењето на вахабизмот имаат многу паралели со тие во Албанија, т.е. голема сиромаштија и економска несигурност на населението, и верски водачи кои се образувани во странство и кои проповедаат нова верзија на исламот, која во Косово како територија повеќето луѓе само декларативно се идентификувале како муслимани.

Косово денес има повеќе од 800 џамии - 240 изградени во периодот по вахабизмот. Тие се дел од она што умерените имами и официјални претставници овде ја нарекуваат намерна, долгорочна стратегија на Саудиска Арабија за преструктуирање на исламот во својот имиџ низ светот.

Резултатите од ова се значајно општествено преструктуирање т.е. и иако сè уште доминантна е муслиманската заедница која практикува традиционален ислам, сè повеќе има поединци кои ги следат радикалните идеологии.

По Босна и Херцеговина, Косово беше земја на потекло од втората најголема количина странски муџахедини во силите на исламските држави. Според анализите на Косовскиот центар за безбедносни студии објавени во 2015 година, 232 луѓе се бореле со Исламската држава, што е триесет проценти од вкупниот број странски борци. Економските и политичките недостатоци од кои Косово се обидува да закрепне дополнително ја комплицира позицијата на спроведувачите на законот.

Силите на НАТО и ЕУ стационирани во Косово се обично цел на радикалните вахабистички групи, па така единицата на вахабистите во

Митровица (околу 15 лица, претежно Албанци во Косово и Босна и Херцеговина) во неколку наврати се обиделе да ги нападнат околните бази.

Денес Качаник која е една од најсиромашните општини во Косово во југоисточниот регион, и се граничи со Македонија се смета за жариште на поддржувачи на вахабистичка и салафистичка идеологија. За разлика од Македонија каде вахабизмот се практикува во џамиите, има индиции оти во Косово т.е. Качаник тоа се прави во приватни куќи. Припадници на салафистичката идеологија исто така се наоѓаат и во други делови од Косово како што се: Гњилане, Феризај, Митровица и Приштина.

Уште еден факт во поддршка на тезата оти во Косово има многу активни вахабистички секти е тоа што околу 10 % од сите борци во Косово се од оваа мала општина, а Качаник е и дом на ноторно познатиот командант на ИСИС Лавдрим Мухаџери.

*4.3.4 Црна Гора*

Географската локација на Црна Гора ја прави нејзината безбедносна ситуација потешка, поради заканата од приливот на радикални идеологии и на лица кои имаат за цел да стигнат до Јадранското Море се присутни од три главни насоки. Муслиманските групи веќе почнале да ги градат малите заедници во 1990-тите. Бројот на следбеници на вахабистички и салафистички струи во Црна Гора сè уште е ограничен бидејќи тука само 18 % од населението се идентификува како муслиманско. Но поради близината на Нови Пазар, муслиманското мнозинство живее во црногорскиот дел од областа Санџак, т.е. Бијело Поље и на север на границата со градовите Плави Рожање во Косово и Албанија. Бијело Поље и северните граници на Косово и Албанија (Плав и Рожаје). Според различни извори во Плав постојат радикални муслимански групи кои се сметаат за следбеници на „традиционалниот ислам“, и ја следат вахабистичката идеологија. Лидер на оваа група и истакнат вахабист во Црна Гора е Сеад Јашавиќ, кој студирал на универзитетите во Саудиска Арабија, а во Црна Гора има мисија да регрутира. Агенцијата за национална безбедност на Црна Гора официјално забележала само околу 100 вахабисти во центрите кои најчесто може да се најдат во областите што се граничат со Косово и Србија.

### *4.3.5 Македонија*

Ширењето на фундаменталистичките доктрини во Македонија е значаен проблем за земјата. Основата на радикалните поддржувачи е претежно меѓу албанското население, но и босанските муслимани во Македонија и локалните муслимански заедници (Турци, Роми и Македонци муслимани).

Радикалниот вахабизам најраширен е во Скопскиот Регион (Танушевци, Брест, Малино Мало и Арачиново) и во областите што се граничат со Косово (Куманово, Тетово и Гостивар), но тие имаат влијание и врз некои од поголемите градови (Струга, Дебар, Кичево, Радовиш, Прилеп, Ресен и Охрид). Главните центри за регрутирање во Скопје се џамиите Јаја Паша и Иса Бег, но благодарение на модерните методи на регрутирање на радикалните организации (социјални медиуми) проблемот е делокализиран. Во август 2001 година во областа Гази Баба вооружените сили убија 19 лица, а девет лица беа уапсени поради нивните врски со Исламската држава и резерви на оружје за снабдување на терористичката организација. Македонските полициски сили во 2001 година имаа вооружен конфликт во селото Слупчане, каде што - по повикот на локалниот имам се активирале и муџахедини.

Медиумите на македонски јазик од 2001 година доследно известуваа дека исламските екстремисти се активни во Македонија, дури и тврдејќи дека ОНА имала конкретни врски со Осама бин Ладен. Кумановско-липковското подрачје и областите на Гостивар и Тетово во 2005 година, наводно, беа домаќини на „добро организирани, силни и воспоставени вахабистички групи“.

Во декември 2007 година, македонскиот весник „Вечер“ го зголеми стравот во немуслиманското мнозинство, тврдејќи дека три исламски екстремистички групи - Тарикат, Црвена роза и вахабистите – „функционираат на територијата на Македонија“ и дека „неколку десетици вахабисти, за кои се верува дека ги контролира Ал Каеда, учат и тренираат во Македонија“.

Проценките на бројот на екстремисти во Македонија варираат во зависност од изворот, но нивното присуство ги влоши постоечките тензии во македонското општество. Во ноември 2007, се случија вооружени судири меѓу

македонската полиција и герилските борци на етничките Албанци во село Бродец, во близина на Тетово.

Од 2005 година наваму се појавуваат сè посилни гласови за тензии во Исламската верска заедница (ИВЗ) како резултат на борба помеѓу две исламски фракции - проарапски радикален ислам и повеќе традиционален суфизам. Муфтиите во рамките на ИВЗ практикуваат т.н. традиционален ислам од ханафската јуриспруденција кој е најприсутен на Балканот. Постои фракција претставена од скопскиот муфтија Зенун Бериша кој се смета за радикален исламски свештеник во Македонија.

Исто така, според извештај на Сандеј Тајмс од 2010 година, четири џамии веќе не биле под контрола на ИВЗ во Скопје.[46]

Освен конфликт меѓу ИВЗ и радикални вахабистички групи во Македонија постои и судир помеѓу Бектешкиот суфиски ред кој во земјата постои од 1538 и е сместен во Арабати Баба Теќе во Тетово. Комплексот Арабати беше под опсада од вахабистичките екстремисти речиси една деценија, и гореше во, без сомнение намерно предизвикан, пожар во декември 2010 година.

Според Варварели [47] Гази Баба е една од општините на Балканот каде има најголема концентрација на салафисти. Иако е голема муслиманска општина населена од следбеници на ханафската исламска јуриспруденција, позната е по џамиите кои шират говор на омраза и повикуваат на насилство. Најпозната таква џамија е таканаречената Тутунсуз џамија. Следбеници на имамите од оваа џамија исто така се наоѓаат и во Куманово.

Се смета оти од Гази Баба потекнуваат повеќето од џихадистите кои учествувале во војните во Сирија и Ирак. Според групацијата Суфан, имало 146 џихадисти од Македонија кои отидоа во Сирија и Ирак, иако не постојат официјални бројки за тоа колку од нив се од Гази Баба.

[46] Вечер, Вахабисти врбуваат борци за џихад во Македонија https://vecer.mk/makedonija/vahabisti-vrbuvaat-borci-za-dzhihad-vo-makedonija, посетен на 5.0.2018
[47] Jihadist Hotbeds: Understanding Local Radicalization Processes, Arturo Varvelli (a cura di), Edizioni Epoké, 2016

Напорите на властите да ги сузбијат вахабистичките секти кои врбуваат борци за војните во Сирија резултираше со акција во која беа уапсени, а подоцна и осудени неколкумина џихадисти во полициската акција Ќелија.

*4.3.6 Бугарија*

Во Бугарија, речиси една шестина од населението од 7,6 милиони се муслимани кои се придржуваат кон конвенционалните сунитски верувања. Меѓутоа, како и на други места на Балканот, сè повеќе има присуство на вахабистички и салафистички движења и борба за контрола на религијата и имотот што е во сопственост на исламската заедница.

Големи суми пари, наводно од муслимански организации во странство, се потрошени во Бугарија од средината на 1990-тите за повеќе од 150 нови џамии и таканаречени „наставни центри" за ширење вахабизам. Според поранешниот бугарски муфтија Недим Генџев, некои муслимански организации се стремеле да создадат „фундаменталистички триаголник" формиран од страна на планините во Босна, Македонија и во Бугарија во Западните Родопи. Според локалните весници, радикалниот ислам се проповеда во различни градови и села во јужна и североисточна Бугарија.

Во 2003 година, бугарските власти затворија голем број исламски центри врз основа на наводно припаѓање на исламски групи, главно финансирани од Саудиска Арабија, кои веројатно имале и врски со „радикални организации", како што е Муслиманското братство во Египет. Официјалните изјави велат дека центрите биле затворени „за да се спречат терористите да станат основа во Бугарија".

Сепак, центрите каде што проповедаат радикални струи на исламот продолжуваат да се појавуваат во земјата. Во Бугарија, главниот центар на вахабизмот е градот Пазарџик.

Според најновите сознанија на американските и западните разузнавачки служби (ЦИА и БНД), во Бугарија во моментов илегално дејствуваат повеќе исламски организации и фондации, кои создаваат услови за вградување на исламскиот фундаментализам на бугарска територија, посебно по настаните на

Блискиот Исток, каде што се отвори простор за јавно дејствување на дотогаш илегалните исламски терористички организации од типот на Муслиманското братство, Египетски џихад и слични. Во Бугарија сѐ повеќе е активна „Недува“, организација која со поддршка на донации од Саудиска Арабија ги финансира нерегистрираните исламистички школи во Помак, Сарница познати уште како „Талибанска Медреса“.

Не помалку агресивни се и исламските здруженија што се обединети во групата „Игаса Ал-Хајат ал Игата“, кои се финансираат преку Саудискиот меѓународен комитет за помош, тесно поврзани со Ал Каеда. Посебно треба да се потенцира агресивноста на „Унијата за исламска култура и развој“, која во почетокот од издавач на обични примитивни билтени израсна во издавачка организација со добри и квалитетни изданија, кои се финансирани од странски исламистички групи.

Создадените исламски радикални структури во Бугарија денеска одржуваат тајна комуникација со соодветните исламски структури во Б и Х, Косово, Санџак, Македонија, а во последно време и со исти такви структури во Романија. Според романската разузнавачка служба нивните контакти во Романија се спроведуваат преку милитантните муслимански организации „Ал Икван - ал Муслиман“ и групи на Хамас од Букурешт, кои се вградени и дејствуваат во рамките на „Романската муслиманска лига“. Преку овие исламски организации одредени исламски ќелии од Бугарија одржуваат врски и со ќелии на Хамас од централна и јужна Европа.

*4.3.7 Србија*

По неколку години по нивното појавување во Босна пред и за време на Босанската војна, вахабистите се појавија и во Србија која е предоминантно христијанска земја која во делот на Санџак е населена со муслиманско население. Присуството на радикалните исламисти (вахабисти) на територијата на Санџак е поврзано со доаѓањето на муџахедините кои ѝ се придружија на Босанската армија за време на војните во поранешна Југославија.

Српските муслимани формираат мнозинство, на некои места и апсолутно во два региони од земјата, поспецифично во регионот на Санџак што се граничи со Црна Гора (во градовите Тути, Нови Пазар, Сјеница и Пријепоље) и тука босанските муслимани се мнозинство во однос на претставници на други верски и етнички групи. Друг дел од Србија каде муслиманите се мнозинство јужниот дел од земјата т.е. Прешево, Бујановац и Медведа.

Според извештајот на МКГ[48], „Српскиот Санџак: сѐ уште заборавен" од 8 април 2005 година, вахабистите контролираат неколку џамии во Санџак, над кои локалното муфтиство има мало влијание. МКГ забележува дека во последниве години муслиманите и мажите и жените почитуваат конзервативни исламски кодекси за облекување. Според МКГ, некои набљудувачи веруваат дека, како и во Босна, вахабистите всушност ги плаќаат локалните муслимани за да се облечат во вахабистички стил. МКГ, исто така, објави дека „Бројни соговорници на кризната група изјавиле дека вахабистите добиваат средства од Сараево, што пак се чини дека доаѓаат од саудиските добротворни организации што работат надвор од Виена".

Вахабистите во Србија[49] имаат силна поддршка од исламските влади, главно од Саудиска Арабија. Помошта доаѓа преку разни социјални програми, како што се изградба на џамии и медреси. Сите џамии кои биле изградени во периодот по војната се создадени во вахабистички стил.

## 4.3 Социо-економската состојба и слабите државни апарати во земјите на Балканот

За да се има соодветно разбирање за слабите државни структури во регионот, треба да се каже што всушност претставуваат слабите држави.

[48] International Crisis Group Report no. 162, Serbia's Sandzak: Still Forgoten , https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/balkans/serbia/serbias-sandzak-still-forgotten, пристапено на 5.5.2018
[49] Morrison, Kenneth, Wahhabism in the Balkans, Balkan Series, Advanced Research and Assessment Group. Defense Academy of the United Kingdom, 2008

Според Бузан,[50] слабата држава е држава каде што нивото на социо-политичка кохезија е ниско, бидејќи не постои единствена нација на државна територија и различни етнички групи коегзистираат во една држава, не се остварува процесот на градење на државата и владејачките елити се занимаваат со домашни закани, а не со надворешни. Уште една карактеристика на слабата државата е тоа што не постои политички и општествен консензус или кохерентна идеја за држава меѓу граѓаните, а во исто време владејачките елити не можат да наметнат единство во отсуство на таков политички консензус. Бидејќи процесот на градење држава не е постигнат во овие држави и не постои формирана нација во рамките на државните граници, односно населението е составено од различни етнички и културни групи повеќе стануваат главна пречка за економскиот развој.

Според Џексон,[51] силата или слабоста на државата може да се измери преку нејзината способност и волја да обезбеди основни политички добра како физичка безбедност, легитимитет на институциите, економска добросостојба и социјална сигурност. Во областа на безбедноста, силната држава треба да одржува монопол врз употребата на сила, да обезбеди безбедност од надворешни и внатрешни закани, да ги контролира границите и територијата, да обезбеди јавен ред и да обезбеди безбедност од криминал. Во политичката сфера треба да има легитимни владини институции кои обезбедуваат контрола на политичката моќ, ги штитат основните права и слободи, ги држат одговорните лидери и даваат непристрасна правда. Секоја држава која има недостаток во исполнување на овие четири области на владеење може да се смета за слаба држава.

Постои директна каузалност помеѓу отсуството или недостатокот на државни функции и веројатноста за враќање на насилството во постконфликтната средина.

[50] Barry Buzan, People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era, Second Edition, 1991
[51] Robert Jackson, QuasiStates: Sovereignty, International Relations and the Third World,Cambridge CUP, 1990

### *4.3.1 Феноменот на слабите држави на Балканот како извор на небезбедност*

Појавата на слабите држави на Балканот е извор на повеќеслојни закани и извор на небезбедност за самите држави, но и целиот регион на Балканот. Овој феномен ги зголемува безбедносните проблеми, како организираниот криминал, кои сè повеќе стануваат главна пречка за економскиот развој.

Во поглед на безбедноста, денес е тешко да се замисли војна или вооружен конфликт помеѓу државите на Балканот. По распадот на Југославија, може да се заклучи оти потенцијалот на вооружен конфликт особено се намалил, во голем дел и поради членството на повеќето на земјите од регионот во НАТО алијансата, но и присуството на воени сили (Босна, Косово). Според тоа, државите во регионот успеваат да остварат физичка безбедност на своите граѓани.

Затоа како клучни причини за слабите држави во регионот на Балканот во 21 век може да се издвојат: а) недостатокот на легитимитет на државните институции поради нивната политичка корупција, акумулација на политичка моќ и „заробеност" на државите и б) етничка поделба. Со оглед на мултикултурната разновидност и историјата на етничките конфликти во регионот, заштитата на малцинствата е главното регионално прашање и еден од изворите на слабост на државите.

Може да се смета оти недостатокот на легитимитет е примарен извор на државна слабост во голем број од државите на Балканот. Тука е важно да се напомене дека легитимноста не се однесува на соодветните влади во државата, туку има врска со поврзаноста на државата со граѓаните во нејзиното најопшто значење. Така, легитимноста се однесува на искуството што луѓето треба да се организираат во современа држава и до степен до кој државата е прифатена од нејзините граѓани колку што е неопходно за да ја исполнат својата потреба да бидат политички и социјално организирани. Во таа смисла, балканските држави не уживаат висок степен на легитимитет. Во најмала рака, степенот до кој државата е прифатена и почитувана од општествата на Босна, Бугарија,

Србија, Македонија и Албанија е многу помала во споредба со онаа на западноевропските.

Кога се зборува за првата причина, мора да се направи категориска дистинкција во поглед на манифестацијата на политичката корупција. Еден вид на политика корупција беше користењето на државните институции за акумулирање на богатство, преку присвојување на државна сопственост во периодот на транзиција низ кој поминаа скоро сите земји на Балканот со комунистичко минато (со исклучок на Словенија).

Другиот модел на политика корупција кој е доминантен во посттранзицискиот период и чија делумна консеквенца е заробување на државниот апарат е системот на вработување и унапредување врз основа на партиска лојалност наместо на компетентност, кој од друга страна создава клиентелистички систем и одржување на една партија на власт и целосна инструментализација на државата во функција на партијата.

Ослабените и потиснати државни институции ги направија земјите од Балканот особено подложни на надворешно влијание и транснационални закани. Во Македонија, на пример, владата на ВМРО-ДПМНЕ која беше на власт 10 години целосно ја инструментализираше државата. Централните институции во Босна, дизајнирани со Дејтонскиот договор од 1995 година за ставање крај на војната, се под сериозен притисок од сепаратистичките лидери на Република Српска. Во Србија има длабоки загрижености околу растечката централизација на власта, па дури и притаен авторитаризмот во личноста на премиерот Александар Вучиќ. Критичарите посочуваат на отсуството на владеење на правото во земјата и нагласуваат обиди за контрола на медиумите и граѓанското општество кои укажуваат на автократските тенденции на Вучиќ. Во Косово, насилните антивладини протести во кои се вклучени пожар и солзавец се редовни карактеристики на политичкиот живот во последниве години, бидејќи членовите на албанската мнозинска етничка група се обидуваат да ги поткопаат обидите за демаркација на границите и нормализирање на односите со Србија и Црна Гора. Јасен пример е антипатијата на договорот за создавање Здружение на српски општини на Косово, што доведе до насилни протести и политичка криза поради

стравувањата дека доделувањето на дополнителна автономија на малцинските Срби би го загрозило суверенитетот на Косово.

Корупцијата низ владата, бизнисот, медиумите и граѓанското општество исто така создаде огромна нестабилност во земјите од регионот на Балканот. На пример, премиерот Мило Ѓукановиќ од Црна Гора е обвинет за екстремна корупција и криминал, користејќи ја својата политичка моќ за збогатување на своето семејство, додека економската ситуација во земјата продолжува да се влошува. Аудиопротекувањето објавено во 2014 година покажа дека неговата влада е ангажирана во широко распространета изборна измама, заплашување на гласачите и местење на изборните резултати.

Во Македонија, систематското тајно прислушување на опозицијата од страна на владата на ВМРО -ДПМНЕ открива голема корупција од страна на македонски политичари, меѓу кои и директорот за безбедност и контраразузнавање Сашо Мијалков и премиерот Никола Груевски.

Втората причина за слабите држави кое многу влади на Балканот ги експлоатираа во политичкиот живот се правата на етничките заедници. Главната разлика е единствено помеѓу државите каде што прашањата за етничка поделба во општеството играат само секундарна улога, како што се Србија и Хрватска од една страна, и Босна, Македонија и Косово каде што етничките прашања доминираат во политичкиот пејзаж.

Така, додека Србија (со исклучок на косовското прашање) и Хрватска имаат умерени позиции по внатрешно-етничките прашања за да бидат компатибилни со ЕУ, во Босна и во Македонија, политичката конкуренција е структурирана речиси целосно врз идентитетот.

### *4.3.2 Социо-економската состојба на земјите од Балканот*

Во изминатите две децении, земјите од Балканот во голема мерка ги донесоа основните економски реформи побарани од Европската Унија (ЕУ), Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) под таканаречениот „Вашингтонски консензус", следејќи ја матрицата претходно создадени за централна и источна Европа. Тие ги отворија своите пазари за ЕУ, ги

приватизираа и либерализираа своите економии и воведоа мерки за штедење за време на посткризниот период. Идејата зад „Вашингтонскиот консензус“ беа реформите, во комбинација со постепеното усвојување на законите, принципите и активностите на ЕУ во рамките на политиката на проширување на ЕУ, да се создадат функционални пазарни економии, да се поттикнат демократските институции и да се отвори патот за членство во ЕУ. Во меѓувреме, Словенија, Бугарија, Романија и Хрватска успеаја да ги исполнат барањата за членство и станаа членки на ЕУ и НАТО.

Но и денес, регионот на Балканот ги содржи едни од најсиромашните места во Европа.[52] Економиите во регионот се карактеризираат со висока стапка на невработеност и висока стапка на сиромаштија.

Така, во Албанија околу 14 % од населението живее со помалку од 2 американски долари дневно. Според Светската банка, повеќе од 17,9 % од населението во Босна живее под линијата на сиромаштија.

И покрај тоа што е членка на ЕУ, Хрватска се соочува со проблеми со сиромаштијата. Така, сиромашните претставуваат околу 19 % од населението.

Сиромаштијата е широко распространета појава во Косово, што влијае на 30 % од населението. Во контекст на Косово, либералната транзиција имаше многу негативно влијание врз безбедносните мрежи, особено пензии. Како резултат на тоа, околу 50 % од постарите луѓе се сметаат за сиромашни, па дури и исклучително сиромашни.

Околу 24,2 % од населението во Македонија живее во сиромаштија. Соодветните стапки се повисоки за младите и за семејствата со деца. Високата невработеност е еден од клучните фактори кои ја објаснуваат сиромаштијата.

Помалку од 12 % од населението на Црна Гора живее во сиромаштија. Во споредба со другите балкански земји, во однос на социјалната заштита, Црна Гора зазема завидна позиција.

[52] http://www.patchworkbalkan.org/node/185, пристапено на 5.5.2018

Една четвртина од населението во Србија се смета за сиромашно, т.е. 24.6 %.

Кога станува збор за Бугарија ситуацијата е малку подобра, со 21 % од населението што живее под линијата на сиромаштија.

Невработеноста е особено голема во регионот, и исклучително висока кај младите луѓе, па во одредени земји таа стапка е и повисока од 45 %. Овие фактори придонесуваат кон зголемување на нивото на миграција од овие земји кон Европската Унија и Западот.

Исто така, земјите во регионот на Балканот го имаат еден од најнискиот БДП во Европа, со Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија на самото дно.[53] [54]

## 4.4 Организираниот криминал

Распространетоста и растот на организираниот криминал секако е еден од најпознатите значајни безбедносни ризици на Балканот. Преминот од комунистичко владеење во демократија, војните во регионот во 90-тите години со економски блокади и присуството на слаби држави во повоениот контекст дадоа поволен амбиент за цутење на организиран криминал.

Но нелегалниот проток на стоки, луѓе и оружје со векови е дел од политичката економија на Балканот. Стотици години, овој планински регион опстојува на политички, културен и економски расед, и функционира како портал што ги поврзува Европа и Блискиот Исток. Ваквата географска положба на Балканот е проклетство, но и благослов. Функционирајќи како мост Балканот обезбеди транзитна зона за добавувачи на недозволени добра (како хероин), трговија со луѓе, недозволена трговија со стоки (како оружје и дрога), економски криминал, перење пари, организација на илегалната имиграција и

---

[53] Reuters: Western Balkan economies could take up to 200 yrs to catch up with EU –EBRD, https://www.reuters.com/article/emerging-markets-balkans/western-balkans-economies-could-take-up-to-200-yrs-to-catch-up-with-eu-ebrd-idUSL8N1QG3HS, пристапено на 5.5.2018

[54] Balkan Insight: Albania and Bosnia Lag in Europe GDP Table, http://www.balkaninsight.com/en/article/purchasing-power-in-region-far-below-eu-average, пристапено на 5.5.2018

трговијата со луѓе и високо профитабилни пазари во Западна Европа - т.н. Балкански пат.

Така најмоќните организирани криминални групи на Балканот го заземаат истите географски позиции што ги правеа во 1990-тите. Всушност, етничката припадност не ги спречи криминалните групи за активна соработка со други групи кои доаѓаат од непријателските кампови во регионот. Конечно, со оглед на тоа што организираниот криминал ги надминува националните граници со поместување на запад кон комерцијални цели, со себе носи закана од насилство, конфликти и терористички активности и претставува релевантна безбедносна закана за ЕУ. Така, организираниот криминал е проблем што Балканот го дели со цела Европа. Всушност, организираните криминални групи на Балканот се прекугранични и добро интегрирани во соодветните европски колеги.

Етничките албански банди работат во Косово, северна Македонија и јужна Србија. Овие групи играат главна улога во трговијата со жени за сексуална експлоатација и имаат извршено значителна контрола врз „Балканската рута“. Бугарските групи работат заедно со Македонија и Србија. Прекуграничната илегална трговија е извор на живот за организираните криминални групи во регионот.

Генерално Балканот е транзитна зона наместо крајна дестинација, па иако беше атрактивен пазар за продавачите на оружје во 90-тите, денес е само транзитна зона за оружјето кое оди до Блискиот Исток и Африка. Единствен исклучок на ова според извештаи на UNDOC[55] се трговијата со наркотиви, според која регионот сè повеќе станува крајна дестинација поради зголемената побарувачка.

Факторите, освен географијата, исто така, придонесоа за позицијата на регионот како засолниште за организирани криминални претпријатија. Не треба да се нагласи дека општествените проблеми и слабоста на државите во регионот придонесе за раст на мрежите на организиран криминал.

[55] UNODC, "The Illicit Drug Trade Through South-Eastern Europe," https://www.unodc.org/documents/data-andanalysis/Studies/Illicit_DT_through_SEE_REPORT_2014_web.pdf

Искористувајќи хаос, несигурност, недостаток на соодветна организација и непостоење на владеењето на правото, организираните криминални групи ги воспоставија своите упоришта во Југоисточна Европа и создадоа врски со високо рангирани политички функционери и делови од воените претпријатија. Врските меѓу државата и организираниот криминал беа зајакнати во текот на 1990-тите по падот на социјалистичките режими во регионот и за време на насилното растурање на Југославија. Криминалните банди припадници на политичките елити во различни држави ја загрозуваат нивната трансформација, нивната демократизација и процесот на интеграција во евроатланските структури. Се тврди дека, иако економскиот напредок очигледно довел до одредена „нормализација", останува фактот дека организираниот криминал сè уште е често поврзан со (лицата) државните институции поради природата на слабите држави на Балканот.

Според Советот на Европа и Европската комисија во 2006 година: Општо прифатената перцепција е дека организираните и економските злосторства во Југоисточна Европа ја загрозуваат демократијата, владеењето на правото, човековите права, стабилноста и социјалниот и економскиот напредок во регионот.

Под овие услови, борбата против организираниот криминал се соочува со многу проблеми, како што се неподготвеноста на локалните органи да се справат со криминалните структури и вклученоста на елитата во нелегални активности.

Како важен аспект на организираниот криминал, перењето пари е постапка со која средствата стекнати преку нелегална активност се легализираат со тоа што се обработуваат во формалниот финансиски систем, со што се маскира нивното потекло. Додека ова е клучен проблем во светот, дури и во земјите во развој или во држави во транзиција, каде што финансиските и правните системи сè уште се зрели, групите од организиран криминал претставуваат многу штетно влијание врз економскиот развој, особено со големи инвестиции суми на незаконски заработени пари во правни дејности.

Според тоа, повоената ситуација на Балканот е експлоатирана од страна на криминални групи за да изврши различни активности, со што се создадоа валкани пари за да се перат во економијата. Затоа, справувањето со перењето пари е важно за решавање на организираниот криминал, како што се трговијата со дрога, продажбата на оружје и најнеодамна, тероризмот.

Сите земји од регионот во борбата против организираниот криминал ја ратификуваа Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал. И покрај позитивните случувања, треба да се направат многу ремисии за зајакнување на владеењето на правото, интензивирање на борбата против организираниот криминал и корупцијата и обезбедување на правилно функционирање на државните институции во регионот.

Корупцијата е тесно поврзана со организираниот криминал, како причина и последица на тоа. Всушност, активностите на организираниот криминал, како што се трговијата со дрога, луѓе и оружје, се длабоко вкоренети во сеприсутната култура на корупција на Балканот. Во повеќето земји од регионот корупцијата е систематска и добро организирана и се вкоренува во државните институции на моќ, вклучувајќи ги и судството, полицијата и тајните служби.

Поврзаноста меѓу корупцијата и организираниот криминал создава уште поголем проблем за решавање на државите, особено кога ќе најдат напад во државните структури. Бидејќи, криминалните групи кои ја промовираат културата на корупција може да имаат штетно влијание врз социјалната кохезија на државите, поткопувајќи ја нивната способност да проектираат моќ. Широката распространетост на корупцијата често доведува до распаѓање на довербата и легитимноста на јавноста во државите. Ако остане непристрасна, корупцијата и организираниот криминал најверојатно ќе доведат до неуспех на државата, како што веќе сме сведоци на Балканот.

Корупцијата, која е длабоко вкоренета во регионот, природно ги вклучува политичките елити и државните институции. Овој феномен се смета за закана од четири причини: 1) бидејќи реформата на политичките институции во голема мера зависи од антикорупциските мерки; 2) бидејќи воспоставувањето здрава пазарна економија е невозможно без да се спречи корупцијата; 3)

бидејќи формалното прифаќање на антикорупциските мерки без нивно спроведување во пракса не е доволно за да ги квалификува земјите од регионот за европската интеграција; 4) бидејќи без донесување антикорупциски закони во согласност со европските стандарди, невозможно е да се прилагодат на прописите на ЕУ.

Индексот за перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешенал ја покажува Словенија на ранг 26 од 180 држави, Хрватска на ранг 62, Македонија на ранг 72, Србија, Албанија и Црна Гора подеднакво на ранг 85 и Босна и Херцеговина на ранг 92,58. Според Глобалниот корупциски барометар на Транспаренси интернешнал 2006, просекот на Југоисточна Европа во однос на годишното плаќање на мито е 4,5 пати повисок од просекот на Западната Европа.

Во најновиот извештај на ЕУ за тероризам и трендови[56] се забележуваат тесни врски помеѓу криминалното подземје и радикалните исламистички групи. Освен географската привлечност на Балканот за организиран криминал и терористичките групи - со што се создаваат природни синергии за соработка - регионот предизвикува уште една загриженост во врска со криминал - терористичката врска. Ова се однесува на актуелниот тренд – што бил забележан во Германија, Австрија и Швајцарија - каде третата генерација млади по потекло од Балканот се вклучени во радикалниот ислам. Со оглед на тоа што претходната генерација била вклучена во криминал, полициските службеници во некои европски држави изразија загриженост во врска со потенцијалот за развивање на природните врски помеѓу членовите на семејството / заедницата со криминални врски и оние кои усвоија милитантна исламистичка агенда.

Иако не постојат цврсти докази дека овој тренд е операционализиран како што е опишано погоре, загрижува фактот што постојат елементи за сличен однос да се појават меѓу балканските криминални и терористички елементи.

[56] https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/te-sat-2012-eu-terrorism-situation-and-trend-report, пристапено на 5.5.2018

## 4.5 Судирите на Блискиот Исток

Судирите на Блискиот Исток во самото соседство на Балканот, за регионот создаваат проблеми и предизвици кои имаат значително влијание на геополитичките околности на Балканот.

Брановите на бегалци кои доаѓаат од Блискиот Исток не се непознат феномен. Епизодите на принудна миграција во овој дел од светот ја обликуваа неговата историја по Втората светска војна. Поделбата на Палестина во 1947 година и последователната војна во 1948 година создадоа еден од најдолготрајните бегалски бранови во поновата историја. Бегалските кампови во Јордан, Либан и Сирија, како и во Појасот Газа и Западниот Брег се постојани потсетници за присилното раселување на повеќе од 700.000 Палестинци во 1947-48. Либанската граѓанска војна (1975-1991) доведе до заминувањето на една четвртина од либанската популација. Режимот на брутални санкции наметнати врз Ирак, по војната, предизвика многу Ирачани да ја напуштат својата татковина во 1990-тите.

Клучни моменти во блискоисточниот конфликт се а) инвазијата на Ирак во 2003 година, водена од САД, која го собори претседателот Садам Хусеин и ја забрза дезинтеграцијата на Ирак на три дела и б) Арапската пролет и В) востанието против режимот на претседателот Башар ал-Асад во Сирија.

По инвазијата на Ирак во 2003, администрацијата на Буш одлучи да ја распушти ирачката армија. Таквата одлука создаде вакуум на моќ кој доведе до подем на најразлични терористички групации кои се стремеа да го пополнат овој вакуум, конечно до подемот на ИСИС. Некои експерти проценуваат оти повеќе од 25 топ водачи на ИСИС некогаш служеле во ирачката армија.[57]

Протестите, познати како „Арапска револуција", „Арапска пролет" или „Арапски бунт", ги соборија долгогодишните владетели во Тунис, Либија,

---

[57] National Post: How the 'catastrophic' American decision to disband Saddam's military helped fuel the rise of ISIL http://nationalpost.com/news/world/how-the-catastrophic-american-decision-to-disband-saddams-military-helped-fuel-the-rise-of-isil, пристапено на 5.5.2018

Египет и Јемен. Досега, само Тунис успеа во мирна трансформација, со примерен устав, слободни и фер избори и слобода на изразување. Другите држави или се лизнаа во граѓанска војна (како што се Либија, Сирија и Јемен) или старите елити беа вратени на власт (ако Египет).

Конфликтот кој започна во Сирија во 2011 година по неуспешната Арапска пролет ја втурна земјата во граѓанска војна и брзо заседе опасна димензија со појава на најразлични завојувани страни и сојузи со различна агенда.

Од 2014 година, коалиција од повеќе од 60 земји се бори од воздух и на теренот во западниот дел на Ирак и северна и источна Сирија за да ја победи таканаречената Исламската држава или ИСИС која се појави на територијата во Сирија во 2013 година и за брзо стана главен непријател на сирискиот режим но и на Западот.

Подемот на Исламска држава во Сирија се должи на неколку моменти:

- Искуство во терористичка организација и војна. Меѓу нејзините водачи се поранешните офицери на воената и тајната служба на Садам Хусеин, арапските џихадисти кои веќе се бореле во Авганистан и Кавказ и затворените исламисти ослободени од сирискиот Асад.
- Нуди редовни месечни примања на лицата кои се невработени, вклучувајќи ги и поранешните припадници на полицијата и тајните служби на Тунис, Египет и Јемен.
- На многу бесперспективни млади луѓе во регионот им даде јасни идеолошки правила на однесување, различни хиерархиски структури и упатства за право и погрешно.
- Стана значително богата групација преку исплати за откуп, изнудување, шверц со антиквитети, трговија со луѓе, трговија со оружје и дрога и нелегална продажба на сурова нафта.
- Ја базира својата идеологија на џихадските струи на ултраконзервативното салафистичко движење и индоктринира многу млади сунити и конвертира преку интернет и социјалните медиуми во Европа и на Арапскиот Полуостров.

- Го исполни вакуумот на моќ и државна структура во голем дел од регионот на Блискиот Исток од Рака до Мосул, со медицинска нега, храна и образование во зенитот на својата моќ во 2014 и 2015 година.

За краток временски период Исламската држава успеа да заземе големи територии на Блискиот Исток, и во зенитот на својата моќ да регрутира многу луѓе од Европа и Западот со својата идеолошка доктрина. По интервенцијата на Русија на страната на режимот на Асад во 2015 година кога во голем дел режимот беше пред колапс, и борбата против ИСИС на коалиција од голем број западни земји преку воздушни напади, ИСИС е скоро целосно освоената територија.

*4.5.1 Бегалската криза и Балканската рута*

Во периодот од 2015 до 2016 година, регионот на Балканот искуси огромен наплив на бегалци од Блискиот Исток.

Тековните бранови бегалци од Блискиот Исток во голема мера можат да се припишат на хуманитарната ситуација во Сирија, од која од вкупното население од 23 милиони жители во 2011 година пред избувнување на војната, 5 милиони станале бегалци, а 8 милиони внатрешно раселени лица. Иако примарно бегалците на Балканската рута во мнозинство беа од Сирија, колапсот на Либија создаде бран на либиски бегалци, додека мигрантите од супсахарска Африка исто така транзитираат низ Либија за да заминат од северноафриканското крајбрежје кон Европа.

Многу голем дел од бегалците се сместени во земји домаќини како Турција, Либан, Јордан и северен Ирак каде останувaат како резултат на меѓународната помош од ЕУ.




Слика 3 Балканската рута, Извор: Deutche Welle, 15 February 2016

Иако имало многу различни миграциски рути активни пред 2015 година, начинот на кој беше активна Балканската рута помеѓу летото 2015 и пролетта 2016 беше уникатен. Пред 2015 година, присилните мигранти го преминуваа Средоземното Море за да стигнат до Италија и ЕУ со чамци и бродови. Во април 2015 година околу 800 присилни мигранти се удавија во бродолом веднаш до либискиот брег. По овој бродолом, Европската комисија ја претстави агендата на ЕУ за миграција и операција Софија. Главната цел на операцијата Софија беше да се пресретнат и уништат бродовите кои шверцерите со луѓе ги користеа за преминување на Медитеранот. Операцијата Софија имаше несакан ефект: го пренасочи патот на бегалците по рутата која минува низ Западен Балкан до многу поголем степен. Рутата на Западен Балкан беше посебна, бидејќи од септември 2015 година до март 2016 година, земјите на оваа рута имено Грција Македонија, Србија, Босна, Хрватска и Словенија го олеснија транспортирањето на присилните мигранти кон најпосакуваните дестинации.

Бегалската криза изврши извонреден притисок врз владите во регионот. Земјите стравуваа дека бегалците ќе бидат заробени на нивните територии откако Австрија, Германија и другите ќе ги затворат своите граници. Како последица на кризата со бегалците, има видливо поместување на гледиштето врз миграцијата на безбедноста.

Во екот на бегалската криза се појавуваат две главни грижи за Балканот и Европа и тоа државните актери како Турција па и недржавни актери како ИСИС како учесниците во блискоисточната криза можат да ги вепонизираат миграционите текови – т.е. да ги истераат бегалците натаму или да ги вратат назад за геополитичка добивка. Џихадисти од Блискиот Исток исто така беа способни да се инфилтрираат и патуваат непречено до Европа преку оваа рута.[58]

Во случај на нова бегалска криза или интензивиран притисок за миграција, владите на Балканот се чини дека речиси недвосмислено ја поддржуваат употребата на посилни мерки за справување со можен проток на луѓе.

## 4.6 Недржавни (вооружени) актери на Балканот

Иако не постои единствена и општоприфатена дефиниција за поимот недржавни актери, тие можат да бидат дефинирани во најширока смисла како поединец или организација која има одредено политичко влијание, а (не е официјално) поврзана со државата или некои од нејзините органи, институции, итн.

Забележано е дека на моќта на недржавни актери спротивно е пропорционална моќта на државата. Колку државата е послаба, влијанието и бројот на недржавните актери е поголемо и спротивно. Поради нивната неспособност да се спротивстават на најсоодветен начин, всушност, сиромашните земји стануваат еден вид на „инкубатор" во кој недржавни актери можат да се зајакнат до степен до кој тие релативни лесно можат да ги надминат националните рамки и да станат регионални, па дури и да стане меѓународен проблем.

Тука треба да се направи важна забелешка, оти недржавните актери се производ на современото меѓународно опкружување, и тоа не ги прави

[58] Всушност повеќето од терористите кои учествуваа во нападите на Париз во 2015 година поминале низ Балканската рута. The Telegraph: Majority of Paris attackers used migration routes to enter Europe https://www.telegraph.co.uk/news/2016/10/02/majority-of-paris-attackers-used-migration-routes-to-enter-europ/, пристапено на 5.5.2018

негативни по себе. Некои од овие недржавни актери се чист производ на економска глобализација и подигнување на економската меѓусебна поврзаност (т.е. мултинационални корпорации). Другите, како што се меѓународните невладини организации и меѓународни добротворни организации се позитивен пример за меѓународен граѓански ангажман со цел да се постигнат конкретните цели.

Сепак, како што ќе видиме понатаму одредени недржавни актери како исламски хуманитарни организации се закана за безбедноста на Балканот бидејќи делуваат во насока на ширење на вахабизмот и салафизмот во регионот и служат како овозможувачи на насилните недржавни актери.

### *4.6.1 Ненасилни недржавни исламски радикални актери на Балканот*

Исламски хуманитарни организации и хуманитарни канцеларии кои функционираат на Балканот пристигнаа заедно со конфликтите во Босна и Косово и беа поздравени поради нивните добронамерни причини. Сепак, многу од овие организации и хуманитарни организации го финансираа ширењето на вахабистичката теологија и тероризмот.

Дури и пред почетокот на војните во Југославија големи суми на пари, главно од Саудиска Арабија, биле пренесени на Балканот за изградба на многу џамии кои се користат за регрутирање на џихадисти и ширење вахабистичка идеологија и омраза кон Западот.

Со воспоставувањето на муслимански хуманитарни организации на Балканот земјите кои се домаќини на муслиманско население, разни донатори основаа добротворни организации во форма на невладини организации за да ги претставуваат на Балканот и да ги подобрат животните стандарди [59] на муслиманите во регионот, нудејќи им стипендии во форма на месечен приход доволен за поддршка на скромно семејство со две или три деца. Освен тоа, други скромни суми на пари им се нудат на млади муслимански жени, во

[59] Мета: Мажи со долги бради и традиционална исламска облека шетаат низ Битола http://meta.mk/tag/radikalen/, пристапено на 5.5.2018

замена за носење на исламски превез во нивните јавни настапи и на млади муслимански мажи за венчавање.

Со оглед дека мнозинството од населението на оваа возраст е родено и израснато во еден атеистички систем, земјите-донатори имаат за цел да го променат стилот на живот на младите жени и мажи и да го направат потрадиционален и порелигиозен со цел да ја зајакнат улогата на семејството како клетка за подмладување на исламскиот општествен систем кој се базира на семејни обврзници.

Во истиот контекст, друг дел од парите се насочува кон поддршка на старите луѓе кои имаат потреба од лекување и поддршка. На истиот начин, добротворните организации ја преземаат задачата за поставување на нови џамии или поправка на постарите оштетени.

Дополнително, добротворните организации се активни во формирањето на теолошки училишта за верското образование на млади муслимани. Од овие семинари, идните генерации муслимански свештеници ќе ја формираат основата за локалното свештенство на исламот во регионот. Кога младите студенти завршуваат наставни програми за студирање, тие се испраќаат на семинари на донаторските куќи за да го подобрат своето знаење. Горенаведените примери укажуваат на напорите на земјите донатори да воспостават, консолидираат и прошират социјална мрежа во различни аспекти на секојдневниот и личниот живот, со цел да влијаат врз јавното мислење на муслиманското општество за важноста на исламот. Секоја земја донатор, во зависност од промената на исламот што ја претставува, создава посебен контекст на исламот кој постои заедно со локалната муслиманска традиција и оние традиции кои исто така се интродирани од други земји донатори. Филантропскиот аспект на овие добротворни организации е неоспорен, но тоа е само една страна од проблемот.

Извештајот на ЦИА за добротворни исламски организации со терористички врски покажува оти скоро една третина од исламските невладини организации на Балканот постојат да ги олеснат активностите на исламските групи кои се вклучени во тероризмот, вклучително и египетскиот Ал-Гамаат

Ал-Исламија, палестинскиот Хамас, алжирските групи и либанската Хезболах.[60]

Напорите на владите за спречување на употребата на невладини организации од страна на терористичките групи се комплицирани од домашните и меѓународните политички загрижености, законските ограничувања и големината и флексибилноста на меѓународната екстремистичка мрежа. Домашните исламски организации - а понекогаш и странските влади - ги обвинија владите дека ги напаѓаат легитимните исламски институции и намерно ги попречуваат хуманитарните напори. Иако некои влади се покажаа подготвени да дејствуваат кога нивните интереси беа во прашање и кога постоеја законски основи за насочување на индивидуални вработени во НВО или дури и претставништва на невладини организации, само некои мерки се покажаа ефикасни и сите имаат недостатоци.

Најистакнати активни исламски невладини организации кои работат на Балканот се:

- Саудискиот комитет за помош на Косово
- Исламската хуманитарна фондација Ел
- Ал Вакх ал Исламија
- Глобален совет на млади муслимани
- Исламски меѓународен фонд за помош
- Глобална фондација за помош
- Друштво за оживување на исламското наследство
- Калири Ил Мерилис

Овие организации претставуваат основна база за оперирање на Ал Каеда на Косово. За јавноста, организацијата се занимава со образование и пружа медицинска помош на луѓето во Косово, а во реалноста организацијата им плаќа на луѓето да го следат исламот. Најголемиот дел на нивните активности е

[60] https://en.wikisource.org/wiki/CIA_Report_on_NGOs_With_Terror_Links#HUMAN_CONCERN_INTERNATIONAL_(HCI)

промоција на исламското фундаменталистичко убедување и финансирање на исламските радикали со помош на хуманитарни донации.

4.6.2 Насилни недржавни вооружени актери на Балканот

Посебна група на недржавни актери се насилните недржавни актери кои во своите постапки директно или индиректно применуваат сила и користат различни форми на насилство. Терминот вооружени недржавни актери опфаќа различни субјекти. Тука спаѓаат вооружените групи, национално-ослободителните движења и де факто управувачките органи.

Томас, Кисер и Кабебеер [61] (2005) велат дека „ВНДА играат често дестабилизирачка улога во скоро секоја хуманитарна и политичка криза со која се соочува меѓународната заедница“. Како нов вид актер во меѓународните односи, ВНДА претставуваат заминување од традиционалниот вестфалски систем на суверенитет на држави на два начина: со обезбедување на алтернатива за државно управување; и со предизвикот на монополот на државата за насилство.

Теоретски, постои силна корелација помеѓу слабата држава и безбедносните прашања, а предизвикот за стабилност на Балканот доаѓа од присуството на низа слаби држави во регионот. Албанија, Македонија, Босна и Херцеговина (Б и Х) и Косово може да се класифицираат како слаби држави и во поглед на неоинституционалните и идеални начини на зачнување на слабата држава. Во таа смисла, слабите држави на Балканот можат да го забават процесот на демократизација во регионот и да ја промовираат репродукцијата на нестабилност и несигурност.

Балканот има долга историја на опасни групи: од организирани криминални групи, екстремистички десничари и ултранационалисти, левичари и анархисти, а во последно време и насилни терористички организации.

[61] Thomas, Troy S.; Kiser, Stephen D.; Casebeer, William D. (August 2005). Warlords Rising: Confronting Violent Non-state Actors. Lexington Books

По завршувањето на војните во Југославија, голем број на муџахедини остана на територијата на Босна и Херцеговина што придонесе за развојот на терористичката мрежа поврзана со радикалните фракции на исламот. Оваа мрежа се прошири низ територијата на Балканот во Босна и Херцеговина, Македонија, Косово, Србија (Санџак) и Албанија. Исламистите на територијата на Балканот регрутираат терористи и имаат бројни финансиски операции и интереси неопходни за нивната активност чија цел е да се воспостави основата на глобалниот џихад.

Според мислењето на многу истражувачи, регионалната терористичка мрежа сè уште се зајакнува на Балканот. Терористички групации т.е. ВНДА ги шират своите влијанија насочувајќи се на формирање на паравоени структури.

Анализите на израелските разузнавачки служби покажуваат дека исламските хуманитарни организации континуирано испраќаат средства за муслиманите од босанско и албанско потекло кои формираат финансиска основа за идните терористички активности. Босанските безбедносни служби процениле дека бројот на вооружени исламисти во оваа земја може да изнесува 3.000. Што се однесува до терористичките закани, тие не се однесуваат само на муслимански фундаменталисти. Исто така, мора да ги земеме предвид влијанијата на иранската разузнавачка служба која можеби врши притисок врз центрите на локалните власти.

Постои хипотеза дека терористите би можеле да подготвуваат други напади насочени против дипломатските мисии на САД, базите на НАТО или вооружените сили на Босна и Херцеговина кои се испраќаат да учествуваат во операции во странство.

Клучни организации за кои со сигурност се знае оти оперираат на територијата на Балканот се Ал Каеда, ИСИС и Хезболах, додека Фронот Ал Нусра пак е организација на која заедно со ИСИС и Ал Каеда и се приклучуваат најмногу борци од Балканот.

*Ал Каеда*

Целта на Ал Каеда, од почетокот на граѓанската војна поврзана со распаѓањето на Југославија, беше да се воспостави посебна база на Балканот, која ќе им овозможи на терористите да се пробијат кон Западна Европа. Иако босанските власти во моментов ги негираат овие факти, лидерот на Ал Каеда тврди дека престојувал во Босна и Херцеговина каде што се запознал со претседателот Изетбеговиќ.

Изнесени се повеќе докази што докажуваат дека Осама бин Ладен престојувал во Босна и Херцеговина и се сретнал со властите на највисоко ниво. Во специјалистичката литература за оваа тема може да се најдат сметки за зголемување на бројот на сведоци; на пример, Ренате Флотау, новинар на Дер Шпигел, кој во 1994 година го сретнал Осама бин Ладен пред канцеларијата на претседателот Изетбеговиќ. Новинарот обрнал внимание на неговиот одличен англиски јазик, а за време на разговорот, лидерот на Ал Каеда признал дека дошол во Босна да воведе доброволци од странство за борба на нејзина територија. На Бил Ладен му бил издаден босански пасош во 1993 година од страна на амбасадата на Босна во Виена, каде што се појавил во друштво на Адурij Мехрез, кој пет години подоцна учествувал во нападите врз американските амбасади во Источна Африка (Кенија и Танзанија). Лидерот на Ал Каеда престојувал во Босна на крајот од 1992 година и на почетокот на 1993 година, кога оваа терористичка организација подготвувала обуки за муџахедини во близина на Тузла.

Муслиманските единици кои се бореле на територијата на Босна и Херцеговина биле координирани од канцеларијата на Ајман ал Завахири, која беше основана во 1991 година во Софија. Благодарение на оваа канцеларија, Ајман ал-Завахири бил во можност да ги надгледува терористичките операции на Балканот. Во 1996 година почнала да дејствува нова единица на самоубиствените терористи. Оваа група се состоела од млади Бошњаци со европски изглед, обучени да работат со експлозиви и да спроведуваат самоубиствени мисии. Групата била формирана бидејќи водачите и командантите на Ал Каеда одлучиле да регрутираат нови терористи меѓу

Словените и да формираат „Бела Ал-Каеда“, што е потешко да се идентификува поради „европскиот“ изглед на нејзините активисти.

Активноста на Ал Каеда на територијата на Босна и Херцеговина запрела после 1995 година поради интензивираните антитерористички акции на Соединетите Американски Држави. Сепак, индикациите на постоењето на Ал Каеда не треба да се игнорираат, бидејќи терористичката мрежа поврзана со муслиманскиот фундаментализам почна да го враќа своето значење на Балканот во дваесет и првиот век. Во средината на 2003 година, радикалните исламистички водачи го усвоија планот „Балкан 2020“ подготвен од Ајман ал-Завахири, според кој Балканот претставува еден од центрите на исламистичкиот тероризам во Европа кој истовремено игра клучна улога во стратегијата усвоена од страна на Ал Каеда, која треба да се реализира до 2020 година. Центрите кои имаат за цел да регрутираат терористи сè уште се формираат на Балканот, особено во Босна и Херцеговина, Косово, Санџак и Хрватска. Нивните активности се финансираат главно од пари што доаѓаат од нелегална трговија со дрога.

Зајакнувањето на нивните акции во Западна Европа подразбира главно собирање на припадниците на „Белата Ал-Каеда“ и нивно подготвување за терористички напади. На крајот на август 2003 година се собрале доброволци од словенско потекло, кои доаѓале главно од Косово и од Босна. Тие биле познати под името „бели ѓаволи“. Според обучувачите, тие биле способни да извршат самоубиствени дејства низ цела Европа, како и во Израел. До крајот на 2004 година, околу 200 терористи, на возраст меѓу 20-25 години, биле подготвени за напади. Тие беа обучени во исламските земји и обуката била платена од страна на единицата Ал Каеда одговорна за Балканот и Европа. Потоа биле распоредени главно во Македонија и Косово. Во 2005 година, самоубиствените терористи продолжиле со обука во северниот дел на Албанија и во Косово. Во овие региони, меѓу другото, регрутирале жени избрани меѓу вдовиците кои ги загубиле своите семејства во војната. Тие беа убедени дека „треба да ги продаваат своите души на Алах и Голема Албанија“. Вежбите биле спроведувани од британски инструктори финансирани од албанската мафија, специјалисти за експлозиви. На крајот на обуката, идните самоубиствени

терористи се вратиле во нивните родни места за да станат вид „терористички спални“ на Ал Каеда.

Регрутирањето на „Белата Ал Каеда“ беше успех што беше потврден од истрагите на странски специјални служби. Според американските служби, во 2004 година на териториите на Албанија, Бугарија, Македонија, Косово, Босна и Херцеговина имало околу 6.000 луѓе кои имале директна или индиректна врска со Ал Каеда. Припадници на терористичка група од селото Горња Маоца (село со најголема концентрација на вахабисти) биле уапсени во 2005 година и тврделе дека ќе спроведат бомбашки напад врз Ватикан. Нивниот водач, Енес Мујаканович, познат како Абу Омар Ал Кадаб, му објаснил на хрватскиот печат дека, „војската на Алах се подготвува да маршира за Рим и на тој начин да им нанесе пораз на христијаните“.

Англиските антитерористички единици кои престојувале во Сараево ги откриле врските меѓу терористите кои поставија бомби во Лондон на 5-ти јули 2005 година и членовите на босанските келии на Ал Каеда. Во 2005 година, како резултат на истрагите на данската и босанската полиција, биле уапсени припадници на т.н. „Сараевската група“, кои биле опремени со експлозив. Освен тоа, била уништена и терористичката група „Максимус“, која работела и во Сараевскиот Регион. Оваа група била клетката на Ал Каеда за северна Европа. Лидерот на групата, Мирсад Бекташевич, 19-годишен државјанин на Шведска, преку интернет одржувал контакт со Абу Мусаб ал-Заркави, лидерот на Ал Каеда, кој исто така се занимавал со регрутирање на млади муслимани за мрежата на Осама бин Ладен.

*Хезболах*

Според извештаите на разузнавачките служби и локалните извори, Хезболах е главен посредник за иранското влијание на Балканот, сконцентрирано претежно во Бугарија и во Босна. Нивните оперативци патуваат со пасоши од западните земји, овозможувајќи им можност да го избегнат сомнежот на локалните власти. На пример, терористите кои

учествуваа во нападите на израелските туристи во Сарафово[62] во Бугарија користеле австралиски и канадски документи.

„За Иран, Балканот е добра платформа од две причини. Прво, земјите како Босна веќе долго време се пробиваат. Второ, локалната безбедност и спроведување на законот не се доволно подготвени за противник како Иран".

Студијата ги наведе случаите на вмешаност на Хезболах во Бугарија и Кипар и истакна дека оперативците на Хезболах патувале со пасоши од западноевропските земји, дозволувајќи поголема ширина за избегнување на сомневање од локалните власти.

Според мислењето на многу научници, Хезболах на Балканот се обидува да го зајакне своето присуство и да ја шири својата мрежа особено на територијата на Србија (Санџак), Косово, Босна, Македонија и Албанија и во тие напори соработува со Ал Каеда која е веќе добро воспоставена, но и со други екстремистички и терористички организации. Анализите на израелските разузнавачки служби покажуваат дека исламските хуманитарни организации од Иран континуирано испраќаат средства за муслиманите од босанско и албанско потекло кои формираат финансиска основа за идните терористички активности.

Исто така, мора да се земе предвид и влијанието на иранската разузнавачка служба која е тесно поврзана со Хезболах. Клучна намера на Иран е да го зголеми влијанието на шиитскиот ислам на Балканот особено во земјите кои имаат шиитско муслиманско население (Бектеши, Алевити и слично). По 1990 година, Иран е ориентиран да користи мека моќ кон Балканот. Најважни инструменти на меката моќ на Иран се културни и истражувачки институти чија главна цел е да го зголемат влијанието на шиитскиот ислам.

Иран посветува посебно внимание на балканските земји, како што се Албанија, Хрватска и Бугарија, кои се во исто време членки на НАТО, а помало влијание на Косово и Македонија, поради нивната неможност да пенетрираат

[62] Times of Israel: Bulgaria reveals new evidence on Hezbollah-Burgas, http://www.timesofisrael.com/bulgaria-reveals-new-evidence-on-hezbollah-burgas-link/, пристапено на 5.5.2018

во Македонија, но и иранскиот поглед кон Косово како американски проект, па наместо тоа поддршка ѝ дава на Србија.

*Исламска држава (ИСИС)*

Тековната вклученост на Балканот со ИСИС е минимална во споредба со другите земји, иако продолжува да расте. Не постојат конкретни докази за кампови за обука на ИСИС на Балканот, но со оглед на тоа што голем број од странските борци во Сирија и Ирак кои се придружиле на ИСИС доаѓаат од Балканот, очигледно е оти регионот игра важна улога за ИСИС, и го гледа како идно бојно поле и сфера на влијание, особено бидејќи веќе постојат мрежи кои може да се користат за пренос на луѓе и трансфер на финансиски средства. Поради оваа причина, Балканот е специјално наменет за пропаганда на ИСИС, која претставува закана и значајна опасност за регионот.

На почетокот на јуни 2015 година ИСИС го објави своето прво видео специфично насочено кон муслиманите на Балканот. Насловено како „Честа е во Џихад: порака до народот на Балканот",[63] Балканот го става како географски регион и како територија што спаѓа во визијата на ИСИС. Во текот на видеото, разни босански и албански муџахедини упатуваат апели за џихад на нивните роднини на нивните мајчини јазици. Тие ги повикуваат другите да извршат хиџра во ИСИС, или да ги нападнат немуслиманите на Балканот со какви било средства како што се отров или експлозив.

На Балканот ИСИС повикува на самоубиствени напади на самотници (lone wolf) кои претставуваат јасна опасност. Неколку примери за напади инспирирани од ИСИС се Нердин Ибриќ, кој го извршил пукањето во полициската станица Зворник во Република Српска во април 2015, а за која е потврдено оти имал врски со ветеран кој се вратил од Сирија.[64]

[63] https://jihadology.net/2015/06/04/al-%E1%B8%A5ayat-media-center-presents-a-new-video-message-from-the-islamic-state-honor-is-in-jihad-a-message-to-the-people-of-the-balkans/, пристапено на 5.5.2018
[64] Jutarnji Vjesti:Tko je Nerdin Ibric? https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/tko-je-nerdin-ibric-napadacu-iz-zvornika-vojska-republike-srpske-ubila-je-oca...-prije-tri-godine-poceo-je-pustati-bradu/380359/, пристапено на 5.5.2018

Се смета оти иако ИСИС во моментов не е активна на Балканот претставува закана во иднина поради очекувањата на најразлични безбедносни агенции ИСИС да ги префрли своите делувања на територијата на Балканот како што е истиснат и ја губи територијата во Сирија. Секако за ова ќе има голема поддршка и основа поради огромниот број на борци од Балканот кои отидоа на боиштата во голем број и ќе се вратат назад во земјите на потекло од Балканот.

## 4.7 Регрутирањето на борци од балканските земји

Со подемот на самопрогласената Исламска држава, феноменот на странските борци стана значаен глобален безбедносен проблем. Владите во целиот свет станаа преокупирани со можноста нивните граѓани да заминат на воени зони, а потоа да се вратат со обука и искуство. Додека феноменот на странски борци кои учествуваат во конфликти не е непознат (Авганистан, Босна или Чеченија се само неколку примери), денес ИСИС привлече рекорден број на лица од различно потекло.

### *4.7.1 Привлечноста на ИСИС*

Иако западните медиуми во изминатите години ја публикуваа бруталната страна на ИСИС, неизбежно е прашањето зошто ИСИС како ниедна друга терористичка организација претходно привлече толку многу борци. Основната порака и привлечност на ИСИС е тоа дека за прв пат во сто години од падот на последниот калифат т.е. Османлиската Империја постои калифат, Исламска држава, но која за разлика од Османлиите, вистински го следи божјиот закон, строго и без корупција. Јазот помеѓу она што муслиманите некогаш беа и каде што сега се наоѓаат, е во центарот на гневот и понижувањето што го поттикнуваат политичкото насилство на Блискиот Исток. Оттогаш, муслиманите, а особено арапските муслимани, се обидуваат да ги дефинираат контурите на соодветен посткалифат политички модел.

Оваа приказна не само што ги привлекува идеалистичките млади муслимани, туку помага и да ги поттикне луѓето во исламската држава кои се обесхрабрени од тешкотиите со кои се соочуваат: недостатокот на електрична

енергија, западниот луксуз, а понекогаш и храна и основни медицински материјали, а во некои области постојано бомбардирање. Се разбира дека е тешко, наративот им кажува, бидејќи ова е почеток; сè ново мора да биде изградено со жртва и напор. Бруталноста на ИСИС толкувањето на шеријатот, може да биде шок, но и ова може да се надмине, тврди ИСИС, користејќи го наративот на нова држава: откако ќе се навикнат на луѓето, ќе има помалку криминал и на тој начин, неизбежно, помалку треба да се казнат луѓето. Со други зборови, ова се само болки во раѓање. Употребата на утопискиот идеал како мотиватор за борба и борба има многу преседани. Најочигледна паралела во дваесеттиот век е комунизмот, кој ги повикува луѓето да направат огромни жртви за да го поддржат она што тие го сметале за општествено праведен систем на земјата, како што е претставено во 1984 година на Џорџ Орвел од ликот Боксер, силен, но лесно убеден работник кој редовно си кажува себеси, „Јас ќе работам потешко“ за надминување на сите проблеми што произлегуваат од новиот систем.

Исто така, глобалниот дофат на Исламската држава се рефлектира во бројот на луѓе кои отидоа во Шпанија од САД и други делови од Европа за да се борат за комунизмот за време на Граѓанската војна во Шпанија, како и оние, како двојниот агент Ким Филби, кои ги шпионирале нивните земји за Советскиот Сојуз. Други слични примери од сегашноста се странски борци во Курдската работничка партија во Ирак и Сирија.

### *4.7.2 Странски борци од Балканот*

Севкупно, се верува дека од крајот на 2012 година до почетокот на 2016 година, околу 875[65] лица од Балканот отпатувале за Сирија и Ирак. Оваа бројка вклучува луѓе за кои се верува дека или останале таму, се вратија дома или умреле. Исто така околу 448 неборци како што се жени, деца и постари лица се приклучиле на ИСИС.[66]

[65] Beyond the Caliphate: Foreign Fighters and the Threat of Returnees, Soufan Group, 2017, http://thesoufancenter.org/wp-content/uploads/2017/11/Beyond-the-Caliphate-Foreign-Fighters-and-the-Threat-of-Returnees-TSC-Report-October-2017-v3.pdf
[66] Исто

Косово (317), Босна и Херцеговина (248), Албанија (90) и Македонија (140) се главните извори од Балканот на странски борци во Сирија и Ирак, додека Бугарија (10), Србија (50), Романија (1) се далеку помалку. Темпото на заминување на граѓаните од овој регион во Сирија и Ирак забави во 2015 година и речиси запре до почетокот на 2016 година. Враќањата од Сирија и Ирак, сепак, исто така, речиси целосно се прекинаа во 2015 година, по неколку екстрадиции од притвор во Турција.

Овој пад на заминувања и на враќањата е потенцијално резултат на интензивираните регионални и меѓународни напори за кривично гонење на аспирантните борци и повратници. Намалувањето, исто така, може да биде поврзано со развојот на конфликтните зони кои сега е потешко да се стигнат.

Помеѓу луѓето од Косово и Босна, жените сочинуваат 27 % и 31 % од контингентот на секоја земја - речиси двојно повеќе од европскиот просек. Како последица на тоа, неборците сочинуваат многу повеќе (до 55 %) од контингентот на Балканот, отколку што е случај со другите странски контингенти во Сирија и Ирак. Карактерот на контингентот може да се припише и на реториката на ИСИС и повиците до нејзините следбеници да преземат хиџра (миграција). Како одговор на ова, цели семејства, понекогаш три генерации, мигрираат од Балканот, а многумина немаат намера да се вратат.

Додека единствениот профил на типичниот странски борец од Балканот останува тешко да се дефинира, постојат сличности кои може да се разберат како обрасци: (1) врски со дијаспората во ЕУ (особено во Австрија и Германија), и (2) криминално досие пред заминување. Други фактори кои се карактеризираат во животот на многу борци вклучуваат: недостаток на образование, невработеност, нефункционални или скршени семејства и проблеми со менталното здравје. Поблизок преглед на десетици индивидуални случаи силно укажува дека мотивите за миграција во Сирија и Ирак најчесто вклучуваат мешавина на лични побуди заедно со сеопфатни идеолошки поттици. Вообичаено, луѓето кои заминуваат или избегнуваат нешто (без разлика дали се несреќни бракови, семејно насилство, долг, кривично гонење, алкохол или злоупотреба на дрога), или бараат нешто (како брачен другар,

авантура или припадност и цел во животот). Во исто време, тие се усогласија со она што го гледаат како божествен ред.

„Балканските џихадисти“ се претежно млади, обично помеѓу 20 и 35 години, кои доаѓаат од оддалечени рурални средини, обично сиромашни и невработени, со малку работно искуство или вештини за да понудат. Бидејќи се маргинализирани и стигматизирани во длабоко поделени општества оптоварени со наследството на војната, тоа ја акцентира ранливоста на овие лица на исламистичка пропаганда.

Посебна карактеристика на исламистичките радикали од Балканот е високиот процент на жени и деца што ги следат на патувањето во Сирија и Ирак. На пример, во споредба со земјите од ЕУ, овој процент е висок, достигнувајќи до 36 % во случајот со босанските борци, најверојатно поради наративниот облик околу хиџра (миграција кон калифат). Исламската радикализација и регрутирањето на странските борци на Балканот се одвива лично и преку интернет-пропаганда.

Најистакнатите точки на радикализација и регрутирање, секако беа екстремистички „жаришта“, ги содржеа муслиманските заедници поставени во оддалечените области кои дејствуваа под шеријатскиот закон, како Овше и Горње Маоце во Босна и Херцеговина, Тутунзус џамијата во Гази Баба во Македонија, Поградец во Албанија, Качаник во Косово итн.

Онлајн и радикализацијата на социјалните медиум на Балканот нема такво влијание и привлечност како во земјите од западна Европа, но сепак, одигра значајна улога во насочувањето на ранливите поединци. Постојат бројни фејсбук-профили и твитер-профили кои споделуваат разни фотографии, видеа и други пропагандни материјали за ИСИС дури и на локалните јазици.

### 4.8 Турција во соседството

Улогата на Турција беше ограничена до крајот на 1990-тите поради секуларистичката верска перспектива на Кемалистите. Иако турската надворешна политика беше активна на Балканот во поглед на официјалната дипломатија официјално турската држава не комуницираше со локалните

верски актери. Сепак, Турците соработуваа со државни агенции или етнички турски организации на пантурска националистичка платформа која немаше такво влијание како останатите исламските мрежи, главно од Саудиска Арабија и другите земји од Заливот, кои започнаа да работат во целиот регион, вклучувајќи ја и Босна и Херцеговина.

По доаѓањето на власт на АКП новата влада во Турција прифати еден нов модел на ангажман во регионот со што значајно се прошири влијанието на Балканот (како официјалното турско влијание и преку ѓуленистичките мрежи на организации). Главните двигатели на новата турска надворешна политика се центрирани на историјата, културата и геополитичката позиција на нацијата, но и неоотоманската носталгија која стана распространет наратив во турското општество во рамките на политичките и интелектуални форуми. Уште повеќе, новиот турски политички дискурс сака да предложи оти балканските земји треба и можат да ја избегнат судбината да бидат на периферијата или жртвата на геостратешкиот натпревар на големите сили со повторно воспоставување на успесите од османлискиот период. Во таа смисла, моделот на империјата се смета за позитивен пример и решение за етничките и религиозните конфликти[67].

Политиката на Турција во поглед на конфликтот во Сирија и Блискиот Исток е значајна за Балканот, бидејќи таа е на периферијата на Балканот и ја претставува големата порта кон Блискиот Исток не само за Балканот туку и за Европа.

Турција има двојна улога, т.е. од една страна ја поддржува ИСИС и другите групи, а од друга страна учествува во нападите на Сирија.[68]

Поддршката на Турција за исламистичките групи во Сирија имаше уште една причина да се олесни падот на режимот на Асад: новата курдска закана во северниот дел на земјата. Курдите во Сирија се тесно поврзани со турскиот

[67] "Address of H. E. Prof. Ahmet Davutoğlu, Minister of For-eign Affairs, Republic of Turkey, at the conference: The Otto-man Legacy and the Balkans' Muslim community today" (Sarajevo, 16–18 October 2009).
[68] https://www.rand.org/blog/2018/04/turkeys-double-standard-how-ankaras-actions-contradict.html, пристапено на 5.5.2018

курдски непријател, Курдистанската работничка партија или ПКК, која спроведува бунт за поголеми права за турските Курди од 1984 година. Арапските и туркменските исламистички групи се главниот бедем против проширувањето на де факто автономната курдска енклава во северна Сирија. АКП е загрижена дека проширувањето и консолидација на курдската држава во Сирија ќе ја зајакне ПКК и понатаму ги поттикнува сличните аспирации меѓу сопствените Курди во Турција.

Од друга страна пак, Анкара го зацврсти својот став против ИСИС со отворање на воздухопловната база на Инџирлик во јужна Турција за употреба од страна на коалицијата предводена од САД, насочена кон организацијата со воздушни напади.

Почнувајќи од крајот на 2013 и почетокот на 2014 година, турските граници станаа главни логистички центри за странските борци кои бараат да влезат во Сирија и Ирак за да се приклучат на Исламската држава и другите бунтовнички групи. Според сите извештаи, странските борци од целиот свет најпрво отпатувале за Турција, а потоа за Ирак и Сирија, формирајќи го столбот и ударната моќ на Исламската држава. Само во 2013 година, околу 30.000 милитанти ја поминуваа турската територија, формирајќи т.н. автопат на џихадистите, бидејќи земјата стана канал за борци кои сакаат да пристапат во Исламската држава.

До август 2015 година, Турција на крајот ги зацврсти своите граници и се согласи да се вклучи во мисиите како дел од операцијата Inherent Resolve, но дотогаш лавовскиот дел од странските борци веќе пристигна во Ирак и Сирија. Постојат уште многу примери за пасивна поддршка на Турција на борците на исламските држави, вклучувајќи ги и милитантите на ранетите исламски држави кои се лекуваат бесплатно во болниците низ југоисточна Турција. Меѓу оние што ја примаа грижата беше еден од највисоките заменици на главниот лидер на Исламската држава, Абу Бакр ал-Багдади, Ахмет Ел-Х, кој беше третиран во приватна болница во Санлиурфа во август 2014 година.

Турција, која има длабоки историски и културни врски со Балканот, го идентификуваше регионот како еден од клучните елементи на својата

надворешна политика; и ги продолжува своите активности во регионот со прифатена перспектива што е во зборовите на премиерот Ахмет Давутоглу „не е криза, туку се фокусира на визија".

Експертите и академиците кои го познаваат и го следат регионот тесно се согласуваат дека активностите на Турција на Балканот имаат критична важност во спречувањето на радикалните тенденции, за разлика од спротивните критики и проценки.

## ГЛАВА V

## АНАЛИЗА НА ЗАКАНАТА И ИМПЛИКАЦИИТЕ ПО БЕЗБЕДНОСТА И СТАБИЛНОСТА НА БАЛКАНОТ И ЕВРОПА

Темата за тоа дали и во кој обем е присутен радикалниот ислам на Балканот и во кој обем тој претставува закана за земјите од Балканот и Европа е проучувана од многу научници и автори, особено по појавата на феноменот на Исламската држава и нејзината привлечност за младите муслимани од Балканот. Често пати тие се фокусираат на исламската закана низ призмата на странските борци или заканата која радикалниот ислам ја претставува поради таканаречената Балканска рута, но радикалниот ислам има подлабоки корени и оперира на многу покомплексно ниво.

Анализата на заканата од радикалниот ислам ја делам на две поданализи: а) заканата која радикалниот ислам ја претставува за самиот регион на Балканот и б) заканата која радикалниот ислам ја претставува за Европа.

Врз основа на трендовите ги претставувам следните хипотези во поглед на заканата која радикалниот ислам ја претставува за Балканот:

- Проширувањето на присуството на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до верски судири помеѓу муслиманите на Балканот
- Проширувањето на влијанието на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до поларизација и судири помеѓу муслиманите и другите

религиозни групи на Балканот и поттикнување/оживување на етнорелигиски конфликти
- Зголемување на можноста од терористички напади на цели на Балканот

Врз основа на разгледаните трендови и теоретски истражувања заканата која радикалниот ислам на претставува за Европа може да се сумира во следното:

- Балканот ќе претставува извор на небезбедност на самите граници на Европа
- Балканот ќе биде искористен од радикалните исламистички групи за лансирање на терористички напади во срцето на Европа

Можат да се идентификуваат два главни извори на закана: а) вахабистичките и салафистичките движења на Балканот и нивите припадници и б) надворешни екстремисти кои доаѓаат на Балканот.

Во првата група спаѓаат локални вахабисти и салафисти и припадници на други исламски радикални движења блиски до оваа верзија на исламот. Исто така, тука спаѓаат џихадисти од Балканот кои патувале на боиштата во Сирија и Ирак за да се борат за ИСИС и други вооружени исламски групи и претставуваат посебна закана, бидејќи се стекнале со борбеното искуство и изострени радикални верувања.

Вториот извор на закана произлегува од надворешните екстремисти кои пристигнуваат во регионот. Оваа закана се зголеми во пресрет на мигрантската криза, која им овозможи на голем број луѓе од Блискиот Исток да дојдат на Балканот, со минимални проверки на нивната позадина или идентитет. Нападите во Западна Европа во текот на летото 2016 и 2017 укажуваат на тоа дека ИСИС веќе го искористила ова за да ги внесе странските борци во Европа, во некои случаи токму преку Балканската рута. По нападите во Франција, Белгија и Германија, властите во Македонија, Словенија и Унгарија различно потврдија дека напаѓачите поминале низ нивните земји, што укажува на нивното присуство во регионот, само привремено.

## 5.1 Заканата која радикалниот ислам ја претставува за регионот на Балканот

### *5.1.1 Проширувањето на присуството на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до верски судири помеѓу муслиманите на Балканот*

Досегашната анализа во трудот покажа оти почетоците и најголемиот дел од историското присуство на Балканот, исламот кој преовладувал бил од Ханафската јуриспруденција, кој е познат по својата умерена форма и дозволува плурализам на мислата, која е основното одбележје и на исламот на Балканот генерално. И денес очигледна е големата разлика помеѓу муслиманите на Балканот во поглед на тоа колку се религиозни, па таа религиозност сѐ уште е многу мала во Албанија или на пример Босна, па сѐ поголема и поголема кај одреден дел од муслиманската популација во Македонија и Косово.

Во ваква форма исламот доминирал за време на Отоманската Империја, но и во периодот кога исламот и муслиманите на Балканот биле на маргините на геополитичките збиднувања. Политичките и историските околности на Балканот на крајот од 20-тиот век со распадот на Југославија доведуваат до појава на движења кои шират една нова интерпретација на исламот која не е позната на овие простори, т.е. вахабизам/салафизам. Без оглед што од вкупната муслиманска популација на Балканот од околу 6,7 милиони само мал процент се следбеници на вахабистички и салафистички струи, вниманието и политичкиот простор кои тие ги заземаат во современиот политички дискурс се огромни.

Во голем дел присуството на овие вахабистички и салафистички влијанија е директен резултат на политиките на Западот уште од минатите векови па и во XX век, кога се обидуваа да креираат институции и политички сојузништва кои сметаа оти можат да ги контролираат. Овде може да се вклучат и процесите на создавање на држави на Блискиот Исток по падот на Отоманската Империја, имено Саудиска Арабија и на Балканот по распадот на Југославија кога Западот ги затвори очите пред влезот на огромни количества на пари и муџахедини од Блискиот Исток). Ваквата политика доведува до спротивставување на двете доминантни верзии на исламот на Балканот која денес може да се насети во

бројните известувања за обиди за преземање на официјалните исламски верски заедници, џамии и медреси, претепување на исламски свештеници од страна на вахабистите и слично во најразлични делови од Балканот од страна на верски салафистички и вахабистички струи. Бројни вакви случаи се сретнуваат во Босна, Косово, Македонија, Србија и слично. Овој факт може да биде засилен од а) официјалната секуларност на државите на Балканот во кои декларативно и официјално религијата е одделена од државата и б) самата природа на исламот во кој не постои една централна власт која е извор на толкување. Поради генералната незаинтересираност на државите од Балканот на долг рок оваа тенденција може да се засили.

Веројатноста на вооружени судири меѓу различните муслимански отелотворенија на Балканот секако се далеку од фантазијата, но сепак постои можност, а и во исламот исто така е познат концептот на такфир (tekfir). Тоа што е можно и веројатно се конфликти од низок обем како претепувања и палења на џамии, преземање на верски објекти, ширење на страв, омраза и нетрпеливост помеѓу муслиманите или терористички напади.

Контратеза на оваа тенденција може да биде засилувањето на влијанието на земјите кои може да извезуваат умерена форма на ислам, што во случајот на Балканот може да биде Турција, делумно поради нејзиното отоманско минато и влијание на Балканот, нејзината близина до регионот на Балканот, но и нејзината моментална инклинација да биде противтежа на радикалниот ислам на Балканот.

*5.1.2 Проширувањето на влијанието на радикалниот ислам на Балканот ќе доведе до поларизација и судири помеѓу муслиманите и другите религиозни групи на Балканот и поттикнување/оживување на етнорелигиски конфликти*

Религиозниот и етничкиот идентитет постојано се присутни во антагонизмите кои со векови го фрагментираа Балканот. Повеќе од кое било друго место во Европа, религијата и националноста се спојуваат на Балканот, овозможувајќи создавање потентна пропаганда и единствена историја што може да се користи за да се инспирира омразата кон „другиот“.

Регионот на Балканот е територија која лесно може да се потпали, за што има бројни примери кога непотврдени вести за одредени судири помеѓу етнички и религиозни групи предизвикале насилство, а кои подоцна се покажале како неточни.[69]

Таква тактика не е непозната за групи како ИСИС каде напаѓачи преоблечени во официјални курдски униформи влегле во градот и масакрирале повеќе од 100 луѓе.[70] Балканските полициски и воени униформи лесно можат да бидат украдени или фалсификувани за слични цели. Таков напад од страна на терористи облечени како полицајци или војници против „друга" етничка припадност или религија во една балканска држава ќе стане моментална YouTube сензација и може да предизвика улично насилство, протести и дестабилизација. Во услови на неодговорност на хроничните медиуми (а да не зборуваме и за социјалните медиуми), дезинформациите можат да ги разгорат само ваквите ситуации. За секој кој се сеќава на настаните од март 2004 година, кога лажниот извештај на медиумите од косовските медиуми доведе до албански бунт во висина од 50.000, кој беше насочен кон српското малцинство, оваа можност претставува конкретна загриженост со јасни преседани.

Балканските безбедносни сили се особено загрижени за потенцијалот за напади што би предизвикале меѓуетнички и меѓурелигиски судири на следните места особено во Македонија, Санџак во Србија, Митровица во Косово и други локации кои се познати со етничко или религиозно мешано население со потенцијал за дестабилизација.

Друга област од интерес за радикалниот ислам може да е јужна Албанија, каде што организираниот криминал веќе долго време вклучува паравоена компонента и каде што живеат мешавини на православни, бекташки и традиционални муслимани.

---

[69] Експрес МК: Села: На 27 април имаше Албанци со калашникови на Камен мост! http://expres.mk/села-на-27-април-имаше-Албанци-со-калашникови/, пристапено на 5.5.2018

[70] The Washington Post: Islamic State attacks Kobane 5 months after ouster; scores reported killed https://www.washingtonpost.com/world/islamic-state-returns-to-kobane-five-months-after-it-was-driven-out/2015/06/25/43498253-efce-44f8-bc6d-3000acc87d4e_story.html?noredirect=on&utm_term=.9799901b78a5, пристапено 5.5.2018

Сепак, најголема можност за терористички напад најверојатно би биле локалните христијански заедници во регионот, особено оние со кои локалните муслимани се вклучени во најразлични спорови.

Во оваа смисла, заканата од тероризам ризикува да ги влоши основните националистички конфликти на Балканот. Веќе има примери каде босанските Срби ја деградираа безбедносната соработка со националните безбедносни служби во кои доминираат Бошњаците, за кои се сомневаат дека ги поддржуваат терористичките симпатизери и наместо тоа, ја продлабочија соработката со безбедносните служби во Србија.

### *5.1.3 Зголемување на можноста од терористички напади на цели на Балканот*

Иако Европа доживеа висок степен на терористички закани, земјите на Балканот, кои иако имаат значително присуство на радикални исламисти и места како што се Босна, Македонија и Косово обезбедија плодна почва за радикализација. Меѓутоа, опасноста значително се зголеми од почетокот на конфликтот во Сирија, подемот на ИСИС и последователната заложба од страна на меѓународната коалиција за уништување на организацијата.

На Балканот постојат голем број потенцијални терористички цели. Потенцијални цели се западните интереси и локации како амбасади, културни центри или приватни фирми. Исто така потенцијална цел може да биде локален политичар, особено лидер, чија смрт ќе создаде шок бранови низ целиот регион. Терористите, исто така, би можеле да го нападнат растечкиот број војници на НАТО испратени во државите што се граничат со поранешниот Советски Сојуз.

Речиси сите земји во регионот презедоа чекори за ублажување на терористичката закана. Балканските држави веќе ги забрануваат активностите на платеници во странство, обезбедувајќи изговор за да го спречат секој кој се враќа од Сирија. Ова е придружено со обиди да се нарушат екстремистичките групи, да се уапсат осомничените и да се изведат пред лицето на правдата. Во моментов, во Косово и во Македонија се случуваат големи судски процеси,

додека Босна ги продолжи условите за долги затворски казни за разни радикални проповедници кои го охрабриле и овозможиле минување на локалните екстремисти во Сирија. Во меѓувреме, регионалните лидери се обврзаа на меѓународните обиди за соработка во безбедноста, особено преку т.н. Брдо-Бриони процес, кој помага да се вклучат САД во борбата против тероризмот.

Еволуцијата на терористичката закана на Балканот зависи од различни варијабли, почнувајќи од решеноста на радикалните исламисти да нападнат балкански цели, потоа подготвеноста на жителите да им служат на интересите на ИСИС, Ал Каеда и други радикални исламистички групи, достапноста на оружје и експлозиви, и способноста на локалните безбедносни сили да се борат против екстремистичката активност. Меѓутоа, најважната варијабла ќе биде издржливоста на ИСИС, која дотогаш служи како локус за локалните исламисти, но чиј пад на Блискиот Исток се заканува да ја шири терористичката закана од боиштата на Сирија и Ирак и назад кон земјите од каде потекнуваат борците на ИСИС.

Главната одбрана против оваа закана ќе бидат напорите на локалните власти да се справат со проблемот на екстремизмот и да ги заштитат своите држави од надворешен напад. Додека во најголем број случаи овие напори ќе бидат успешни, постојат практични ограничувања на заштитата која секоја држава може да ја даде, особено кога безбедносните служби се лошо поставени. Иако ризикот од напад во регионот ќе биде помал отколку во Западна Европа, кој содржи големи радикализирани заедници, постои значителна закана од континуирани инциденти на ниско ниво и потенцијално голем напад во блиска иднина.

## 5.2 Заканата која радикалниот ислам ја претставува за Европа

### *5.2.1 Балканот ќе претставува извор на небезбедност на самите граници на Европа*

Европската безбедност денес не е загрозена од конфронтацијата меѓу воените сојузи и држави, но со нови надворешни опасности. И покрај четврт

век, енергијата и ресурсите посветени на миротворството, градењето на нациите и државите и економскиот развој на Балканот, напорите на Западот за стабилизирање, реформирање и интегрирање на голем дел од Балканот во европските институции е според широк спектар на индикатори, недоволен.

Оваа небезбедност произлегува од неколку извори и тоа: фрагментација и понатамошно ослабување на државите во регионот на Балканот и кои уште долго време ќе останат надвор од европските структури, непосредното соседство на Блискиот Исток т.е. Сирија, идни бегалски бранови кои ќе се задржат на просторот на Балканот, радикалниот ислам и организираниот криминал. Сите овие опасности се разработени во претходните глави од овој труд.

Од друга страна стабилноста во соседството на ЕУ е од голема важност и оттука Балканот има големо значење. Геополитички, Балканот е малата порта за влез во Европа, или „стомакот", т.е. „мекото ткиво" на Европа и нејзината слабост.

Денес безбедносната стратегија на ЕУ се потпира на премисата на човековата безбедност која е ограничена на територија, па така сè додека светот надвор од Европа е нестабилен, и Европа не може да биде безбедна. Така Балканот, геополитички лоциран во рамките на ЕУ, мора да биде стабилен.

Постоењето на сиви зони во постјугословенскиот и балканскиот простор, во мекото ткиво на Европа, со нетранспарентни граници и паравоени формации поврзани со меѓународниот организиран криминал и радикалниот ислам создава еден простор кој е извор на небезбедност и несигурност.

*5.2.2 Балканот ќе биде искористен од радикалните исламистички групи за лансирање на терористички напади во срцето на Европа*

Во текот на изминатите две години, европските влади и ЕУ сè повеќе се загрижени поради подемот на терористичката организација Исламска држава, нејзиниот успех во привлекувањето на европските граѓани да се приклучат на борбите во Сириско-ирачкиот Регион и употребата на насилна екстремистичка пропаганда за инспирација и регрутација. Многу од неодамнешните терористички инциденти во Европа - вклучувајќи ги и нападите од ноември

2015 година во Париз и бомбашките напади во март во Брисел во Брисел - се поврзани со Исламската држава, а голем број извршители биле или се европски граѓани кои, наводно, се бореле со групата во Сирија или Ирак. Европските безбедносни служби оценуваат дека способноста на Исламската држава за спроведување или насочување на поголеми координирани напади во Европа се чини дека се зголемува.

Радикалните исламистички групи на Балканот имаат значителен број на приврзаници во скоро сите земјите, од чија база ќе можат во иднина да регрутираат борци и поддршка за такви напади. Така за илустрација што е и дел од овој труд е дека бројот на странски борци кои од Балканот заминале на боиштата на Сирија и Ирак е околу 845.[71] Голем дел од овие борци се вратиле назад во своите татковини, и во периодот што доаѓа ќе останат да бидат значителна закана и жариште на тероризам. Освен борци, голем дел на жени и деца од Балканот исто така отишле во Сирија, и таа бројка е проценета на околу 448[72] кои во голем дел се вратиле назад.

Исламската држава направи значителни напори да ги убеди насилните муслимани од Балканот да се приклучат на групата во Сирија. Исламската држава се обидуваше да ги искористи постојните екстремистички мрежи на Балканот и голем број симпатизери таму да регрутираат борци и да обезбедат помош за регрути од други делови на светот кои се обидуваат да стигнат до Сирија.[73]

Извештајот на EUPOL од јануари 2016 година, „Промени во начинот на функционирање на терористичките напади на Исламската држава“, детално објаснува како капацитетите за обука на Балканот и во самата ЕУ ги предаваат техниките за отпорност на преживувањето и испрашувањето и симулираат борбено искуство под маската на „спортските активности“.

---

[71] Според извори од извештајот на групата Суфан: Foreign Fighters: An Updated Assessment of the Flow of Foreign Fighters into Syria and Iraq http://www.soufangroup.com/foreign-fighters/

[72] Исто

[73] Hristo Voynov, "ISIS and the Balkans: Part Two," Vostokian Magazine , July 11, 2015

# ЗАКЛУЧОК

Следејќи ја поставената хипотеза во овој труд, и трендовите кои потекнуваат од околностите на Балканот, заканата од исламски радикализам на Балканот е реална и не е производ на промените во светот кои се случија со 11 септември 2001 година туку резултат на социјални и историски процеси во земјите од Балканот и геополитичкото влијание на Блискиот Исток и збиднувањата таму. Сепак геополитичкото влијание на исламскиот екстремизам на Балканот не може да се види изолирано од други феномени што ја загрозуваат неговата безбедност и демократска стабилност.

Една од клучните закани на Балканот доаѓа од недржавни актери кои имаат тенденција да го заземат политичкиот простор на Балканот и кои носат еден нов историски и религиозен наратив. Како значаен безбедносен феномен се јавуваат со почетокот на војните во Југославија. Иако дефиницијата на недржавни актери е поширока во овој контекст се обработуваат невооружените актери, пред сѐ фондации кои делуваат на заземање на политичкиот простор оставен од нефункционалните држави, и вооружени недржавни актери, во овој случај исламистички терористички организации.

Во земјите како Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, а во помал обем и во Македонија и Бугарија, по падот на комунизмот овие фондации се стремат да го пополнат просторот кој остана од недостатоците на институциите на државата во поглед на образованието, здравството, социјалната сигурност и сиромаштијата, притоа активно работејќи на појава на нов наратив во поглед на историското минато. Клучни тука се најразлични фондации од Саудиска Арабија, но и Иран и други блискоисточни земји. Голем дел од нивните пари се канализираат за изградба на џамии, кои во изминатите години се бројни, преку кои се шири форма на ислам кој е непознат за Балканот и се разликува од традиционалната отоманска верзија на сунитски ислам од ханафската исламска јуриспруденција. Исто така во повеќето земји од Балканот постои систем на паралелни образовни институции како медреси или академии, а се појавува и мрежа на паралелни религиозни институции, параџамати кои го поткопуваат и авторитетот на постоечките главно секуларни исламски верски заедници во земјите од Балканот. Мора да се истакне оти ова претставува сериозен

социјален и безбедносен проблем бидејќи ваквите паралелни институции и мрежи го поткопуваат авторитетот на државите и нивната способност за легитимитет.

Во рамките на овој труд ги обработивме и вооружените недржавни актери, како терористички организации, но и недефинирани терористички групи кои постоеле и постојат на Балканот во изминатиот период. Неоспорно е постоењето на вакви групи во периодот на Босанската војна, а подоцна и косовскиот конфликт и кризата во Македонија во 2001. Постојат бројни докази оти радикални исламистички групи учествувале во овие конфликти. Исто така постојат бројни индикации оти Балканот е територија на која се среќаваат групи поврзани со Ал Каеда во Албанија, Босна и Косово, Хезболах во Албанија, Бугарија и ИСИС во повеќето земји од Балканот. Овие групи ги користат деловите од Балканот како кампови за обука, но и регионот како место за регрутирање на борци и приврзаници за нивните каузи.

Тесно поврзано со појавата на недржавните (вооружени и невооружени) актери од радикалната исламска провиниенција е токму ширењето на радикални форми на ислам како салафизам и вахабизам. Денес заедници на радикални муслимани кои следат салафистичка и вахабистичка верзија на исламот има насекаде низ Балканот. Овие честопати живеат во изолирани области каде мнозинството се следбеници на ваквата идеологија (како на пример регионот на Санџак во Босна, делови од Косово и Албанија), но сè поголем е бројот на следбеници на овие идеологии кои живеат во урбаните средини покрај други муслимани и луѓе од друга вероисповед, што претставува *основа за конфликт со оглед на нетолеранцијата кон другите која е инхерентна* на ваквиот ислам. Со оглед на бројот на население на Балканот и бројот на муслиманите, следбениците на салафистичките и вахабистичките исламски идеологии сепак е мал, и не претставува непосредна закана за регионалната безбедност на Балканот. Исто така, засега постои мал ризик оти муслиманите на Балканот ќе ја поддржат идеологијата и целите на исламските екстремисти, особено бидејќи радикалната исламска идеологија е различна од традиционалната верзија на ислам на Балканот, но и историската насоченост на муслиманите на Балканот кон Европа. Иако приврзаниците на радикалниот

ислам на Балканот претставуваат закана, нивното постоење сè уште во голема мера зависи од странското финансирање и надворешната поддршка.

Зголеменото учество на муслимани од Балканот во воените жаришта на Блискиот Исток ќе ја зголеми долгорочната опасност за балканските држави пред сè поради враќањето на радикалните исламски борци врз безбедноста на регионот. Конфликтот во Сирија имаше огромен одек во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија и Србија. Веќе видовме оти од регионот учество во борбите на Блискиот Исток зеле повеќе од 800 борци и уште околу 400 неборци (жени, деца). Во голем дел освен привлечноста на повикот на ИСИС за ова е особено виновна и радикалната исламистичка идеологија на Балканот промовирана од радикални проповедници на салафистички и вахабистички групи. До крајот на 2016 Босна и Херцеговина, т.н. регион на Санџак, Прешево, Македонија, Косово и Албанија се сметаа за главни жаришта за радикализација, регрутирање и активности за олеснување на заминувањето на странските борци во Сирија. Регионот, исто така, е добро воспоставен и признаен пат за патување до и од конфликтните зони во Блискиот Исток преку Балканската рута.

Обученоста во герилско војување ги прави повратниците особено опасни за регионот. Исто така, заедничкото борбено искуство на овие поединци повратници може да ги надмине етничките и националните граници по нивното враќање дома и може да претставува значајна закана за регионот. Присуството на нелегално оружје во изобилие, особено мало и лесно оружје, како и мини и експлозивни направи е значително безбедносно прашање и без опасноста од радикалниот ислам. Бројот на апсења направени низ регионот на Балканот го потврдуваат тоа дека примарната терористичка закана за регионот е, и ќе продолжи да биде, џихадистички тероризам - претставена од двете повратници од конфликтната зона во Сирија и Ирак и радикализирани од дома и инспирирани поединци.

Загубата на територијата на Исламската држава во Ирак и Сирија исто така има драматични импликации за заканата од тероризам. На долг рок оваа загуба на најголем дел од теренот е добра вест и ја лишува организацијата од клучниот извор на регрутирање на борци, организирање и планирање на

напади. Многу експерти сметаат оти успехот на ИСИС во голем дел се базираше врз нивната способност постојано да напредуваат и освојуваат нови територии. Освен тоа, дел од привлечноста на групата беше тоа што тие успеаја да му се спротивставаат на светот со создавање на тврдења за крајот на светот и улогата на ИСИС во него, кои со нивната загуба е лесно да се побијат.

Сепак оваа загуба на територија и ресурси ја зголемува желбата на Исламската држава да продолжи клучниот приоритет на групата по што таа во голем дел се разликуваше од другите слични организации како создавањето, одржувањето и проширувањето на Исламската држава, но бидејќи оваа цел станува невозможна, а за да остане релевантна, групата мора да најде ново тло на кое ќе ги напаѓа непријателите и ќе привлекува нови поддржувачи. Затоа, не е изненадувачки што групата спроведе повеќе меѓународни напади во изминатите две години, бидејќи претрпе неуспеси и се префрли од тоа да ги повика своите следбеници да дејствуваат дома, наместо да патуваат во Сирија. Околностите на Балканот, со неговите економски и политички околности, подлогата на радикални исламски организации кои делуваат речиси неограничено во повеќето земји од Балканот и значителниот број на приврзаници, го прави Балканот идеално тло за продолжување на нивната битка. Притоа Балканот има значителна муслиманска популација, но и голем број на отворени прашања од етничка, политичка и религиозна природа кои лесно може да се искористат за продлабочување. Балканот исто така е Дар Ал-Харб, каде е легитимно продолжувањето на насилството во име на исламот. Не залудно ИСИС издаде и повик до муслиманите на Балканот на џихад.

Етничкиот и религиозниот идентитет одиграа голема улога за време на вооружените конфликти кои беснееја низ земјите од поранешна Југославија во периодот од 1991 до 2001 година. И по завршувањето на овие конфликти етничката и религиозната компонента сè уште се значаен извор на тензии и незатворени прашања кои политичарите ги негуваат и експлоатираат и ден денес. И денес во политичкиот дискурс се искористуваат спротивставените наративи како хрватскиот и српскиот наратив, бошњачкиот, хрватскиот и српскиот во Босна и Херцеговина, меѓу косовските Албанци и Србите, грчкиот и македонскиот и слично. Ова историско наследство континуирано се ревидира

за политичка мобилизација и како последица агресивните ставови кон другите религии се вкоренети кај некои балкански граѓани, и оди рака по рака со сè поголемите авторитарни тенденции во одредени земји на Балканот. Националистичките тензии и нестабилните држави на Балканот ја комплицираат борбата против радикалниот ислам и тероризмот, особено во земјите каде постои значајно муслиманско население, бидејќи на истата се гледа како акција за потиснување на другите. Ова е пример особено во Македонија, каде властите се воздржуваат од преземање на посериозни акции против радикални муслимански групи под стравот оти истите можат да предизвикаат етнички тензии, а тоа во голем дел се случува и во Србија.

Опасноста од радикалниот ислам на Балканот исто така е зголемена поради блиските врски и соработката помеѓу криминалните мрежи на организиран криминал на Балканот и исламските радикали. Генерално Балканот е традиционално поле на делување на групи на организиран криминал кои се занимаваат со шверц со наркотици, оружје и трговија со луѓе, а голема улога одиграа и во шверцот со мигранти по Балканската рута меѓу другото и поради географската конфигурација и тешкотијата за контрола на теренот.

Исто така, доволно е проучена и поврзаноста помеѓу организираниот криминал и терористичките групи, нешто што аналитичарите уште го нарекуваат и брак од корист. Еден загрижувачки тренд при разгледувањето на заканата од радикалниот ислам на Балканот е создавањето на сојузи помеѓу радикалните исламски групи и криминалните. Само прашање на време е кога радикалните групи ќе се свртат кон организираниот криминал како извор на финансирање на своето делување. Постојат бројни докази од Европа оти радикалните исламисти ги користеле изворите на средства од нелегални активности да ги финансираат терористичките операции, а според некои истражувања криминалните извори се втор најчест извор на финансирање на тероризам. Како што земјите од регионот се свртуваат кон Европа со сè поголема интеграција во неа, ќе се намалуваат изворите на финансирање кои доаѓаат од Саудиска Арабија и други богати земји од Блискиот Исток. Со приближувањето кон ЕУ на земји како Македонија, Србија и Црна Гора, ќе се

создаде поголема можност за ваквите криминални и радикални групи да ги прошират своите мрежи во Европа.

Дополнителен факт кој оди во прилог на организираниот криминал се странските борци од Балканот. Статистиките покажуваат оти голем број од овие индивидуи имале криминално минато пред да ја прифатат радикалната исламска идеологија. Со нивното враќање во татковините по загубата на Исламска држава, Ал Нусра и другите терористички организации, и слабите мерки за дерадикализација и интегрирање, како и лошите економии со слаби можности за вработување, голема е веројатноста овие индивидуи да бидат вклучени во организиран криминал како екстензија на нивните радикални активности. Затоа борбата со организираниот криминал и неговото сузбивање на Балканот секако ќе влијаат на успешноста на радикалните исламски групации на балканскиот простор.

Враќањето на радикалните исламски борци секако е една од најголемите закани врз краткорочната и долгорочната безбедност на Балканот. Иако бројот на странски борци од Балканот претставува мала бројка на индивидуи во поглед на вкупната популација, па дури и во однос на муслиманското население, со оглед на целокупните околности во регионот, треба да постои голема загриженост кај безбедносните агенции. Заканата е многу голема на краток рок, особено бидејќи ќе се вратат голем број на луѓе кои се радикализирани, имаат борбено искуство и знаат како да ракуваат со оружје. Неуспехот на бојното поле во Сирија исто така ги прави поподготвени да се докажат со напади на важни цели со можност за продолжување на радикалниот повик на ИСИС. Голем број на нападите во изминатите две години во Европа всушност беа извршени од луѓе кои неодамна се вратиле од ИСИС.

Исто така постои голема можност од групирање, т.е. борци повратници ќе се поврзат со луѓе со исто искуство и ќе формираат терористички мрежи, а поддршка ќе најдат во истите радикални исламски организации на Балканот кои веќе служат како центри за ширење на вахабистичка и салафистичка идеологија и регрутирање на борци.

Заканата пак на долг рок во голем дел зависи од успехот на државите да ги интегрираат овие повратници во општествените текови, што секако нема да биде лесна задача со оглед на тоа што нивната неинтегрираност била можеби основна причина за нивната радикализација. Заканата од нив во голем дел зависи и од тоа под какви услови заминале од ИСИС, т.е. дали причината била разочарување и неисполнување на очекувањата, дали биле вратени или протерани од ИСИС и слично, што претпоставува различни нивоа на опасност.

# Библиографија

1. Ahmad Moussalli, Wahhabism, Salafism and Islamism: Who Is The Enemy?, American University of Beirut, 2009
2. Alessandro Ricci, Islamic Radicalism, Jihad and Geography of Uncertainty, Bollettino della società geografica italiana roma - serie xiii, vol. viii, 2015
3. Amin Maalouf, In the Name of Identity: Violence and the Need to Belong, Arcade Publishing, 2001
4. Anton Grizold, Nina Skočajič Juvan, The complex of security in the western Balkans: processes and issues, Teorija in praksa let. 54, 2017
5. Aristotle Tziampiris Assessing Islamic Terrorism in the Western Balkans: The state of the debate, , Journal of Balkan and Near Eastern Studies, Vol. 11, No. 2, 2009
6. Arben Kullolli, Proselytization In Albania By Middle Eastern Islamic Organizations, Master Thesis, 2009
7. Arturo Varvelli, Jihadist Hotbeds: Understanding Local Radicalization Processes, Edizioni Epoké, 2016
8. Barry Buzan, People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era, Second Edition, 1991
9. Berna D. Dustin, Islamic Fundamentalism: A Quantitative Analysis, Peace and Conflict Studies: Vol. 19: No. 1, Article 5, http://nsuworks.nova.edu/pcs/vol19/iss1/5, 2012
10. Bernard Lewis, The Roots of Muslim Rage, The Atlantic, 1990 https://www.theatlantic.com/magazine/archive/1990/09/the-roots-of-muslim-rage/304643/
11. Bernard Lewis, The crisis of Islam: holy war and unholy terror. The Modern Library New York, 2003
12. Bin laden and the Balkans: The politics of anti-terrorism, ICG Balkans report n° 119, 2001
13. Bogdan Sekulic, To Remove the Anathema, Politicka misao, Vol. XXXVI, No. 5, 1999

14. Bülent Sarper Ağır, Traditional Security Issues of the Western Balkans: Actors, Causes and Implications, The Turkish Yearbook of International Relations, Volume 45, 2014
15. Bosnia's Role in the Syrian Conflict, Peace Research, December 2013, https://www.lancaster.ac.uk/fass/centres/richinst/docs/Formatted%20reports/Bosnia.pdf
16. Christopher Deliso, The coming Balkan caliphate: The Threat of Radical Islam to Europe and the West, Praeger Security International, 2007
17. Csaba Törö, EU Security Enterprises of Conflict Prevention Through State-Building In The Balkans: Preparation And Recipe For Engagements In The European Neighbourhood? Perceptions, Autumn - Winter, 2006
18. Daesh and the terrorist threat: from the Middle East to Europe, FEPS – Foundation for European Progressive , 2015
19. Darko Trifunovic, Islamic Terrorism and al-Qaeda in the Balkans (Testimony of a former al-Qaeda lieutenant), International Strategic Studies Association ISSA, 2014
20. Darko Trifunovic, Terrorist Threats by Balkan Radical Islamist to International Security, The Politics and Religion Journal, 2014
21. Dina Al Raffie, Social Identity Theory for Investigating Islamic Extremism in the Diaspora, Journal of Strategic Security 6, no. 4, 2013, http://scholarcommons.usf.edu/jss/vol6/iss4/4
22. Danuta Gibas-Krzak, Contemporary Terrorism in the Balkans: A Real Threat to Security in Europe, 2014 http://www.tandfonline.com/loi/fslv20
23. Didem Doganyilmaz Duman, Alevi - Bektashi Belief in Balkans: A Historical Legacy, 2016 http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/article/view/1489
24. Dragan Simeunović, Adam Dolnik, Security Threats of Violent Islamist Extremism and Terrorism for South East Europe and beyond, in Sharyl Cross et al., (eds.), Shaping South East Europe's Security Community for the Twenty-First Century: Trust, Partnership, Integration, Palgrave Macmillan, 2013
25. Dragoljub B. Đorđević, Dragan Todorović, Ljubiša Mitrović, Islam At The Balkans In The Past, Today And In The Future, Yugoslav Society For The Scientific Study Of Religion,YSSSR Anuual – YEAR XIV, 2007

26. Enri Hide, Islamic Extremism in the Balkans as a Geopolitical Instrument, , Mediterranean Journal of Social Sciences, 2014
27. Evangelos Venetis, Islam emerging on the Balkans, Working Paper Nr 68/2015, 2015
28. Erjada Progonati, The Balkan region as a new target for the Iranian-Israeli political rivalry, İran-İsrail Siyasi Rekabeti İçin Yeni Hedef Balkan Bölgesi, http://dergipark.gov.tr/download/article-file/391586
29. Evan Kohlmann, Al-Qaida's Jihad in Europe: The Afgan-Bosnian Network, Kholman, Oxford: Oxford University Press, 2004
30. Examining the Nexus between Organised Crime and Terrorism and its implications for EU Programming, https://icct.nl/publication/examining-the-nexus-between-organised-crime-and-terrorism-and-its-implications-for-eu-programming;
31. Gérard Chaliand, Arnaud Blin The history of terrorism : from antiquity to al Qaeda, The Regents of the University of California, 2007
32. Graham E. Fuller, The Future of Political Islam, Palgrave MacMillan, 2003
33. Henry Perritt, Kosovo Liberation Army: The Inside Story of an Insurgency, University of Illinois Pres, 2008
34. Hilal Khashan, The New World Order and the Tempo of Militant Islam." British Journal of Middle Eastern Studies 24(1): 5-24, 1997
35. Hristo Voynov, "ISIS and the Balkans: Part Two," Vostokian Magazine , July 11, 2015
36. Ina Merdjanova, Rediscovering the umma: Muslims in the Balkans between nationalism and transnationalism, Oxford University Press, 2013
37. International Crisis Group. Indonesia Backgrounder: Why Salafism and Terrorism Mostly Don't Mix. Asia Report N°83. Brussel, 2004 http://www.seasite.niu.edu/indonesian/islam/83_indonesia_backgrounder_why_salafism_and_terrorism_don_t_mix _web.pdf
38. István Gyarmati, Darko Stancic, Study on the Assessment of Regional Security Threats and Challenges in the Western Balkans, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces DCAF, 2007
39. Islamic Terrorism and the Balkans, CRS Report for Congress, 2005

40. Israeli Security Concerns and the Balkans, Balkanalysis, http://www.balkanalysis.com/bulgaria/2013/03/31/israeli-security-concerns-and-the-balkans, 2013
41. Ivan Vukicevic, Wahhabi movement – with cases from Bosnia and Serbia, , Master Thesis, University of Macedonia, Department of Balkan, Slavic and Oriental studies, 2013
42. Jossef Bodansky, Nadia May, Osama Bin Laden: The Man Who Declared War on America, Prima Publishing Co., 1999
43. John O. Voll, Islam and Democracy: Is Modernization a Barrier?, In Modernization, Democracy, and Islam, New York, NY: Praeger, 2004, https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1111/j.1749-8171.2006.00017.x
44. Kenneth Morrison, Wahhabism in the Balkans, Balkan Series, Advanced Research and Assessment Group, Defense Academy of the United Kingdom, 2008
45. Lydia Wilson, Understanding the Appeal of ISIS, New England Journal of Public Policy: Vol. 29 : Iss. 1 , Article 5, 2015
46. Muhammad Ahmad Munir,The Rise of Sunnite-Hanafite Law School in the Ottoman Empire, http://www.academia.edu/1163316/The_Rise_of_Hanafism_in_Ottoman_Empire
47. Murad Wilfried Hofman, Muslims as Co-Citizens of the West... Rights, Duties & Prospects, https://i-epistemology.net/v1/attachments/499_V14N4%20Winter%2097-Hofmann%20-%20Muslims%20As%20Co-Citizens%20in%20the%20West.pdf
48. National Identity, Islam and Politics in the Balkans and Balkan, Diasporas, Brückenschläge – "Bosnischer Islam" für Europa, Akademie. der Diözese Rottenburg-Stuttgart, Stuttgart-Hohenheim, 2009
49. Nóra Pákozdi, György Nógrádi, Radical Settlements In The Balkan, International security https://honvedelem.hu/files/files/64874/hsz_20171_159_176_angol.pdf

50. Nadezhda Arbatova, European Security and International Terrorism: the Balkan Connection, Journal of Southeast European and Black Sea Studies", Vol. 4, No. 3, 2004
51. Nina Skočajič Juvan, Anton Grizold The complex of security in the western balkans: processes and issues, https://www.fdv.uni-lj.si/docs/default-source/tip/tip_02_2017_skocajic_grizold.pdf?sfvrsn=2
52. Phil Williams, Transnational Criminal Networks", US: RAND Corporation, 2007
53. Richard Barrett, Beyond the Caliphate: Foreign Fighters and the Threat of Returnees, Soufan Group, 2017, http://thesoufancenter.org/wp-content/uploads/2017/11/Beyond-the-Caliphate-Foreign-Fighters-and-the-Threat-of-Returnees-TSC-Report-October-2017-v3.pdf
54. Robert Jackson, QuasiStates: Sovereignty, International Relations and the Third World,Cambridge CUP, 1990
55. Samuel Huntington, Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, , New York: Simon & Schuster, 1997
56. Serbia's Sandzak: Still Forgoten, International Crisis Group Report no. 162, 2005 https://www.crisisgroup.org/europe-centralasia/balkans/serbia/serbias-sandzak-still-forgotten
57. Shaul Shay, Islamic Terror and the Balkans, New York Transition Books 2007
58. Shahriyar Rahimi, Abdul Amir Jorfi , The Consequences and Risks of Salafism and Extremism in Balkan on the Region and World, Department of Regional Studies, Shiraz Branch, Islamic Azad University, Shiraz, Iran, Australian Journal of International Social Research, 2016
59. Soufan Group, "Foreign Fighters: An Updated Assessment of the Flow of Foreign Fighters into Syria and Iraq, 2015 http://soufangroup.com/wpcontent/uploads/2015/12/TSG_ForeignFighters Update_FINAL.pdf
60. Vera Zakem, Bill Rosenau, and Danielle Johnson, Shining a Light on the Western Balkans Internal Vulnerabilities and Malign Influence from Russia, Terrorism, and Transnational Organized Crime, 2017
61. Towards a new European security strategy? Assessing the impact of changes in the global security environment, Directorate General For External Policies, Policy Department, 2015

62. Тони Милески, Марио Шаревски, Концептуализација на политичката карта на Балканот, Безбедносни дијалози, година 5 број 1, 2014
63. The Bosnian Book of the Dead, http://www.hicn.org/wordpress/wp-content/uploads/2012/07/rdn5.pdf
64. The Future Geopolitical Patterns and the Balkan States Prediction from the Perspective of Geopolitical Theory, European Quarterly of Political Attitudes and Mentalities - EQPAM, Volume2, No.2, 2015
65. The European Union and the Fight Against Terrorism, EU Council Secretariat Factsheet, 2013 http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cmsUpload/FactsheetfightagainstterrorismENrev1.pdf
66. The Illicit Drug Trade Through South-Eastern Europe, UNODC, 2014 https://www.unodc.org/documents/data-andanalysis/Studies/Illicit_DT_through_SEE_REPORT_2014_web.pdf
67. The Stabilization and Association Process for South East Europe, Commission of the European Communities, Third Annual Report, COM, 2004
68. Troy S. Thomas, Stephen D Kiser, William D. Casebeer, Warlords Rising: Confronting Violent Non-state Actors. Lexington Books, 2005
69. Wolfgang Benedek, Christopher Daase, Vojin Dimitrijevic, Petrus van Duyne, Terrorism and Organized Crime: One or Two Challenges?", Transnational Terrorism, Organized Crime and Peacebuilding, Human Security in the Western Balkans, eds., New York, Palgrave Macmillan, 2010
70. Wolfgang Benedek, Christopher Daase, Vojin Dimitrijevic Evidence on Linkages between Trans-State Terrorism and Crime Networks: The Case of Bosnia", Transnational Terrorism, Organized Crime and Peacebuilding, Human Security in the Western Balkans, eds., 2010
71. Xavier Bougarel, The role of Balkan Muslims in building a European Islam, , EPC Issue Paper No. 43, 2005

    Zsolt1 Bottlik,Geographical and historical aspects of the situation of Muslim population in the Balkans, Hungarian Geographical Bulletin 58 (4), 2009

*Линкови*

1. Lewis, B. 1990. "The Roots of Muslim Rage." The Atlantic, https://www.theatlantic.com/magazine/archive/1990/09/the-roots-of-muslim-rage/304643/, пристапено на 5.5.2018
2. Encyclopædia Britannica Online, https://www.britannica.com/place/Balkans/images-videos
3. Encyclopaedia Britannica Online, https://www.britannica.com/biography/Sayyid-Qutb, пристапено на 5.5.2018
4. Encyclopaedia Britannica Online, https://www.britannica.com/biography/Abul-Ala-Mawdudi, пристапено на 5.5.2018
5. https://en.wikipedia.org/wiki/Israr_Ahmed
6. https://counterjihadreport.com/tag/jihad-by-the-sword-jihad-bis-saif/
7. Encyclopaedia Britannica, https://www.britannica.com/topic/Sunnah, пристапено на 5.5.2018
8. Limes, Il network jihadista nei Balcani http://www.limesonline.com/il-network-jihadista-nei-balcani/105747, пристапено на 5.5.2018
9. http://foreignpolicynews.org/2016/12/01/role-europe-balkan-regions-geopolitical-crossing/
10. One belt, one road: https://www.mckinsey.com/featured-insights/china/chinas-one-belt-one-road-will-it-reshape-global-trade
11. Intenational Center for Transitional Justice, https://www.ictj.org/our-work/regions-and-countries/former-yugoslavia Пристапено на 04.05.2018
12. The Bosnian Book of the Dead, http://www.hicn.org/wordpress/wp-content/uploads/2012/07/rdn5.pdf, пристапено на 5.5.2018
13. https://www.upi.com/Archives/1992/10/26/Bosnian-leader-travels-to-Mideast-seeking-guns-money/7618720075600/
14. Њујорк Тајмс, Иран испратил оружје во Босна, 1992 https://www.nytimes.com/1992/09/10/world/iran-said-to-send-arms-to-bosnians.html
15. BBC, Who are the rebels? http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/1231596.stm, пристапено на 5.5.2018
16. https://www.globalpolicy.org/component/content/article/154/26821.html, пристапено на 5.5.2018
17. Dettmer, J., Al-Qaeda's Links in the Balkans; Macedonian Officials Contend the Bush Administration Largely Is Ignoring Intelligence Information That Has Connected Al-Qaeda Elements to Albanian Separatists, https://www.questia.com/magazine/1G1-90041160/al-qaeda-s-links-in-the-balkans-macedonian-officials, пристапено на 5.5.2018
18. Вечер: Муџахедините се тука две децении, а во Сирија и Ирак се нивните ученици, https://vecer.mk/makedonija/dojdoa-se-borea-i-si-zaminaa-sega-se-na-red-nivnite-uchenici, пристапено на 6.5.2018
19. [1] Дневник (архива): Пронајдени списоци со имиња на муџахедини (5.10.2001)
20. Вечер, Вахабисти врбуваат борци за џихад во Македонија https://vecer.mk/makedonija/vahabisti-vrbuvaat-borci-za-dzhihad-vo-makedonija, посетен на 5.5.2018

21. International Crisis Group Report no. 162, Serbia's Sandzak: Still Forgoten , https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/balkans/serbia/serbias-sandzak-still-forgotten, пристапено на 5.5.2018
22. http://www.patchworkbalkan.org/node/185, пристапено на 5.5.2018
23. Reuters: Western Balkan economies could take up to 200 yrs to catch up with EU –EBRD, https://www.reuters.com/article/emerging-markets-balkans/western-balkans-economies-could-take-up-to-200-yrs-to-catch-up-with-eu-ebrd-idUSL8N1QG3HS, пристапено на 5.5.2018
24. Balkan Insight: Albania and Bosnia Lag in Europe GDP Table, http://www.balkaninsight.com/en/article/purchasing-power-in-region-far-below-eu-average, пристапено на 5.5.2018
25. UNODC, "The Illicit Drug Trade Through South-Eastern Europe," https://www.unodc.org/documents/data-andanalysis/Studies/Illicit_DT_through_SEE_REPORT_2014_web.pdf
26. https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/te-sat-2012-eu-terrorism-situation-and-trend-report, пристапено на 5.5.2018
27. National Post: How the 'catastrophic' American decision to disband Saddam's military helped fuel the rise of ISIL http://nationalpost.com/news/world/how-the-catastrophic-american-decision-to-disband-saddams-military-helped-fuel-the-rise-of-isil, пристапено на 5.5.2018
28. The Telegraph: Majority of Paris attackers used migration routes to enter Europe https://www.telegraph.co.uk/news/2016/10/02/majority-of-paris-attackers-used-migration-routes-to-enter-europ/, пристапено на 5.5.2018
29. Мета: Мажи со долги бради и традиционална исламска облека шетаат низ Битола http://meta.mk/tag/radikalen/, пристапено на 5.5.2018
30. https://en.wikisource.org/wiki/CIA_Report_on_NGOs_With_Terror_Links#HUMAN_CONCERN_INTERNATIONAL_(HCI)
31. Times of Israel: Bulgaria reveals new evidence on Hezbollah-Burgas, http://www.timesofisrael.com/bulgaria-reveals-new-evidence-on-hezbollah-burgas-link/, пристапено на 5.5.2018
32. https://jihadology.net/2015/06/04/al-%E1%B8%A5ayat-media-center-presents-a-new-video-message-from-the-islamic-state-honor-is-in-jihad-a-message-to-the-people-of-the-balkans/, пристапено на 5.5.2018
33. Jutarnji Vjesti:Tko je Nerdin Ibric? https://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/tko-je-nerdin-ibric-napadacu-iz-zvornika-vojska-republike-srpske-ubila-je-oca...-prije-tri-godine-poceo-je-pustati-bradu/380359/, пристапено на 5.5.2018
34. Beyond the Caliphate: Foreign Fighters and the Threat of Returnees, Soufan Group, 2017, http://thesoufancenter.org/wp-content/uploads/2017/11/Beyond-the-Caliphate-Foreign-Fighters-and-the-Threat-of-Returnees-TSC-Report-October-2017-v3.pdf
35. https://www.rand.org/blog/2018/04/turkeys-double-standard-how-ankaras-actions-contradict.html, пристапено на 5.5.2018
36. Експрес МК: Села: На 27 април имаше Албанци со калашникови на Камен мост! http://expres.mk/села-на-27-април-имаше-албанци-со-калашникови/, пристапено на 5.5.2018
37. The Washington Post: Islamic State attacks Kobane 5 months after ouster; scores reported killed https://www.washingtonpost.com/world/islamic-state-returns-to-kobane-five-months-after-it-was-driven-out/2015/06/25/43498253-efce-44f8-bc6d-

3000acc87d4e_story.html?noredirect=on&utm_term=.9799901b78a5, пристапено 5.5.2018

*Листа на слики и прикази*

1. Слика 1 Карта на Балканскиот Полуостров, Извор: Encyclopædia Britannica Online. Web. 28 Feb. 2018 23
2. Слика 2 Зелената трансферзала и присуството на џихадистички мрежи, Лимес 2018 49
3. Слика 4 Балканската рута, Извор: Deutche Welle, 15 February 2016